KIII 676

инв. бр 29924

**Универзитет „ Св. Кирил и Методиј “**

**Филозофски факултет**

**Институт за историја**

Магистерска работа:

# Сојуз на македонските политички организации (МПО)

**Ментор:**

проф. д-р Никола Жежов

**Кандидат:**

Славица Момчиловиќ

Бр. на индекс: 4787/14

Скопје, 2017

## Содржина

**Вовед...................................................................................................................1**

## ГЛАВА ПРВА

ФОРМИРАЊЕ НА МПО

1.1. Основањето на организацијата..........................................................................5

1.2. Устав на МПО.......................................................................................................9

1.3. Печатен орган на организацијата.....................................................................13

## ГЛАВА ВТОРА

СОЗДАВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА МПО

2.1. Локалните организации на МПО во САД........................................................26

2.2. Локалните организации на МПО во Канада.....................................................43

2.3. Локалните организации на МПО во Австралија...............................................45

## ГЛАВА ТРЕТА

АКТИВНОСТА НА МПО ( 1923-1945 )

3.1. Конгреси на МПО ( 1923-1945 )........................................................................48

3.2. Декларации ( 1928-1945 )...................................................................................53

3.3. Отчети за дејноста на ЦК на МПО ( 1925- 1943 )............................................63

3.4. Циркуларни писма на ЦК на МПО упатени до раководствата на МПО во САД и Канада
..............................................................................................................................79

3.5. Контакти на МПО со другите организации......................................................85

3.6. Положбата на македонската емиграција во 1941-1945....................................97

**Заклучок...............................................................................................................113**

**Заклучок......................................................................................................................113**

**Користена литература.......................................................................................118**

# Вовед

Најнапред пред да започнеме со анализирањето на оваа емигрантска организација, потребно е да ги разгледаме причините кои придонеле за иселувањето на огромен број на Македонци од својата татковина во овој период. Преселувањето како процес е постојано присутно во животот на македонскиот народ. Причините за иселувањето отсекогаш биле од најразличен карактер, односно од политички, воен и економски. Историјата на современото македонско иселеништво е тесно поврзано со борбите на македонскиот народ за национално и социјално ослободување, пред се на борбата за ослободување од османлиската власт и воопшто во борбата за ослободување од сите потисници и поробувачи, за државно конституирање на Македонија.

Поттикот на иселувањето од Македонија во вистинска смисла на зборот започнува по поразот на Илинденското востание. Во овој период иселувањето било насочено најпрвин кон соседните земји, Бугарија и Австро-Унгарија, централна Европа, но и кон Соединетите Американски држави и Канада[1]. Во тој период биле формирани иселенички колонии од Македонија во: Торонто, Канада, Гери - САД итн. Бранот на иселувањето од Македонија особено се засилил по востанието, во периодот на пустошењата на шовинистичките вооружени пропаганди. Ѓорче Петров во една негова статија од 1909 год., тврди дека во периодот од 1903-1906 година, од Македонија во Америка се иселиле околу 50 илјади луѓе, од кои 18 илјади останале таму да живеат. Како што гледаме целта на македонските иселеници биле: САД, Канада, Австралија и други земји на Американскиот континент. Помасовното доселување во Австралија започнало по завршувањето на Првата светска војна. Познато е дека во периодот од 1912-1918 год., територијата на Македонија претставувала арена на воени дејствија меѓу завојуваните сили. Во ова време била изложена на долго и трајно разорување, грабеж и пустошење во време на војната. Процесот на иселување продолжил и понатаму. Колкав број на Македонци во овој период се отселиле не е познато[2].

---

1. Драгомир Богданов, МРО (Macedonian Patriotic Organization) 1922-2012. 90 Years Struggle for Freedom, Chicago, Il, USA, 2012, 7стр.
2. Вид.: Д-р Иван Катарџиев, Македонија и Македонците во светот, ММ Скопје 1996год., 22стр.

Во врска со иселувањата во меѓувоениот период, располагаме со следните податоци: најпрвин во егејскиот дел на Македонија од 1920-1940 год., бројот на македонското население се смалил на 56 илјади луѓе. Бугарските извори бележат дека врз основа на „ Нејската конвенција ", за „ доброволна " размена на населението по редовен пат во Бугарија се населиле 32.232 лица. Кон оваа бројка треба да се додадат и околу 40 илјади Македонци муслимани кои како Турци биле иселени во Турција. Од досега изложеното може да се согледа дека правците на иселување во првата етапа во ова време биле Бугарија и Турција. Најголемиот дел од преселените во Бугарија се населувале во Пиринскиот дел на Македонија. Врз основа на бугарската статистика за 1922 година, во тоа време во Петричкиот округ се населиле 4.196 семејства со 18.637 луѓе. Меѓутоа наведените податоци не ја даваат целосната слика на иселувањето како од Егејскиот, така и од Вардарскиот дел на Македонија. Знаеме дека еден дел од бегалците од Егејска Македонија се населувал во пограничните делови на денешна Република Македонија, а друг се упатил кон прекуокеанските земји.

Почетокот на Втората светска војна е пресвртница во иселувањето од Македонија. Со почетокот на војната прекинал процесот на тивкото иселувње, поточно бил сведен на минимален број случајни иселувања, бидејќи вниманието на луѓето било насочено кон шансите на борбата на демократските сили против фашизмот за остварување на вековните идеали за самоопределување и државно конституирање на Македонија. Денес се претпоставува дека бројот на македонското иселеништво на Запад - во Европа, Америка и Австралија изнесува околу 600.000 илјади луѓе. Односно во Австралија околу 200 илјади луѓе, главно сконцентрирани во федералните држави Викторија, во прв ред Мелбурн, Нов Јужен Велс - Сиднеј и Вулонгог, Западна Австралија - Перт и Јужна Австралија - Аделаида. Во областа Камбера, бројна група Македонци живеат во Квинбиен. Во Канада околу 150 илјади луѓе, кои најмногу ги има во провинцијата Онтарио со главен град Торонто, потоа во Хамилтон и Виндзор. И во САД живеат околу 150 илјади луѓе, сконцентрирани во: Детроит, Гери, Колумбус, Чикаго, Њујорк, Бафало, Сиракуз, Рочестер и други[3].

---

3. Ibid, 34.

Во врска со бројот на македонските иселеници во латинска Америка, пред се во Аргентина се смета дека живеат 20 илјади, додека за Бразил бројот е сосема непознат. Врз основа на погоре изложеното може да се каже дека основната причина за иселувањето од Македонија е од политичка природа. Борбата за национално и социјално ослободување и конституирање на самостојна држава, настојувањето на соседните држави да владеат со Македонија и да извршат денационализација и асимилација на македонскиот народ. Се подразбира дека за иселувањето постојат и социјални причини, кои ќе се одразат по завршувањето на Втората светска војна.

Потребно беше да ги согледаме причините за иселувањето на нашиот народ од Македонија, чие иселување е најтесно поврзано со историските настани започнувајќи од 1903 па се до 1945 година, односно неуспехот од Илинденското востание, Првата светска војна, меѓувоениот период и Втората светска војна.

Најтрагичен момент во нашата историја е Букурешкиот мировен договор од 1913 година, според кој Македонија беше поделена на три дела: Вардарска, Пиринска и Егејска[4]. Делови кои никогаш не се обединија, но Македонците кои живееа во нив ја носеа во нивното срце Македонија, својата татковина. Исто така битен момент претставува пропагандната и завојувачката политика водена од нашите соседни земји, кои отсекогаш имаа територијални аспирации кон Македонија, секоја од нив се стремеше да си ги прошири границите колку што е можно повеќе. Не може да се заборави дејствувањето на српската, грчката и бугарската пропаганда. Познато е дека во македонското револуционерно движење се појавиле леви и десни струи и организации[5]. Во вторите како десна организација се вбројува токму и оваа организација. Од изворните податоци со кои располагаме, дознаваме дека Македонската патриотска организација е една од најстарите организации со изразена политичка преокупација на пробугарска основа.

---

4. Д-р Никола Жежов, Македонското прашање во југословенско- бугарските дипломатски односи (1918- 1941 ), Скопје 2008.
5. Златна Книга 100 години ВМРО, Д-р Александар Трајановски, Д-р Михајло Миновски, Д-р Александар Апостолов, Д-р Даринка Пачемска-Петреска, Љупчо Георгиевски, Глас на ВМРО-ДПМНЕ, Скопје 1993., 168 стр.

Раководството на ВМРО и на Извршниот Комитет, своето внимание го насочиле кон придобивање на македонската емиграција во Америка и Канада. Бројот на македонската емиграција во овие прекуокеански земји по Првата светска војна изнесувал 35-40 000 луѓе, главно економска емиграција и населена во поголемите индустриски центри. Политичкото ангажирање на македонската емиграција во Америка и Канада во подршката на борбата на македонскиот народ за ослободување и за обединување на распарчената татковина се интензивирало особено од 1922 година, кога биле основани 23 друштва во поголемите градови - центри во САД и Канада[6].

Оваа организација била основана на 1 октомври 1922 година во градот Форт Вејн, во државата Индијана. Во почетокот се залагала за остварувањето на илинденските идеали - создавање на слободна и обединета Македонија. Таквата политичка определба траела се до 1927 година, кога во Канада пристигнал пробугарски определениот Јордан Чкатров, кој успеал оваа организација да ја стави под влијание на Иван Михајлов. За оваа организација не постоела македонската нација. Македонија била географски поим, а Македоците се Бугари[7].

Сега ќе пристапиме кон анализирањето на оваа организација, започнувајќи од нејзиното формирање, па ќе разгледаме каква била и на кој начин се одвивала нејзината активност.

---

6. Зоран Тодоровски, „ Тодор Александров “, Државен архив на Република Македонија, Македоника Литера, Скопје 2014, 81 стр.
7. Д-р Иван Катарџиев, Македонија и Македонците во светот, ММ Скопје 1996 год., 89стр.

# ГЛАВА ПРВА

# ФОРМИРАЊЕ НА МПО

## 1.1. Основањето на организацијата

И покрај тоа што македонската емиграција била далеку од својата татковина, таа со силен копнеж и длабоко патриотско чувство ќе започне културно и политички да се оргнизира и обединува. Според изворните податоци со кои располагаме, најпрвин дознаваме дека Основачкиот конгрес бил одржан на 1 октомври 1922 година во Форт Вејн, Индијана[8].

Во неговата работа завзеле учество претставници од 11 братства, меѓу кои: македонското братство „ Прилеп “, Стилтон, Пенсилванија, братството „ Независност “ во градот Дукејн, Пенсилванија, братството во градот Индијанополис, Индијана, организацијата Гери, Индијана, братството во Детроит Мичиген, братството во градот Ленсинг Мичиген, братството „ Илинден “, Њујорк, братството во Дејтон, Охајо. Братствата во Спрингфилд и Синсинати ( Охајо ), кои неможеле да испратат делегати, со телеграма го поздравиле конгресот и апелирале за обединувањето на сите македонски здруженија во Америка под знамето на македонските идеали. Конгресот бил отворен од страна на Атанас Стефанов, претседател на братсвото „ Костур’’ од градот Форт Вејн, Индијана. Во својот говор тој ја споменува трагичната судбина на поробеното население од Вардарска и Егејска Македонија. Тој смета дека наместо да се разделува во одделни братства, емиграцијата треба да се обедини во моќна организација. За претседател на постојаното биро, бил избран г-ин Михаил Николов, а за потпретседател Коста Попов[9].

---

8. Ставре Циков, Четврта емигрантска Македонија, Аз-Буки 2007год., 36стр.
9. Коста Попов бил роден во с. Владово, Воденско. Во 1907 год., завршил трети курс на бугарското педагошко училиште во Скопје. Тој престојувал во Македонија до Балканските војни. Во 1913 год., бил принуден поради грчкиот терор да емигрира во Америка. Завземал учество во македонското ослободително дело. Во Америка тој продолжил непрекинато да работи за народното дело и бил член на поранешниот Македонски - бугарски сојуз во Америка. Коста Попов бил еден основачите на Сојузот на МПО, делегат на основачкиот конгрес.

На 2 октомври 1922 год., делегатите информирале за позициите на локалните патриотски организации. Сите се согласиле, дека македонската емиграција во Северна Америка не може да стои настрана од борбата на поробена Македонија, за отфрлувањето на тешките одредби на Нејскиот договор.

Според д-р Иван Гаджев населението се изјаснувало дека се Бугари по национална припадност, но сепак преовладувало мислењето дека всушност станува збор за создавање на слободна и независна Македонија. Делегатите се обединиле околу ова мислење, бидејќи тоа би ги неутрализирало евентуалните протести од страна на Атина и Белград, и ќе ги збунело Големите сили, кои се плашеле од создавањето на една силна бугарска држава во центарот на Балканскиот Полуостров. Одвоени во својата национална заедница, патриотите од Стариот крај ќе биле спасени од насилната асимилација, а при благопријатна атмосфера слободна Македонија можела да биде сигурна платформа за создавање на Балканска конфедерација, во која што националните малцинства би имале загарантирани граѓански права и слободи. Во нејзините рамки всушност ќе се достигнело и национално обединување на целиот „ бугарски народ “[10].

Сепак ова е размислувањето на овој автор, што неможе да се земе во предвид како веродостојно, бидејќи тој Македонците ги карактеризира како „ македонски бугари “, македонската емиграција како „ македонско - бугарска “ и на крајот споменува обединување на „ бугарскиот народ “, а меѓу делегатите преовладувало мислењето за создавање на слободна и независна Македонија. Сега се поставува следното прашање - Како делегатите, се изјаснувале како „ Бугари “, според национална припадност, а се залагале за создавање на слободна и независна држава? Всушност тука се истакнува влијанието на бугарската пропаганда која Македонците сака да ги прикаже како Бугари, а исто така познати ни се и одредбите на Нејската конвенција за „ доброволна “ размена на населенијата меѓу Бугарија и Грција.

---

10. Македонски алманахъ, Ц.К. на Македонските политически организации въ Съединените шати, Канада и Австралия, Индиана, 1940 год., 222стр.

Во почетокот оваа организација имала промакедонска ориентација, се залагала за остварувањето на илинденските идеали - **слободна и обединета македонска држава.** Откако пристигнал соработникот на Иван Михајлов - Јордан Чкатров[11] во Канада, тој успеал оваа организација да ја стави под влијанието на Иван Михајлов. За таквата организација Македонија е географски поим, а Македонците се Бугари. На четридневното собрание Македонците донеле решение организацијата да се вика **СОЈУЗ НА МАКЕДОНСКИТЕ ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО САД И КАНАДА,** скратено **МПО.**

Потоа се пристапило кон избор на раководството на Централниот Комитет. Првиот ЦК на Сојузот на македонските политички организации во САД и Канада ( со привремено седиште во градот Форт Вејн, Индијана ), го имал следниот состав: претседател Атанас Стефанов, од Форт Вејн, потпретседател Трајан Николов од Индијанополис, секретар Михаил Николов, благајник Атанас Лебамов, и двајцата од Форт Вејн, советник Павел Ангелов, од Чикаго. За членови на контролната комисија биле одбрани: Петар Досев, Милан Недев и Стефан Лазаров. Основачкиот конгрес на МПО бил затворен на 4 октомври, со одржан говор од страна на Михаил Николов[11]. На последниот ден од Основачкиот Конгрес, односно на 4 октомври бил усвоен **Уставот на МПО.** Тој бил изработен од страна на посебна комисија со која раководел Лазар Киселинчев, од с. Косинец, Костурско. Творецот на првиот Устав, Лазар Киселинчев бил секретар на македонското братство „ Илинден “ во Њујорк. Тој ќе се залага главна цел на уставниот проект, како и на политичката организација, да биде борбата на Македонците за самостојна и независна Македонија. Киселинчев сметал дека треба да постојат две посебни држави Македонија и Бугарија. Со тоа македонската емиграција сакала да си го заштити македонското потекло и да се одбрани од денационализаторската и асимилаторската политика над целиот македонски народ, кој бил окупиран и распарчен од Балканските монархии.

---

11. Поранешен секретар на ЦК на Македонските политички организации, избран на Третиот конгрес на МПО, во Форт Вејн Индијана на 31 август 1,2,3, и 4 септември. 1924год., Чкатров едногласно бил реизбиран за сојузен секретар на следните три конгреси на Сојузот.

Основањето на македонските организации во Америка било со единствена цел и желба „ сите чесни и доблесни Македонци и Македонки да се организираат во МПО “, да се „ обединат во борбата против поробувачите и предавниците на сите избркани Македонци од поробена Македонија “ и да се вклучат во Сојузот на МПО за „ да работат заеднички за слободата на татковината “. Понатаму, да ја истакнат својата солидарност со поробените сонародници во Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија, да даваат безрезервна подршка во борбата за отстранување на жестокиот окупаторски режим на српската и грчката власт и да не отстапуваат од борбата за создавање слободна, независна и обединета Македонија. Исто така, основна задача и должност што си ги поставиле македонските организации при своето основање во Америка биле: „ Македонецот е должен, каде и да се наоѓа, каква и да е неговата социјална положба, да ги подржува борците во Македонија, да ја запознае општествената јавност во Новиот свет со вистинската положба на Македонија, да ја придобие нејзината кауза, и да собира неопходни материјални средства за подршка на борбата во Македонија “. За основањето на македонските братства и за нивно поорганизирано политичко дејствување во однос на решавање на македонското прашање и ослободување на Македонија, ЦК на ВМРО и Извршниот комитет во Америка ги испратиле, Сребрен Поп Петров во 1922 година и Јордан Чкатров во 1924 година. Особено со доаѓањето на Јордан Чкатров, политичката активност на македонските братства во Америка и Канада значително се интензивирала, се проширила и станала помасовна, јасно дефинирајќи ја својата политичка ориентација во однос на ослободителните цели на македонското население во трите дела на Македонија и во однос на државно - правниот статус на Македонија, како посебна политичка единица на Балканот. Уште со доаѓањето во Америка, Јордан Чкатров изјавил: „ Македонците сакаат целосна независнот и се надеваат дека порано или подоцна ќе се создаде една балканска Република од сите балкански држави, односно федерални држави “[12].

12. Зоран Тодоровски, „ Тодор Александров “, Државен архив на Република Македонија, Македоника Литера, Скопје 2014, 83 стр.

## 1.2. Устав на МПО

Уставот е составен од осум параграфи, кои се однесуваат на: Целите, Средствата, Организацијата, Конгресите, Централниот Комитет, Финансиските средства, Контролната Комисиија и Општите одредби. Уставот е составен од 31 член. Во првиот дел од Уставот, односно во член 1. јасно стои дека македонската емигарција во САД и Канада без оглед на националната, верската, половата и политичката припадност, се залагала за организирана дејност во врска со ослободувањето на Македонија. Понатаму врз основа на чл. 2 ја дознаваме и целта на организацијата, односно да се бори на легален начин за независна Македонија во нејзините природни геогрфски и етнографски граници, и како таква треба да ги гарантира демократските, економските, социјалните права и слободи на секој граѓанин. Понатаму организацијата се залагала дека ќе работи на издигнувањето на македонската емиграција на културен план и на нивната политичка и социјална свест[13].

Потребните средства за реализирањето на горенведените цели биле следните: организацијата да ја организира македонската емигарција во САД и Канада во локални организации, да издава весници, книги и брошури за распространувањето на вистината во врска со македонската кауза, и да влијае врз јавното мислење за правилно разрешување на македонското прашање, да ги претставува македонските интереси пред законодавни тела и пред секоја меѓународна институција, да одржува конгреси, собранија, научни предавања за популаризирање на целта на организацијата. Исто така стои дека ќе се формираат и женски секции од македонки и од жени кои се мажени за Македонци. Нивното управување било определено со специјален правилник изработен и донесен на 6-от редовен годишен конгрес на МПО во Акрон, Охајо, Америка. Во однос на организациониот дел, во третиот дел од Уставот стои дека во секој дел од САД и Канада каде што има македонска емиграција може да се формира политичка организација, но во еден ист град не може да има повеќе од една. Редовен член на организацијата можел да биде секој полнолетен Макдонец, кој ги прифаќал и подржувал целите на организацијата и кој се обрвзувал да ги исполни нејзините решенија и наредби.

---

13. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1371, Устав на Сојузот на Македонските политички организации во САД и Канада, Индијанаполис, Индијана, 1928год., 4стр.

Помошен член можел да биде секој кој не е родум од Македонија, но истоимениот немал право ниту да гласа ниту да биде избран. Секоја една локална организација морала да се раководи според организациониот Устав и да ги запзува и заштитува правата на Централниот Комитет. Врховни органи на организацијата се: годишниот конгрес, вонредните конгреси и централниот комитет.

Годишните конгреси се свикувале еднаш годишно, вонредните како налагале околностите. Точниот датум, местото и потребата од свикување на последните се определувала по пат на референдум. Секоја организација за годишните и вонредните конгреси одбирала специјални делегати, чија бројност зависела од вкупниот број на нејзините членови. Секоја рганизација која броела од 7-30 редовни члена имала право да учествува на годишните и вонредните конгреси со по еден делегат, додека пак организацијата која броела од 30-60 редовни члена имала право да учествува на годишните и вонредните конгреси со два делегати и онаа организација која броела повеќе од 60 редовни члена имала право да биде претставувана од 3 делегати. Исто така наведено е дека организацијата која ги немала подмирено сметките со Централниот Комитет, немала право да завземе учество на Конгресот[14].

Во врска со работата на Годишниот Конгрес, негова надлежност било следното: да врши проценка на Централниот Комитет во неговото исполнување на дадените задачи, да обрнува поголемо внимание на активноста во текот на годината, да го определува местото на одржување на годишниот конгрес, да го одбира Централниот Комитет и Контролната Комисија, по потреба да исфрла или пак да внесува некои членови на Уставот. Годишен конгрес се свикувал во првата половина на септември. Членовите на Централниот Комитет имале право да бидат делегати на конгресите. Делегатите на конгресите морале да имаат официјални полномоштва потпишани од управните тела на соодветните локални организации.

---

14. Ibid, 10.

Петтиот дел од Уставот се однесува на Централниот Комитет. Најпрвин Сојузот на МПО во САД и Канада бил раководен само од еден ЦК, кој е составен од 7 члена: претседател, двајца потпретседатели, секретар, благајник и двајца советници. Според Уставот ЦК е должен да го претставува Сојузот на МПО во САД, Канада и во други делови од светот, да го истакнува на референдум прашањето за свикување на вонредните конгреси, да се грижи за исполнувањето на целта на организацијата. Според потребите да испраќа свои претставници во разни делови од светот, кои треба да дејствуваат во согласност со целите на организацијата. Понатаму ЦК го определува годишниот буџет, води: протоколна, статистичка, инвентарна, финансиска и приемна книга. Мандатот на ЦК се одредува на првото заседание на годишниот конгрес[15].

Финансиските средства кои и биле потребни на организацијата главно ги обезбедувала најпрвин од членовите, односно секој член на македонските политички организации бил должен да плаќа членарина не помалку од 50 центи месечно, а секоја членка 25 центи месечно. Понатаму од донации и 50 проценти од месечните приходи на локалните организации, од помошта на симпатизерите и подржувачите на македонската интереси. Сите финансиски средства се внесувале во банка на име на организацијата. При секој внес и изнес на пари, морало да стои потпис од претседател и благајник на ЦК. Сметките се воделе со двојно сметководство. Центарлниот Комитет давал отчет за неговата дејност пред годишниот конгрес. Последниот одбирал трочлена комисија која ги проверувала сметките на ЦК. Седмиот дел од Уставот зборува за надлежностите на Контролната комисија, која најмалку три пати во текот на годината била задолжена да ги прегледува сметките на ЦК, а пред годишниот конгрес давала детален извештај за да го оправда своето работење[16].

Последниот дел од Уставот се однесува на општите одредби. Секоја локална организација имала право да изработува свој сопствен правилник за раководење на локалните работи, но правилникот не смеел да биде во спротивност со одредбите и смислата на организациониот Устав.

---

15. Ibidem.,15.
16. Ibid. 18.

За секој побитен настан локалната организација требала да го извести ЦК. Печатот на организацијата има кружна форма со следниот натпис: „ Централен Комитет на Сојузот на МПО од САД и Канада “, а во централниот дел стои „ Македонија на Македонците “, исто така и секоја локална организација имала печат со кружна форма и натпис „ Македонска политичка организација “......, а во средишниот дел стоело „ Македонија на Македонците “.

Со постигнувањето на целта организацијата ги предава сите средства и архивата на првото основачко народно собрание во Македонија.

Уставот бил изработен од страна на Основачкиот Конгрес на Македонските Политички Организации во САД и Канада одржан во градот Форт Вејн, Индијана и дополнет во наредните конгреси, бил усвоен во неговата конечна форма на петтото заседание на Шестиот Редовен Годишен Конгрес на МПО, одржан во градот Акрон,Охајо од 11-14 Септември 1927 година[17].

---

17. Ibid, 21.

### 1.3. Печатениот орган на организацијата

Организираното современо општество без свој печатен орган е како тело без дух. Печатот игра улога на инфораматор пред се и според задачите кои ги поставил ја прифаќа улогата на чувар и патоводител. Печатот ги согледува разликите и го формира општественото мислење за одредени прашања. Тој ги поврзува истомислените единици на општеството, ги раздвижува и ги насочува во определена насока, предизвикува движење брка одредени цели. Каков би бил светот денес доколку не постоеше весникот? Тоа би значело да падне темна ноќ на земјата. И покрај тоа што печатот е неопходност за современиот човек, тој се појавува двојно попотребен за едно движење, за една борба, кој се инспирира од големи принципи и идеи[18].

Сознавајќи колку големо значење има печатот, македонската емиграција во Новиот свет обединета околу знамето на МПО, уште во првите години на своето постоење, организирањето го сметала како свој долг, дека треба да се стекне со свој печатен орган. Таа потреба се наложувала од многу важни причини.

По големата војна македонската емиграција на тој континент ќе се најде на раскрсница. Поради незгодите во минатото некои губеле надеж и се обесхрабрувале. Сепак за среќа на нашето ослободително движење, тоа било само временска криза, која што поминувала за кратко време. Безнадежноста кај некои се користела од проповедниците на доктрини, туѓи за македонското народно ослободително движење, кои се стремеле да го парализираат борбеното македонско чувство, за да станат погодни за нивните идеи. Некои единици подлегнале на слични провокации , но поголемиот дел од македонските емигранти останале приврзани на својата земја Македонија. Не туку така лесно можеле да бидат уништени оние нераскинливи врски меѓу Македонците од овој и тие во Стариот крај, кои со единственото заложување на единствената и победоносна борба против непријателите на македонската слобода и независност[19].

---

18. Вид.: Д-р *Иван Гаджев, Иван Михайлов - Отвъ, легендите, ТОМ 2 , част първа, София 2009., 64стр.*
19. Македонски алманхь, Ц.К. на Македонските политически организации вь Сьединените шати, Канада и Австралия, Индиана, 1940 год., 231 стр.

Имало и други средини, кои тргнувајќи од трговски интереси исто така се стремеле да ја држат македонската емиграција разделна, на тој начин за да можат полесно да ги подржат нивните фабрики. Тие лица издавале свој приватен весник и имале целокупен интерес, организираната под МПО македонската емиграција да остане без свој печатен орган. Тие биле свесни каква голема улога има еден чисто македонски весник, подржуван од самите Македонци. Македонската емиграција требала да има свој орган. Не само за тоа што постоечките весници биле напишани на бугарски јазик, немале ништо заедничко со Македонија и нејзините идеали, туку и бидејќи биле предводници на непријателството и поделба, нешто кое не одело во интерес на зголемената борба на МПО во тој континент.

Преку еден македонски весник вистината можела да светне со полна сила. Надвор од тоа улогата, која еден македонски весник може да ја одигра за обединувањето на македонската емиграција и насочувањето по еден правилен и добро разбран борбен пат исто така била очигледна.

Имајќи ги во предвид горните сознанија македонската емиграција започнала на времено да мисли и да ја подготвува почвата за реализирањето на таа голема идеја, да добие свој печатен орган. На Четвртиот годишен конгрес на МПО, кој бил свикан на 6 септември 1925 год., во Индијанаполис, Индијана било ставено на разгледување тоа прашање. Таму се дискутирало за деталите околу неговото реализирање, се одлучило да бидат пуштени акции по 10,00 долари една, преку кои требало да се собере неопходната сума за започнување на весникот. На тој конгрес било решено името на весникот да биде „Македонска Трибуна''[20] .

Превземената иницијатива, таа се обвинува со ентузијазам од Македонците кои се натпреваруваат да купуваат акции не толку од трговска гледна точка, колку да помогнат да се реализира идејата колку може побрзо. Енергичната активност на тогашниот сојузниот секретар г-н Јордан Чкатров допринела многу за побрзото приближување кон целта. Поминала цела една година во собирањето на средства и разгледување на начини за започнување на весникот.

---

20. Вид.: Д-р *Иван Гаджев, Иван Михайлов – Отвъд легендите, ТОМ 2 , част първа, София 2009., 65стр.*

На 6 септември 1926год., бил свикан Петтиот редовен годишен конгрес на МПО. ЦК на МПО дал извештај за сработеното по излегувањето на весникот. Кампањата за акциите добила нов бран. Се собирале нови и нови акции. По конгресот ЦК на МПО се здобил веќе со потребната сума за започнување на весникот се купувале семожни печатени машини, се вложиле напори за персонал и сите други нешта, поврзани со издавањето на весникот. По неколкумесечни напори во активна работа, на 10 февруари 1927 год., излегува првиот број на новиот македонски светилник во САД - весникот „ Македонска Трибуна ”.

Во првиот број Чкатров го напишал Воведникот, во кој ги набележал мотивите за излегувањето на весникот **„ Македонска Трибуна “,** како орган на МПО:

„ По завршувањето на минатата Светска војна, повеќе од пет години, македонската политичка емиграција во САД и Канада, од различни причини немаше печатен орган. Тоа беше разбрано подеднакво јасно како од врвните управувачки тела на движењето така и од секој осознаен Македонец, што копнее да биде во тесна врска со страдањата на својата татковина и со нејзините напори за почовечки живот. Ред добро познати причини на емиграцијата, не пишува од најнеопходното средство за водење борба. Денес пак, се оствари една скапоцена мечта на сите.

Идејата за издавање на сојузен весник, што ќе ја образова нашата организациона активност и ќе ги изразува нашите народни идеали, е веќе завршено дело. Поробена Македонија се здоби со една нова трибуна, од каде што ќе се разнесува гласот на нејзиното маченииштво и нејзината правда. Весникот „ Македонска Трибуна “ е плод на неколкукратни конгресни одлуки и красноречиво сведочи за силата на сојузот, за борбениот дух на емиграцијата и за високото сознание за жртвите во името на народната слобода и добро. Бидејќи излегувањето на весникот е поврзано и со едно крупно дело на организирани Македонци во САД и Канада, создавањето на своја народна печатница, што ќе работи врз основа на трговски начела и истовремено ќе ги задоволува потребите на ослободителното движење[21].

---

21. Ставре Џиков, Четврта емигрантска Македонија, Аз-Буки 2007год., 38стр.

Програмата на нашиот весник нема потреба од долго појаснување. Таа се определува на трагичните услови во кои што изнемоштува Македонија, на заветите на нашето минато, како и од неопходноста за создавање на оние претпоставки кои што ќе можат да го гарантираат групирањето на сите балкански народи во една заедница, заснована врз начелата на правдата и заемното почитување.

Договорите за мир од 1919 година ја атинуваат ерата на анархијата во меѓународните односи, која што е посебно остра во Југоисточна Европа. Нашата татковина беше разделена на три дела и подложена на посрамен начин од турскиот. Нашата историја, култура и стремежите беа изгазени и поминати со жестокост од великите миротворци, чијшто морален авторитет веќе лежи зафрлен во прав. Но нивното дело е уште живо и продолжува да го труе политичкиот, културниот и економскиот развој на милиони луѓе.

Да се бори за отстранувањето на оваа положба и високо да ја издига идејата за независност на Македонија, ќе биде една од светите грижи на в. „ Македонска Трибуна “. Под сенката на тоа знаеме нашиот народ даде и дава многу жртви. Почнувајќи од великаните на револуционерното творештво, па до најскромните служители - сите трпеа и трпат во името на таа идеја страшни измачувања.

Весникот „ Македонска Трибуна “ живо ќе го чува националното сознание на сонародниците, кое што е заплашено од новите власници на Македонија. На овој начин, служејќи му на својот народ, тој ќе биде истовремено како пионер на општиот прогрес и благосостојба. Зошто нашето длабоко убедување беше и е дека манифестацијата на едно чувство како нашето, кое што бара соединување на сите индивидуи за да му помогнат на своето народно име, не може да биде промена на интересите на човештвото, а посебно на народите на Балканскиот Полуостров. Исто така, ние никогаш не сме дозволиле чувството на лична или национална надмоќ да биде врв при уредувањето на нашите односи со сите други народи[22].

---

22. Ibidem., 39.

Разбирајќи ја потребата во изградбата на еден степен на културен и државен живот, сообразен со духот на денешното време и со големиот напредок, постигнат во областа на материјалниот и духовниот развој, ние мислиме дека е неопходно да се отворат вратите за принципите и идеите, способни да обединуваат, а не да разединуваат, да го доведат во хармонија националниот гениј на еден народ со тие на другите народи, а не да одрекуваат.

На тоа разбирање не му дава право никому да пројавува малодушност при заштита на националната самобитност или пак пренебрегување на нејзиното зачувување. Инаку, ние остваруваме мир и обединување врз основа на праведноста и вистината, подигате раце пред ножот на тиранинот, којшто сака да го уништи нашиот духовен лик.

Од новата трибуна на Македонија ќе се разнесува нашата света приврзаност кон националното име, правото на татковината да биде слободна и независна, вербата во општо балканско соединување, повикот за помошта на иљадници гладни и боси бегалци. Со нашиот весник ќе се пропатува од врв на врв, од долина на долина, да се побараат гробовите без крстови, каде што лежат остатоците од старите и новите херои, да се откријат нивните имиња, да се раскажат нивните дела и подвизи и да се исплетат околу нив венци на благодарност и сенародна почит. Со издавањето на новиот весник се пополнува одамна почувствуваната празнина во животот на овдешната емигрција. Тој ќе биде заштитник на нејзините интереси во името на Македонија и ќе го посочи вистинскиот пат за нејзиното ослободување.

Ние цврсто веруваме дека „ Македонска Трибуна " ќе наиде на топол прием кај сите Македонци и кај сите пријатели на слободата. Ние сме наполно убедени дека тој ќе стигне до секоја македонска куќа и до секој ќош на фабриката каде што гори македонското срце во маката и тешкиот труд за прехрана и болката по напуштениот народ и дом. Со нивната ( несебична ) дарежлива материјална и морална подршка „ Македонска Трибуна " ќе прска светлина во мракот на денешното не постоење и ќе не води кон бреговите на македонското списание "[23].

---

23. Ibid.

На истите страници ќе се најде статијата на Зографов насловена **„ Да ги здружиме силите “.**

„ Во овој број на весникот, јас сакам како еден од најновите членови на македонската емигарција во САД и Канада, дојден од скоро да исполнат еден долг кон поробената татковина, преземајќи го редактирањето на „ Македонска Трибуна “, пред се срдечно да ја поздрават целата родољубива емиграција и заедно со тоа да ги предадат поздравите, што ги носат од истата таа емиграција од македонската емиграција во стариот, како што овде се вика крај, од оние македонски синови кои денес, поради угнетување, што царува во земјата на нашите дедовци, се принудени да живеат прогонети од нивните домови, во „ бежанија “ и во постојан копнеж за својата стара родна стреа, под која што единствено може да се стопли и да се раскрили на волја нивната мрзнечка душа. Го носам овој поздрав, драги сонародници, од овие повеќе од половина милион „ бежанци “ во нашата братска Бугарија, кои при сета своја мака, почнаа да работат и тоа со чудесна енергија, со високо сознание за долгот и со се помоќни организирани сили, за спасување на нашата татковина од ноктите на српските и грчките власти, впиени до крв во својот плен. Ви го носам поздравот и длабоката благодарност на оние наши браќа, бежанци во Бугарија, кои можеа да фрлат врз нивните мрзнечки тела по некоја облека, што им е испратена од вас и да добијат по некој лев од испратената од овде сума, за да затнат, макар и со еден до два корави залаци, страшниот рев на гладот и на мизеријата, доброволно одбрани од нив пред срамот и понижувањето да го предадат татковото си име, народната си чест, или „ доброволно “ фрлени во оваа мизерија од прочуената по своето нечовештво и жестокост туѓа власт. Вие сте, драги сонародници, просторно многу далеку од Македонија. Океан ве одвојува, но вашите дела, дејноста, што ја обавувате овде како родољубци, посебно последните години, красноречиво зборува, дека вие по дух, по мисла, по чувство сте многу блиску до страдањето на својата Татковина и не се сомневат дека овие поздрави, што ви ги носат, ќе најдат место и ќе разбудат во вас нови сили за здружена, неуморна, упорна работа и борба за поскорешно остварување на народниот идеал[24].

---

24. Ibidem., 40стр.

Во овие поздрави лежи една мака една општа скрб, дека Македонија се уште стене под ропство. Но оваа скрб како што гледате, не го крши македонскиот дух. Напротив, таа го заживува за борба повикувајќи од неговите длабини нови, незнајни сили.

Дојде време кога треба да покажеме пред светот и пред себе, дека тоа што го сакаме и за тоа што се бориме - слободата на Македонија, дека тоа што Македонија го сакаше пред повеќе од 50 години, давајќи како жртва илјада свои драги синови - дека тоа ние го заслужуваме.

Денес ние треба повеќе од секогаш сами да се соочиме со нашите судбини, на своите плеќи да ја понесеме борбата до оној крај, што ни беше посочен со делата, крвта и заветите на загинатите за татковината како највисоко човечко право.

Треба, меѓутоа, да ги стегнете мускулите, да ги концентрирате, да ги мобилизирате сите македонски сили, да ги поврзете од двете страни на Океанот и да ги насочите разумно, еднонасочно кон постигнувањето на идеалот што не воодушевува и што не издига високо до степенот на најдостојните народи за самостојно постоење.

Грција и Србија сакаа да не задушат. Ние нема да им се препуштиме. Ќе им се спротивставиме со уште поголема енергија, ќе работиме со уште поголемо себеодрекување и ќе победиме. Нека со сплотена, здрава организирана и неуморна работа ние Македонците, каде и да сме, тука во Америка и таму во Европа, здружни со нашите браќа во самата Македонија, да го подигнеме делото на нашето ослободување и да осигураме со тоа побрз крај на ропството на нашата татковина. Нека на овој начин дадеме доказ дека македонското ослободително движење е една дејствувачка сила, што го црпи своето вдахновение, поттикот и своите средства за борба само од Македонија. Не радува дека тоа веќе се случува. Во Бугарија каде македонската емигарција е најголема, посебно во последните три години се спроведува една треската активност во таа насока. Наскоро таму нема да остане ниту еден Македонец, ниту една Македонка, што се неорганизирани[25].

---

25. Ibid, 41.

Одамна црвот на расколништвото и на злонамерната критика не ја разјадува закрепнувачката сила на македонската емиграција. Жените не заостануваат во полезната родољубива дејност, било да извршуваат пооделно, по братство, некои работи, што одговараат на жените ( се разбира во полза на нашето дело ), било да дејствуваат како општ Сојуз на македонските жени пред разни добротворни, хуманитарни или политички институции во Европа и во Америка. Македонските деца - момчиња и девојки - се вклучени во работата за Македонија, како членови на Сојузот на македонските студенти во Бугарија и во Европа. Сите, и малечко и големо, работат како во кошница и ја подготвуваат медената пита, што ќе резултира порано или подоцна со слатката слобода на Македонија. Тоа е една работа, еден восхит, едно натпреварување кој да се докаже, кој да даде поскапа жртва за Македонија што го тераат срцето да заплаче од умилност, а духот да се просветли со длабока верба дека со тие свои чеда, со тоа сознание, со таа сплотеност, со овој подем Македонија не може, а да не биде ослободена. Гледајќи го тоа човек би рекол дека дури и да можеа нашите непријатели да ја уништат и последната трага на слободољубивата појава кон Македонија ( тоа, што само по себе не мое да стане ), дури и ако би останала да постои само македонската емиграција вон границите на Македонија, така што работи денес и како ќе работи утре за слободата на татковината, ќе може само да направи, со силата на светото ни право, да и се дадат правдини на Македонија. Но не само што не останала само таа емиграција, не само што таа никогаш нема да остане откината од своите блиски во Македонија, без живи врски со Татковината. Уште повеќе - таму во самата Македонија, се повеќе се стега и закрепнува мрежата на борбата меѓу самиот народ по градовите и селата. Таму една организација каква што е ВМРО, го држи високо моќно знамето на непомирливата борба и ги кова срекните денови на блиската иднина на Македонија. Ние драги сонародници, ни останува, колку што ни дозволуваат силите, да го вложиме својот дел во општото дело на ослободителната борба, што ќе се закити толку поскоро со посакуваниот од сите нас крај, колку што помалку македонски сили остануваат да лутаат вон редовите на борците. Да се приклучите, меѓутоа, сите на овие редови и да внесете во нив дух на дисциплина, на саможртва, на чест и морална чистота[26].

---

26. Ibid.

Тука посебно во Америка, борбата не носи никакви ризици за нашите приватни работи, уште помалку за нашиот живот, што е случај со нашите браќа, кои крстарат низ планините на Македонија за да го закрепнат духот на населението и да го подготват изгревот на слободата.Така, сплотени со подадени раце едни на други, со обединети сили, групирани, единствени во духот - ние сме Македонци, распрснати по разните краеви на светот, каде што злата судбина не отерала, ќе бидете онаа армија на вербата на вистината и на правдата, што незнае што е препрека во својот поход кон победата и против која не ќе можат да излезат нашите непријатели, кои се плашат од единствена мисла. Од нашиот буден родољубив дух најмногу се плашат тие наши врагови. Да не им дадете можност да го скршат тоа наше оружје, што сигурно ќе ни ја донесе победата. Да ги споиме со вера во празнувањето на нашата победа, со силата на нашиот слободољубив дух сите позиции на нашата борбена линија, за да можеме да ја избориме желната и толку неопходната за сите на слободата на Македонија. И да памтите секогаш дека Бог дава ама во трло не втерува.

Нема сомневање дека Бог, дека сите добри сили во светот се спремни да ни дадат, да ни помогнат да ја земеме нашата слобода, на којашто имаме право во Македонија, но пред тоа ние треба да бидеме спремни да се избориме, во остварувањето и самите ние. Инаку, никој и ништо нема да не втера во трлото[27]“.

Треба да се спомне благодарниот гест на сонародникот г-н. Атанас Шинков, член на МПО „ Илинден ” во гр. Њујорк, кој му подарил на ЦК - како помош за весникот сумата на заработениот од него среќен број (автомобил „ Бјуик”). Таа великодушна донација била во спомен на загинатиот за слободата на Македонија - Никола Шинков, братучед на г-н. Атанас Шинков. Излегувањето на весникот бил пречекан со голем ентузијазам меѓу македонската емиграција. Уште со излегувањето на првиот број Македонците започнуваат да даваат доброволни дарови кој 10, кој 20 кој 5 , кој 1долар, секој според можностите, но со искрена желба да се помогне зајакнувањето во финансиски однос на весникот[28].

---

27. Ibid, 42.
28. Македонски алманхъ, Ц.К. на Македонските политически организации вь Съединените шати, Канада и Австралия, Индиана, 1940 год., 232 стр.

Тимот на директорите на „ Македонска Трибуна ” го става за редактор на весникот „ Македонска Трибуна “ г-н. Борис Зографов[29], роден во Битола кој што живеел на времето во Софија, Бугарија и бил специјално повикан да завземе редакторско место. Со излегувањето на „ Македонска Трибуна” се дава нов бран на Македонските политички организации во тој континент. Излегувал редовно секоја недела, весникот „ Македноска Трибуна ” брзо се издигнал и се наметнал на организацијата како сериозен, авторитетен весник. Во него започнале да соработуваат угледни македонски дејци, не само од тој континент туку и од Стариот крај. Излегувањето на „ Македонска Трибуна “ бил пречекан со радост и од македонските емигранти во Бугарија, Европа, Австралија и Јужна Америка. Поробеното македонско население со не помало восхитување го дочекало излегувањето на новиот македонски светилник. Не многу по неговото излегување непријателските влади од Белгард и Атина го забраниле влегувањето на „ Македонска Трибуна “ во пределите на Југославија и Грција. Тој факт бил доволен, за да го убеди секој за стравот кој го зафатил и Белград и Атина од новиот македонски заштитник[30]. Со текот на времето весникот „ Македонска Трибуна ” се повеќе и повеќе се издигнува. Членарината и рекламите за весникот стануваат поголеми има се повеќе читатели и станува омилено четиво на сите искрени македонци. Весникот бил редактиран од г-н. Борис Зографов од месец септември 1930 год., кога бил одржан Деветиот редовен конгрес на МПО во Јангстаун, Охајо. По тоа бордот на директорите на „ Македонска Трибуна ” го назначил за редактор на весникот Љубен Димитров роден во Битола , кој што бил повикан од Софија каде што живеел во тоа време. Г-н Љубен Димитров пристигнал во САД во јуни 1931год., и веднаш се превзема со редиктирањето на весникот. Со текот на времето заедно со зголемувањето на МПО, се зголемувале и потребите на самата борба.

---

29. Борис Зографов бил роден на 6 јануари 1891 година во Битола. Во 1918 год., завршува словенска филологија на Софискиот универзитет. Бил учесник во Балканските војни и Првата светска војна. Учителствувал во Софија, работел како аташе за француските печат и соработувал со младинскиот весник „ Утро “. На 5 јануари 1927 год., Зографов пристигнал во Индијанаполис и веднаш започнува со подготовката на пилотниот број на весникот „ Македонска Трибуна “. До 1931 год., работел како редактор на весникот. Потоа се вратил со сопругата во Бугарија. Автор е на редица книги и публикации за македонското движење. Неговите следбеници членувале во Македонскиот научен институт. Починал на 23 февруари 1957 год.
30. Ibid, 233.

За да се пречекаат тие потреби покрај машините, потребни за печатење на весникот „ Македонска Трибуна " биле купени и други печатни материјали, потребни за рачна работа, која што се состоела во изработувањето на покани за собранија, вечеринки и весели средби, свадбени и покани за веридби, печатење на флаери, извештаи и устави, печатење на годишни календари издадени од „ Македонска Трибуна'' како што е и изработувањето и отпечатувањето на Алманахот.

За сите тие материјали се подразбира биле потребни средства. Македонската емиграција преку подршката на весникот и преку порачките кои се правеле до печатницата, како и преку фондот на „ Македонска Трибуна " ги доставила сите потребни средства. И сега можеме со гордост да кажеме дека фабриката „ Маседониан Трибјун Ко '' не само што немала никакви обврски, но имала одредена парична сума заштедена во банката.

Во продолжување на своето постоење „ Македонска Трибуна'' ја одиграла одлично својата улога на еден борбен весник, кој што му служи достојно на народното ослободително движење. Весникот се добивал не само во САД, Канада и Австралија, туку тој се добивал и во Јужна Америка, речиси сите европски страни (до почетокот на војната). Турција, Палестина, Египет и други далечни места по целиот свет, каде има македонски родољубци.

Од 1934год., „ Македонска Трибуна '' започнала да игра уште по важна улога. Како што е познто на 19 мај 1934год., во Бугарија пристигнала србофилската влада на Кимон Георгиев, која била следена и од други слични влади. Македонскиот печат во Бугарија бил забранет заедно со другата македонска легална активност. Останал само весникот „ Македноска Трибуна '' како единствен официјален орган на македонското ослободително движење. Ги прифатил новите задачи весникот „ Македонска Трибуна '', започнал да ги рекордира сите срамни факти , насочени против македонското движење во Бугарија, факти кои биле пречекани со болка во душата[31].

---

31. Д-р *Иван Гаджев, Иван Михаилов – Отвъд легендите, ТОМ 2 , част първа, София 2009., 69стр.*

Протестите на Македонците од цел свет наоѓале место во „ Македонска Трибуна'', и поради тоа весникот бил сопрен да влегува во Бугарија, затоа што како што бил сопрен од владите на Белград и Атина. Покрај тоа „ Македонска Трибуна'' наоѓа пат по кој стигнувал до своите читатели во Стариот крај, кои го читале со жед.

Откако „ Македонска Трибуна'' станал еден единствен официјален изразител на македонските копнежи, тој се издигнува уште повеќе. Баран бил се повеќе од туѓи коресподенти и туѓи влади, кои станувaат корисници на весникот, за да бидат информирани за зборовите на Македонците по прашањата, што се однесуваат за судбината на Балканот. Со зголемувањето на неговото влијание и значењето на весникот, тој бил подобрен и во многу односи. Постепено бил воведен илустриран оддел, застапувајќи ги многу често изгледите од поробената татковина Македонија - како и слики од животот на локалната емиграција, организарана во МПО, а од јануари 1938год., била воведена и посебна англиска страна, посветена на македонската младина на континетот. Таа страна имала за цел да ги запознае родените во таа страна македонски млади со принципите на македонската борба, како и со напредувањето на македонското ослободително движење. Таа страна им создала ентузијазам пред веќе формираните младински секции на МПО и многу од младината почнува да соработуваат во неа. Весникот „ Македонска Трибуна '' е гордост за Македонците во САД и Канада. Го подржувале весникот го очекувале со нетрпение секој негов број и сите живееле со надеж дека многу брзо ќе дојде денот, кога целта за која е посветен весникот брзо ќе се исполни, а целта била формирање на географски граници на Македонија во која сите националности ќе располагаат со еднакви права и еднакви обврски[32].

Изјавено кратко во таа цел се трите зборови на безсмртниот англиски државник Вилијам Гледстоун „ МАКЕДОНИЈА НА МАКЕДНОЦИТЕ ''. Копија од корицата на бугарскиот буквар и прва читанка, испечатена и распростанета пред членовите на МПО како учебно помагало за изучување на бугарскиот јазик од децата на бугарската емиграција, родени во Америка.

---

32. Ibid, 71.

Таа еден пример за национализација на членовите на МПО. Години подоцна македонизмот остава отисок врз националното сознане на членовите на МПО. Прво се Бугари, потоа станувaат бугаро - македонци , накрај по признавањето на Република Македонија од Бугарија 16 јануари 1992год., „ мнозинството Бугари во МПО станувaат Македонци ''

Од 17 ноември 1983год., весникот „ Македонска Трибуна'' решава да не го користи бугарски јазик при печатење на весникот. Од 10 февруари 1927год., ЗАПОЧНУВА ОБЈАВУВАЊЕ САМО НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК[33].

Како што може да се види причините за иселувањето на македонскиот народ од својата татковина биле од воено - политички па и економски карактер. Сојузот на МПО бил формиран на 1 октомври 1922 год., во Форт Вејн Индијана. Уставот на организацијата бил изработен од страна на Лазар Киселичев. Врз основа на одредбите на Уставот, оваа организација била легална, и како таква се залагала за ослободување и независност на Македонија во нејзините природни етнографски и географски граници. Печатен орган на организацијата бил весникот „ Македонска Трибуна “. Во почетокот организацијата имала промакедонска ориентација. Понатаму со оглед на околностите и настаните кои се развивале дознаваме нови моменти во врска со тоа. Бидејќи станува збор за Сојуз во продолжение ќе разгледаме како биле формирани локалните организации на МПО, и кои биле тие.

---

33. Ibid, 71.

# ГЛАВА ВТОРА

# СОЗДАВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА МПО

Локалните организации на МПО биле формирани во САД, Канада и Австралија. Од Уставот на МПО согледав дека во еден град не смеело да има повеќе од една организација. Најпрвин ќе пристапам со разгледувањето на оние локални организации кои се формирале во САД. Со оглед на тоа дека ги има многу ќе обрнам внимание на побитните организации.

## 2.1. Локалните организации на МПО во САД

**Македонската политичка организација „ Александар Велики “- Лорејн, Охајо.**

Организацијата била основана во 1924 година. Во март истата година било одржано основачкото собрание, на кое одржал говор г-ин Михаил Николов. По два месеци било свикано ново собрание во локалот на г-ин Трајан Меланов и неговиот син г-ин Никола Меланов. Тие биле по потекло од с. Кономлади, Костурско. На тоа собрание биле поставени темелите на МПО „ Александар Велики “. Во првото раководство на организацијата влегле следните лица: Никола Т. Меланов ( од с. Кономлади, Костурско ) - претседател, Трајче Вангелов (од с. Кономлади ) - секретар и Иван Томев ( од с. Брајчино, Преспанско) - благајник. Мнозинството од македонското иселеништво во градот Лорејн, Охајо биле по потекло од Долна Преспа и Ресенско. Членовите и членките на МПО „ Александар Велики “, ревносно ги исполнувале нивните задачи кон македонското дело[34].

**Македонската политичка организација „ Аргир Манасиев “- Албани, Њујорк**

Македонската политичка организација „ Аргир Манасиев “, била основана на 30 јануари 1938 година. На основачкото собрание одржал говор сојузниот секретар г-ин Петар Ацев. Мнозинството од членовите биле по потекло од Гевгелиско. Речиси сите членувале во МПО „ Аргир Манасиев “.

---

34. Македонски алманхъ, Ц.К. на Македонските политически организации вь Съединените шати, Канада и Австралия, Индиана, 1940 год., 275стр.

**Македонската политичка организација „ Балкански мир “- Ленсинг, Мичиген**

Македонските емигранти, кои живееле во градот Ленсинг, главниот град на Мичиген, биле обединети под знамето на Македонската политичка организација „ Балкански мир “.

Македонската колонија во градот Ленсинг не била многубројна, сепак и покрај тоа членството на МПО „ Балкански мир “ ( основана во 1923 година ) непрекинато развивало значајна дејност. Во 1939 год., при организацијата во Ленсинг, Мичиген , била основана и младинска секција составена од 15 членови и членки.

Членството на МПО „ Балкански мир “ најмногу совесно, одредбите на сојузната управа, секогаш ги заштитувало светите интереси на Македонија. Организацијата во Ленсинг, Мичиген учествувала со делегати на сите конгреси на МПО.

**Македонската организација „ Татков крај “- Гранит Сити, Илиноис**

Македонските емигранти во гр. Гранит Сити, Илиноис, биле обединети околу знамето на „ Татков крај “, една од крепките потпори на Сојузот на македонските политички организации.

Организацијата во Гранит Сити, Илиноис била основана во 1924 година. На основачкото собрание говорел поранешниот сојузен секретар г-ин Јордан Чкатров. За кратко време МПО „ Татков крај “, успеала да ги обедини под светите народни идеали македонски емигранти, кои живеат во Гранит Сити и околните градови ( Алтон, Мадисон и др. места ), раководена од свесни и мудри луѓе, ги запазувало интересите на македонското ослободително движење. МПО „ Татков крај “ и женската секција при неа ( основана во 1933 год. ), непрекинато работеле за спроведувањето на големата цел, во името на кое биле организирани, имено Слободна и Независна Македонија. Знамето на МПО „ Татков крај “, го симболизирал тој идеал, било осветено во 1929 година[35].

---

35. Ibid, 264.

**Македонската политичка организација „ Борис Сарафов “- Кентон, Охајо**

Нашите сонародници во градот Кентон, Охајо биле организирани под светото знаме на МПО на 21 ноември 1923 година. На истиот датум, на иницијатива на една група достојни наши сонародници, било свикано основачко собрание во локалот на браќата Пешеви. Собранието било одлично посетено. По кратка дискусија сите присутни на тоа собрание со полна едногласност решиле да основаат македонска организација во Кентон. За патрон на новоформираната македонска организација бил избран легендарниот македонски револуционер Борис Сарафов. МПО „ Борис Сарафов “ веднаш направила постапки пред Централниот Комитет на МПО за примањето и за членка на сојузот. Организацијата во Кентон секогаш и навремено ги исполнувала сите наредби на ЦК. Нејзиното членство се одликувало со висока национална свест. Организацијата во Кентон имала искрени симпатии меѓу американските средини во градот. Огромното мнозинство од нашите емигранти во Кентон биле обединети околу знамето на МПО „ Борис Сарафов“.

Децата на нашите сонародници во Кентон во куќите зборувале претежно на бугарски јазик. Поголемиот дел од македонските емигранти во Кентон, чиј број заедно со децата изнесува околу 200 души, биле родум од југозападна Македонија. При организацијата во Кентон имало женска и младинска секција[36].

**Македонска политичка организација „ Бистрица “- Синсинати, Охајо**

Македонската политичка организација „ Бистрица “ во градот Синсинати, Охајо, била основана во 1928 год., на иницијатива на сонародниците Сребрен Јанков и Христо Чачов. Од тогаш до денес МПО „ Бистрица “ развивала непрекината дејност во името на народното дело. При организацијата во Синсинати од 1935 год., било отворено македонско народно училиште. Исто така имало и театарска група, која со голем успех ја извела „ Македонската крвава свадба “[37].

36. Ibid, 262.

37. Ibid, 251.

**Македонската политичка организација „ Белица “ - Сент Луис, Мисури**

На 13 септември 1934 год., македонската емиграција во градот Сент Луис, Мисури, со полна едногласност решила да ги насочат своите сили кон организираното македонско општество во Америка. На основачкото собрание говорел Атанас Шинков, член на МПО „ Илинден “ во гр. Њујорк. На истото собрание биле запишани 18 души членови - основачи. Членството на оваа организација му служела на народното дело со искрена верност. Во градот Сент Луис, Мисури се наоѓала канцеларијата на информационото биро при ЦК на МПО. Дејноста на бирото било раководено од Христо Атанасов, потпретседател на ЦК на МПО. Христо Анастасов бил долгогодишен член на ЦК на МПО, историчар и публицист во САД[38].

**Македонската политичка организација „ Браќа Миладинови “- Лос Анџелес, Калифорнија**

Оваа организација била основана на 27 јануари 1935 година. На основачкото собрание биле присутни 12 редовни членови. Првото раководство на МПО „ Браќа Миладинови “ го имало следниот состав: Крсто Дудулов - претседател, Мишо Попов - подпретседател, Исаја Чудов - секретар, Петар Илиев благајник и Христо Христов советник.

За кратко време бројот на членовите се зголемил. Кон крајот на 1935 год., МПО „ Браќа Миладинови “ броело околу 30 членови и многу искрени симпатизери. Организацијата имала и помошни членови меѓу кои биле и петмина Хрвати. МПО „ Браќа Миладинови “ била здрав дел на македонските идеали. Нејзиното членство дало блескави докази за искрена наклонетост кон народните идеали. Под знамето на МПО „ Браќа Миладинови “ биле обединети сите наши сонародници кои живееле во гр. Лос Анџелес и неговата околина[39].

---

38. Драгомир Богданов, MPO (Macedonian Patriotic Organization) 1922-2012. 90 Years Struggle for Freedom, MPO Pirin, Chicago, Il, USA, 2012, 3стр.
39. Македонски алманхъ, Ц.К. на Македонските политически организации вь Съединените шати, Канада и Австралия, Индиана, 1940 год., 263стр.

**Македонската политичка организација „ Вардар " во гр. Кливленд, Охајо**

Македонската политичка организација „ Вардар ", во Кливленд, Охајо била основана на 10 февруари 1926 година. На основачкото собрание, одржано во домот на г-н Никола Паргов, одржал говор поранешниот секретар Јордан Чкатров. Присутните на тоа собрание едногласно решиле да ги соберат своите сили кон тие организирани браќа и сестри во Америка. МПО „ Вардар " наскоро по уредувањето била примена за редовен член на сојузот на Македонските политички организации. Организацијата во Кливленд напреднала со брзи чекори и по неколку години успеала да ги обедини под знамето на народните идеали сите наши сонародници, кои живееле во Кливленд, Охајо. Во 1929 год., при МПО „ Вардар ", била основана женската секција. Нејзините членки развивале една дејност достојна за почитување. Знамето на МПО „ Вардар " било осветено во 1928 год. Во 1932 год., организацијата го изнела со голем успех 11- от редовен конгрес на МПО. Македонската младина во Кливленд била организирана во младинска секција, која под раководство на МПО „ Вардар ", развивала значајна дејност. Членовите и членките на Македонската политичка организација „ Вардар ", Кливленд, Охајо секогаш биле верни на народната кауза. Тие ги исполнувале со чест и достоинство своите задолженија кон народното дело[40].

**Македонската политичка организација „ Татковина "- Детроит, Мичиген**

Во месеците мај - јуни 1922 год., една група Македонци правеле обиди да создадат македонско друштво, братство или организација. На чело на тие патриоти биле и Андреј Костов и А. Филипов. Г-н Костов напишал покани за првото организирано собрание, одржано во тоа време во едно од кафулињата на Мичиген Авенија. Но една мала група на социјалисти се обиделе да го растурат собранието и да ги очајат дојдените сонародници. Собранието било раководено од г-ин А. Костов, кој ги поканил сите присутни да се искажат дали би посакале да создадат една родољубива македонска организација, која требало да го покани г-ин Сребрен П. Петров тогаш тој бил во САД, за да изнесе јавно собрание.

---

40. Ibid, 260.

Била избрана привремена комисија, во чиј состав влегле: Андреј Костов, Анастас Филипов, Христо Спиров, Симо Балков, Там Папас, Ламбро Ников, Лазар Кочов и др. Наскоро потоа пристигнал во Детроит г-ин Сребрен П. Петров. Собранието се одржало во една сала на Мичиген Ав. И говорители на ова собрание биле Сребрен Петров и И. Григоров. Имало околу 250 луѓе слушатели. На тоа собрание една група радикални правеле обиди да го растурат, но безуспешно. Собранието ја завршило својата работа и бил избран редовен Одбор со запишани 50 души членови на новооснованото Македонско добротворно братство „ Татковина ". Од тогаш до денес организацијата постои со една плодотворна дејност, која оставила длабоки траги во животот на емиграцијата во Детроит. МПО „ Татковина ", откако била влезена во сојузот, изнела два конгреси. Под нејзиното знаме се обединиле сите искрени патриоти во Детроит. Една од главните просветни задачи на МПО „ Татковина " била да ги научи децата на своите членови и симпатизери на „ бугарски јазик и писмо ". За таа цел во разните години во разни квартови на Детроит во период од 12 години имало „ бугарски " училишта потпомогнати исклучително од средствата на организацијата, а во последните неколку години потпомагала со парични средства и црковната општина „ Св. Климент Охридски". Бројот на децата кои ги посетувале тие училишта се движел помеѓу 30 - 100 ученици. Првата учителка била Веска Николова, член на „ Браќа Миладинови " во градот Лос Анџелес, Калифорнија. Низ годините учители биле: госпоѓите Василка Безова, Евредика Богатинова, Наталија Тошева, Љуба Иванова и господата Илија Григоров, свештеникот Г. Николов и Ал. Димитров. МПО „ Татковина ", во своето 20 годишно постоење, развила сјајна културна дејност, биле изнесени многу сказни, претставени редица пиеси и драми, како љубители артисти покажале голема дар и способност. Завземајќи едно од првите места во сојузот, будно ја држела националната свест на емиграцијата во Детроит и го држела високо знамето на поробена татковина. МПО „ Татковина " пројавувала најсериозни грижи и за развојот на црковното дело, го потпомагала и морално и материјално. Сепак се држела до дисциплината, единството и авторитетот на делото, ги подржувала и ги исполнувала сите наредби на ЦК[41].

---

41. Ibid, 248.

**Младинската секција на МПО „ Татковина “- Детроит, Мичиген**

Младинската секција при МПО „ Татковина “ била основана во 1933 год., возобновена во 1937 год. Секцијата развила доста добра дејност.

**Женската секција при МПО „ Татковина “ во градот Детроит**

Женската секција при МПО „ Татковина “ била организирана во 1927 год. Од тогаш секцијата континуирано ја развивала својата дејност и секогаш и била на помош на организацијата. Многумина од нејзините членови земале учество во театралната група при организацијата. Исто така ја потпомагала и културно - просветната дејност на МПО „ Татковина “.

**Македонската политичка организација „ Симеон Ефтимов “ гр. Рочестер.**

Македонската политичка организација „ Симеон Ефтомов “ во градот Рочестер, била основана на 11 Октомври 1933 год. Основачкото собрание, кое се одржало во домот на г-ин Иван Трајков од с. Горничево, Леринско, било свикано по иницијатива на Васил Костов. Првото раководство на МПО „ Симеон Ефтимов “ го имал следниот состав: Васил Костов - претседател, Иван Г. Трајков - потпретседател, Леон Н. Манчев - секретар и Илија Г. Гагов - благајник. Кум на организацијата бил Танас Љотев. Кум на знамето, бил г-н Илија Гагов[42].

**М.П.О „ Тодор Александров “- Јангстаун , Охајо**

Во овој град и неговата околина, живееле околу 400 македонски иселеници. Најголемиот дел од нив биле родум од Прилепско, Паланечко, Битолско, Преспанско и Леринско. Колонијата во Јангстаун и околината, броела околу 800 жители. Сепак како последица на стопанската криза во 1930 год., многу од нашите сонародници кои живееле во овој крај биле принудени да се иселат и да се преселат на други места. Македонско - бугарската колонија од Јангстаун и околината, заедно биле обединети во македонската политичка организација „ Тодор Александров “.

42. Ibid, 249.

Пред основањето на Сојуз во Јангстаун постоело Македонско - бугарско братство „ Прилеп “. Тоа било распуштено ( подобро кажано реорганизирано ) во 1923 год., кога биле ставени темелите на МПО „ Тодор Александров “. Членовите и членките на Македонското - бугарско братсвто „ Прилеп “ со целосна едногласност решиле да се приклучат кон сојузот на македонските друштва во Америка. Па така поранешното Македонско-бугарско братство во Јангстаун ги продолжило активностите како Македонска политичка организација, која во 1924 год., го избрала за свој патрон бесмртниот македонски водач Тодор Александров. Организацијата во Јангстаун заслужено може да се гордее со една плодна и значајна родољубива активност. Членството на МПО „ Тодор Александров “ секогаш било поддржувано со парични донации, секогаш било коректно пред Централниот Комитет на МПО и непрекинато ги исполнувало сите задолженија на Уставот. МПО „ Тодор Александров “ собирало и испратило во Бугарија над 1000 долари - помош на македонските бегалци и настраданите сонародници во земјотресите во Бугарија. Во 1936 год., организацијата во Јангстаун успеала да реализира една од желбите, да отвори Македонски народен дом. Зградата и инвентарот на убавиот народен дом, во сопственост на МПО „ Тодор Александров “ чинеле околу 5000 долари. Македонската политичка организација ги одржала со успех два од годишните конгреси на МПО - деветиот и осумнаесетиот. Организацијата во Јангстаун вложила големи напори за организирањето на успешното изнесување на првиот Македонско-хрватски собир во Америка, одржан во 1934 год. Благодарение на постојаната внимателност на МПО „ Тодор Александров “ сите левичарски агитатори, кои го посетувале Јангстаун со цел, за да создадат гнездо меѓу нашата достојна емиграција во тој град, неможејќи да отстапат од патот на патриотизмот ниту еден од совесните сонародници. Напорите на оние кои го посетувале Јангстаун, веднаш завршувале со срамно фијаско. При Македонската политичка организација „ Тодор Александров “ постоеле две секции - женската и младинската. Тие непрекинато и ентузијастички работеле за напредокот на организираното македонско општество во Јангстаун[43].

---

43. http://www.strumski.com/books/Drago%20Bogdanow

Членовите и членките на Македонската политичка организација „ Тодор Александров “ биле организирани во Македонско - бугарска православна општина. Парохијата во Јангстаун била одржувана од свештеници во Детроит и Торонто - отец Георги Николов и Васил Д. Михајлов.

**Македонската политичка организација „ Мара Бунева “ - Елвуд Сити, Пенсилванија**

Во Елвуд Сити, живописен град во Пенсилванија, живееле околу 50 македонски емигранти. Поголемиот дел од нив ( 27 луѓе ), биле родум од Ресенско, а останатите од влашкото село Гопеш. Сите Македонци во Елвуд биле членови на Македонската политичка организација „ Мара Бунева “, основана во август 1934 год., а останатите емигранти биле нејзини симпатизери. Во 1926 год., во Елвуд Сити имало поголема колонија ( со околу 150 души ресенчани ), сепак по 1929 год., тие започнале да се иселуваат. Во овој период, раководство на Македонската политичка организација „ Мара Бунева “ го имала следниот состав: Д. Симов - претседател, Г. Наумов - благајник, Васка Хр. Нонева - секретарка, Н. Гошев, М. Босилков, Г. Станков - контролна комисија. Во Елвуд Сити, Пенсилванија имало македонска фурна, фабрика за сода. Македонските емигранти во овој град, членови и членки на Македонската политичка организација „ Мара Бунева “, секогаш биле посветени на народното дело[44].

**Македонската политичка организација „ Прилеп “- Стилтон, Пенсилванија**

Македонската политичка организација во гр. Стилтон, Пенсилванија, позната под името Македонско братство „ Прилеп “, била основана на 6 ноември 1921 год., На основачкото собрание, кое било масовно посетено од македонските сонародници во градот Стилтон биле запишани 30 души членови. Една од првите задачи на избраното по две недели организирано раководство била: да влезе во писмен контакт со сите патриотски македонски друштва во Америка и со Извршниот Комитет на Македонските братства во Бугарија. Братство во Стилтон, учествувало на основачкиот конгрес на МПО.

---

44. Ibidem.

Огромниот дел од членовите на организацијата во Стилтон, потекнувале од градот Прилеп. Останувајќи верни на големото минато на својот роден град, македонските сонародници во Стилтон, Пенсилванија ги чувале со чест и достоинство интересите на македонското ослободително движење. Тие успеале да ја сочуваат црквата во Стилтон од неколку безбожни напади. Секогаш дисциплинирани и единствени, Македонците во Стилтон, Пен. - членови и членки на МПО „ Прилеп “, завземале едно од првите места во сојузните редови. Во 1926 год., организацијата во гр. Стилтон го изнела успешно 5- от редовен конгрес на МПО.

**Македонската политичка организација „ Пирин “- Дејтон, Охајо**

Македонското братство во Дејтон, Охајо, било основано на 1 март 1922 год., од 1929 год., наваму било познато под името: Македонската политичка организација „ Пирин “. Основачкото собрание се одржало во домот на г-ин Д.Ив. Цалибанов, од с. Зелениче. На првиот конгрес на Македонските политички организации МПО „ Пирин “ била претставувана од својот делегат Петар Досев. Во 1927 год., при М.П.О „ Пирин “ била основана женска секција, а во 1937 год., било отворено и народно училиште. Членството на МПО „ Пирин “ го исполнувала својот долг кон Делото со најголема совесност[45].

**Македонската политичка организација „ Костур “ во гр. Форт Вејн, Индијана**

Македонската политичка организација „ Костур “ , во гр. Форт Вејн, Индијана била основана во ноември 1921 год., Основачкото собрание било одржано на 21 ноември. Огромното мнозинство од членовите и членките на МПО „ Костур “, потекнувале од Костурско и првично од селата во Пополе кол ( Вишени, Шестово, Бабчор, Тихолишта, Черешница и др.). Тие се одликувале со висока национална свест. Членовите на организацијата во Форт Вејн, Индијана ги одбранувале со чест и достоинство интересите на народното дело. Македонската политичка организација „ Костур “, завзела учество при основањето на моќниот сојуз.

45. Ibid, 258.

Првиот конгрес на МПО. се одржал во гр. Форт Вејн, Индијана, во почетокот на октомври 1922 год., Организацијата исто така го одржала 3- от и 13- от конгрес на МПО. При оваа организација постоеле женска и младинска секција. Исто така основала и народно училиште. Женската секција била основана во 1928 год., а младинската во 1929 год. Членството на МПО „ Костур “, работело непрекинато за уште поголем успех на народното дело.

**Македонската политичка организација „ Христо Матов “- Масилон, Охајо**

Македонската политичка организација „ Христо Матов “, Охајо била основана на 2 јуни 1931 год. На истоимената дата, на иницијатива на група македонски сонародници, кои живееле во Масилон Охајо било одржано големо собрание, на кое одржал говор поранешниот секретар на ЦК на МПО г-ин Асен Аврамов. На тоа собрание, кое се одржало во салата, на адреса 1235 Џексон Стрит, Саут Вест, со целосна едногласност било решено да се основа македонска политичка организација во градот Масилон. Новоформираната македонска организација со полна едногласност била именувана: „ Христо Матов “. МПО „ Христо Матов “ веднаш била примена за редовен член на моќниот сојуз. Нејзиното знаме било осветено на 10 мај 1936 год, од д-р Крсто Ценов. Под знамето на МПО „ Христо Матов “ биле организирани речиси сите сонародници, кои живееле во Масилон, Охајо. Поголемиот дел од македонската емиграција во Масилон, биле по потекло од Преспанско, Леринско и Костурско. Тие секогаш биле верни на народните идеали. Тие се одликувале со висока свест за дисциплина и единство[46].

**Македонската политичка организација „ Солун “- Спрингфилд, Охајо**

Македонската политичка организација „ Солун “ во градот Спрингфилд, Охајо, била основана на 22 Април 1922 год. На основачкото собрание кое се одржало во кафулето на г-ин Вангел Тонев, кој бил родум од Воден, одржал говор г-ин Сребрен П. Петров. Присутните на собранието, едногласно решиле да се организираат во името на народните идеали.

---

46. Ibid, 261.

Организацијата најпрвин била наречена „ Мачeник “, а потоа била преименувана во „ Солун “. МПО „ Солун “, за кратко време успеала да ги обедини сите македонки и македонци, кои живееле во овој град. Во 1927 год., била создадена и женската секција. Членството на МПО „ Солун „ непрекинато работело во заштита на народните идеали и одржувала постојани контакти со локалните американски весници, како и со професорот Кругер, искрен и достоен заштитник на праведната народна кауза.

Знамето на МПО во Спрингфилд било осветено во 1928 год., во градот Детроит по одржувањето на 7- от редовен конгрес на МПО. Македонските емигранти во градот Спрингфилд се одликувале со искрена верност кон народните идеали, исто така и со голема трудољубивост.

Во Спрингфилд, надвор од МПО „ Солун “, никогаш не постоела друга емигрантска организација. Огромното мнозинство од македонските емигранти во Спрингфилд, како во минатото, така и сега биле организирани под светото знаме на МПО. Македонската политичка организација во Спрингфилд била и ќе биде една од здравите и нераскинливи делови на народните идеали во Америка[47].

**Македонската политичка организација „ Илинден “- Њујорк**

Во почетокот на 1922 год., група искрени македонки и македонци, кои живееле во градот Њујорк, инспирирани од силна и искрена желба кон нивната поробена и поделена на три дела татковина, решиле да ги обединат нивните патриотски чувства под знамето на Сојузот на македонските политички организации, за чија цел била основана МПО „ Илинден “. Во наредните 17 години Македонската политичка организација во гр. Њујорк ги одбранувала со чест и достоинство интересите на македонската кауза, а нејзиното членсто било верно и наклонето кон својата цел. Како во минатото така и во иднина, тоа работело за уште поголем успех на моќен сојуз во Америка и ги исполнувало задачите на Сојузниот Устав[48].

---

47. Ibid, 266.

48. Ibid, 267.

Македонската политичка организација „ Илинден “ во Њујорк била и ќе биде нераскинлив македонски дел. Под знамето на МПО „ Илинден “ биле обединети сите искрени и верни на народната кауза кои живееле во градот Њујорк.

**Македонската политичка организација „ Независна Македонија “- Сиракјус, Њујорк**

Македонската политичка организација „ Независна Македонија “, во градот Сиракјус, била една од најстарите членки во Сојузот на Македонските политички организации во САД и Канада, која била основана во 1923 год. Иницијатор за свикувањето на основачкото собрание бил г-н Лазар Гошев. На собранието биле присутни 35 члена. Собранието се одржало во салата на 915 Ист Вашингтон Стрит. Со полна едногласност за претседател бил одбран г-н Лазар Гошев. Тогаш организацијата се нарекувала „ Автономна Македонија “. Со основањето на женската секција, организацијата брзо напреднувала. Организационото знаме било осветено во Детроит во 1928 год. за време на одржувањето на 8- от редовен конгрес на МПО. Знамето било подарено од г-ин Петар Стерјов и Григор Василев. И двајцата биле родум од с. Долно и Горно Котори, Леринско. Кум на знамето бил г-ин Тома Узунов. Членството на МПО „ Независна Македонија “ се одликувало со нејзиниот буден и неколеблив патриотски дух[49].

**МПО „ Независност “ во гр. Дукејн, Пенсилванија**

Македонската емиграција, која живеела во околината на големиот и важен индустриски центар - градот Питсбург, Пенсилванија, била организирана под знамто на Македонската политичка организација „ Независност “ во градот Дукејн. Нејзиното членство било од градовите: Дукејн, Микиспорт, Ранкин, Хомстед, Кртисвил, Браунсвил, Вилмердинг, Клаертон и др. Македонската политичка организација „ Независност “ била една од најстарите организации, основана во градот Дукејн Пенсилванија. На 22 Април 1922 год. Истата година била претставена на основачкиот конгрес од Коста Попов [50].

---

49. Ibid, 268.

50. Ibid, 269.

Раководена од значајни луѓе, организацијата како во минатото така и во иднината завземала едно од првите места во сојузните редови. Нејзиното членство секогаш се одликувало со искрена наклонетост кон нароното дело. Организацијата основала училиште, библиотека. МПО „ Независност “ , можела да се гордее со својот народен хор (Хорот „ Родни звуци “), основан и диригиран од г-ин Иван Георгиев. МПО „ Независност “ била прогласена од 17- от редовен конгрес за носителка на сојузното знаме во 1938-1939 год. Младинската секција при организацијата во Дукејн развивала народнокорисна дејност.

**Македонската политичка организација „ Охрид “ - Менсфилд, Охајо**

Македонците кои живееле во овој индустриски град биле организирани под знамето на Македонската политичка организација „ Охрид “. Организацијата во градот Менсфилд, Охајо била основана на 6 Август 1926 год. На основачкото собрание, свикано по барање на браќата Чокреви, говорел г-ин Јордан Чкатров. На тоа собрание биле запишани 60 членови. За претседател бил избран г-ин Иван Чокрев. Во 1929 год., при организацијата била основана и женската секција. Знамето на МПО „ Охрид “ било осветено во 1927 год. Македонците од Менсфилд, Охајо секогаш биле верни на народното дело[51].

**Македонската политичка организација „ Јордан Ѓорков “- Лакавана, Њујорк**

Во индустриското гратче Лакавана, Њујорк ( 30 илјади жители ), предградието на градот Бафало, Њујорк живееле околу 50 македонски семејства. Тие биле обединети под знамето на Македонската политичка организација „ Јордан Ѓорков “, основана на 26 Април 1931 година. Основачкото собрание било свикано на иницијатива на г-ин Христо Димитров, се одржало во локалот на г-ин Георги П. Николов. Собранието било масовно посетено. За претседател на привременото биро бил избран г-ин Христо Димитров, а за секретар г-ин Петар Андреев. Предлогот за основање на македонска политичка организација и во Лакавана бил пречекан со ентузијазам[52].

---

51. Ibid, 271 стр.
52. Ibid, 272 стр.

Идејата веднаш била поткрепена од: Хр. Димитров, Петар Андреев, Георги П. Николов, Благоја Лазаров, Атанас Аргиров, Никола Ефтимов и Ванко Иванов. Ангела Димитрова и г-ца Нада веднаш се запишале за членови на МПО „ Јордан Ѓорков “. Првото раководство го имало следниот состав: Христо Димитров - претседател, Петар Андреев - секретар и Ванко Иванов благајник. Наредната година ( на 2 август 1932 год.) при МПО „ Јордан Ѓорков “, била основана женска секција. Првото раководство на женската секција го имала следниот состав: г-ѓа М. Ефтимова - претседателка, г-ѓа Флорина Иванова благајник. Организационото знаме било осветено на 19 мај 1935 год. МПО „ Јордан Ѓорков “ имала успешна дејност[53].

**Македонската политичка организација „ Татковина “ Гери, Индијана**

Македонските иселеници во Гери, Индијана се организирале на 14 декември 1930 год. На основачкото собрание, свикано на иницијатива на неколку македонски иселеници, говорел поранешниот секретар г-ин Асен Аврамов. Присутните на тоа собрание, откако го ислушале говорот на г-ин Аврамов, со полна едногласност решиле да се обединат под сојузното знаме на МПО. На истото собрание било избрано и првото раководство.

Во 1931 год., МПО „ Татковина “, успешно го изнела 10- от редовен конгрес на Македонските политички организации во Америка. Наскоро по тоа била формирана женската секција, чии членки непрекинато работеле на народните идеали. Знамето на МПО „ Татковина “ било осветено на 24 мај 1933 год. Напредокот на македонската организација во Гери елоквентно сведочи за цврстата патриотска свест на македонските емигранти во Америка. Агентите на српската пропаганда во Чикаго вложиле енормни напори, за да ги отргнат Македонците во Гери од патот на народните идеали. Овие престижи на српските шовинисти предизвикале уште повеќе членството да се бори ентузијастички. За работата на оваа организација, свој придонес дале и Никола Алабак и Стојан Лазаров[54].

---

53. Ibid.
54. Ibid, 273.

**Македонската политичка организација „ Пере Тошев “ - Џанстаун Пенсилванија.**

Македонското иселеништво во овој град било составено од 15 семејства, кои биле обединети во организацијата МПО „ Пере Тошев “, чии основи биле поставени во 1923 година. Македонците од овој град отсекогаш биле верни на македонските идеали. Тие дале блескави докази за искрената верност кон народното дело. Членовите и членките на МПО „ Пере Тошев “, секогаш биле коректни кон Централниот Комитет, дури и во периодот на големата економска криза во 1932-1933год. Тие настрадале многу во 1936 година, од големите поплави. Во овие поплави освен што бил разрушен до темел организациониот клуб, настрадал и Григор Костов, долгогодишен секретар на МПО „ Пере Тошев “[55].

**Македонската политичка организација „ 3- ти Август “- Џексон, Мичиген.**

Оваа организација била основана на 1 јуни 1934 година. Македонските иселеници од овој град имале потекло од с. Арменско (Леринско). Речиси сите биле членови на МПО „ 3- ти август “. Нивниот број не бил голем, но и покрај тоа тие развиле една значајна патриотска дејност. Оваа организација го добила името во сеќавање на големата борба, која се случила во околината на с. Арменско, за време на Илинденското востание. Тогаш селото било опожарено од страна на турските војски. При овој напад од страна на турската војска биле убиени 80 арменчани (мажи, жени и деца).

**МПО „ Даме Груев “ - Индијанополис, Индијана**

МПО „ Даме Груев “ била основана во 1922 год., е една од најстарите членки на моќниот сојуз во Америка. Организацијата во Индијанаполис, која до 1923 год., била позната под името Леринско братство, завзела учество на Основачкиот Конгрес на МПО, со свој делегат - Трајан Николов. Оваа организација секогаш завземала едно од првите места, во редовите на локалните организации. Во неа членувале речиси сите искрени Македонци, кои живееле во Индијанаполис[56].

55. Ibid, 274.
56. Ibid, 278.

Биле направни неколку обиди од странски агенти за отргнување на емиграцијата во Индијанаполис од патот на народните идеали, кои завршиле со срамно фијаско. При организацијата постоеле: женска и младинска секција, кои развиле исклучителна народнокорисна дејност. МПО „ Даме Груев “, изнела три од годишните конгреси на МПО: вториот, одржан во 1923 год., четвртиот - во 1925 год., и 16- от - во 1937 год. Мнозинството од нашите емигранти, кои живееле во Индијанаполис, потекнувале од Леринско, а останатите биле од Битолско, Костурско и од други делови на Западна Македонија. Оваа организација секогаш ја подржувала црквата. Сите членови, членувале во црковната општина и ревносно се грижеле за храмот во градот Св. Стефан. Помеѓу членството на МПО „ Даме Груев “, секогаш постоела братската едногласност за сите прашања, кои ги засегаат интересите на народната кауза. Македонската емиграција во Индијанаполис, им служела на македонските идеали со искрена верност. МПО „ Даме Груев “, имала свој народен дом. Во салата собирало околу 300 луѓе. Таму се одржувале вечеринките на организацијата, женската и младинската секција и црковната општина. Зградата била подарок од Јане Крстев и Кр. Кузманов. За поправка и за мебел на народниот дом, организацијата потрошила над 2 илјади долари[57].

**Македонската политичка организација „ Пелистер “- Акрон, Охајо**

Две недели пред одржувањето на вториот конгрес на МПО, една група македонски сонародници во Акрон, Охајо решиле да испратат свој претставник. За таков бил избран Јанаки Дошев. По неговото враќање од Индијанаполис, било свикано собрание во домот на Доре Русоманов. На тоа собрание говорел Јанаки Дошев. По неговиот говор се запишале 18 души членови. Кон 1927 год., членството на МПО „ Пелистер “, броело околу 100 членови. Истата година ( во месец мај ), биле поставени основите на женската секција. На основачкото собрание, говорел поранешниот сојузен секретар Јордан Чкатров. Организацијата во Акрон, Охајо успешно изнела два од годишните конгреси на нашиот моќен Сојуз, имено: 6- от, кој се одржал во 1927 год., и 14 -от- во 1935 год[58].

---

57. Ibid.
58. Ibid, 279.

Во месец мај 1939 година македонската емиграција во Акрон, организирана под знамето на МПО „ Пелистер “, успеала да го заврши својот извонреден народен дом. Местото на кое бил изграден најновиот македонски народен дом во Америка било подарено од Лазар Москов, родум од с. Горно Врбени, Леринско. При оваа организација освен женската, постоела и младинска секција. И двете секции работеле неуморно за напредувањето на народното дело и секогаш ги поддржувала сите потфати на организационото раководство. Членството на МПО „ Пелистер “, секогаш имало јасна свест за своите обврски кон народното дело и ги исполнувало со чест и достоинствено. Поголемиот дел од нашите емигранти во Акрон, Охајо потекнувале од Леринско, Битолско и Прилепско. Имало неколку семејства од Охридско и две од Гевгелиско. Врз основа на горе изложеното можеме да кажеме дека локалните организации гиноселе имињата на познати историски личности како Александар Македонски, Пере Тошев, Даме Груев, Тодор Александров, понатаму од особено значење се имињата: Илинден, Татковина, Независна Македонија, како и имињата на локалните организации - Вардар, Пирин, Костур итн. Сето тоа укажува на вродениот македонизам кај македонската емиграција. Како резултат на изворните податоци кои стојат на располагање, треба да се спомене дека во САД биле формирани најмногу локални организации на МПО. Во продолжение ќе го анализирам создавањето на локалните организации на МПО во Канада и Австралија.

## 2.2. Локалните организации на МПО во Канада

### Македонската политичка организација „ Правда “- Торонто, Канада

Македонската политичка организација „ Правда “ во градот Торонто, Канада, била основана во 1922год. На 14 Мај истата година во салата на хотелот „ Бул Хед “ била свикана свечена конференција, на која присуствувал и г-ин Сребрен П. Петров. На таа конференција било решено да се прокламира идејата за организирањето на патриотската македонска емиграција во Торонто. За таа цел на 1 јули, во црковната зграда било востановено јавно собрание, на кое говорел г- ин Сребрен П. Петров[59].

---

59. Ibid, 250.

По неговиот говор, претставниците решиле да основаат македонско братство, кое го добило името „ Правда “. По два месеци на чело на братството застанал Ламбе Тенеќев. Последниот наскоро успеал благодарение на општествените донатори да го издигне авторитетот на братството и да го зголеми членството. Следната година братството на Торонто, земало учество ( со два члена ) на вториот редовен Конгрес на МПО, кој бил одржан во Индијанаполис, Индијана. Од тој Конгрес организацијата од Торонто, редовно учествувала на сите годишни конгреси на македонскиот моќен сојуз. Организираното македонско општество во градот Торонто било секогаш смирено и будно на својата цел.

Членството на МПО „ Правда “, дало блескави докази за искрена верност кон народното дело. Во 1927 год., МПО „ Правда “, го проширила кругот на својата културно-просветна активност. Тогаш била основана и женската секција. Истата година била донесена одлука за изградба на народен дом. За остварувањето на таа цел пред се грижело членството на организацијата и црковното раководство. Во 1929 год., организацијата во Торонто успешно го одржала 8- от редовен Конгрес на МПО. По неколку години настапила голема стопанска криза, сепак МПО „ Правда “ била постојано на својата цел и редовно ги исполнувала сите свои задачи кон Централниот Комитет и весникот. Членството на МПО „ Правда “, покрај дадените против него напади од страна на неколку несовесни луѓе, секогаш имало јасна претстава односно сите проблеми, ги засегале интересите на македонското ослободително движење. Високата свест на достојната емиграција во Торонто, обединета под знамето на МПО, била манифестирана на еден величенствен начин во 1936 год., преку 15- от редовен конгрес, кој се одржал во градот Торонто . Македонската политичка организација „ Правда “ 3- от член на македонскиот моќен сојуз- бил една од цврстите потпори на народните идеали. Таа приредила многу вечеринки, литературно - музички забави, а пак театарската група изнела со голем успех многу претстави. Културно - просветната дејност развивана од МПО „ Правда “ секогаш била поткрепувана од црковната општина во Торонто. Раководството на МПО „ Правда “ вложувала големи напори и за воспитувањето на младината. За таа цел била основана при организацијата младинска секција, која развивала пофална народна активност[60].

---

60. Ibid.

**Македонската политичка организација „ Владо Черноземски “ - Виндзор, Канада**

На основачкото собрание на оваа организација, присуствувале речиси сите Македонци кои живееле во овој град. За водач на новоорганизираното македонско општество во Канада, со полна едногласност бил избран македонскиот херој Владо Черноземски. МПО „ Владо Черноземски “, ревносно ги негувало македонските интереси, а нејзиното членство развивало непрекината дејност за уште поголем успех на македонското дело. При организацијата било отворено народно училиште со околу 18 ученици. На 2 ноември 1939 год., на денот кога се празнувала петгодишнината од основањето на организацијата била основана и женска секција[61].

### 2.3. Локалните организации на МПО во Австралија

Врз основа на изворните податоци со кои располагаме, дознаваме дека во Австралија биле основани неколку македонски политички организации и тоа: МПО „ Трајко Китанчев “- Брицтаун, Западна Австралија; МПО „ Тодор Александров “- Мелбурн и МПО „ Владо Черноземски “- Викторија.

**Македонската емиграција во Австралија**

**Кратки белешки за Македонските политички организации**

**Во Мелбурн и Шепртон**

Како почетна година за доаѓање на македонската емиграција во Австралија може да се смета 1922 год. Од тогаш наваму започнале да доаѓаат поголеми групи на Македонци, главно поради тешките услови за живот, кои настапиле во поробената и драга татковина - Македонија. Македонската емиграција тука се згомелемила за неколку години и имало неколку илјади души. Поради фактот дека емиграцијата била уште млада, затоа не била целосно утврдена и собрана во градовите[62].

---

61. Ibid, 277.
62. Ibid, 246.

Многумина биле распрснати низ градовите и по фармите каде ја заработувале прехраната. Сепак од неколку градови имаме компактни маси на македонски емигранти. Некои ги повлекле и семејствата од Македонија и заживеале семеен живот. Заедно со тоа оние кои можеле да заштедат малку пари, отвориле свои бизниси, купиле свои фарми или градини. Македонските емигранти живееле главно во следните градови:

**Западна Австралија- градот Перт-** Во тој град живеела доста будна македонска колонија. Освен ергените имало доста фамилијарни луѓе. Мнозинството биле од Костурско и Леринско. Многумина од нив биле работници, но имало и бизнисмени. Централното место каде што обично се собирале Македонците се нарекувало „ Маседонијан Хом ". Надвор од градот во месноста Ванеру имало доста градинари. Некои од нив биле сопственици на градини.

**Град Брицтаун** - Во тој град имало доста македонски емигранти, кои работеле на овошните градини. Други работеле во шумите, а некои поседувале свои фарми, од кои се прехранувале. Мнозинството од Македонците биле од Леринско и Битолско. На најмногу познатото житно поле Мура, работеле костурчани и главно од селото Кономлади.

**Јужна Австралија- главен град Аделаида**

Тука не живееле многу Македонци. Сепак во Бракин Хил, живееле доста наши браќа, кои работеле како рудари во богатите златни и сребрени мини во областа. Некои купиле сопствени места.

**Држава Викторија- град Мелбурн** - Низ целата држава живееле доста Македонци, кои работеле по фармите, или пак изнајмувале фарми за да ги обработуваат самите. Имало фамилијарни, но имало и ергени. Некои се занимавале со сточарство. Во градот Мелбурн живееле доста Македонци. Некои од нив се работници, а други имале свои бизниси. Повеќето од нив биле членови на локалната организација на МПО „ Тодор Александров ", при која требало да се формираат женска и младинска секција[63].

---

63. Ibid.

Имало македонски клуб, каде се собирале членовите на организацијата и нивните симпатизери. Содржател на местото бил г-ин Атанас Наумов од с. Неред, Леринско.

**Град Шепартон, држава Викторија** - Во овој град живееле исто така доста Македонци. Сите речиси биле организирани во локалната организација на МПО „ Владо Черноземски " и биле активни членови. Повеќето од нив биле работници. Некои поседувале сопствени куќи и градини за обработување. Повеќето од нив биле од Леринско.

**Град Сиднеј, Норт Саут Велс** - Во овој град имало малку Македонци. Сепак во индустрискиот град Њу Касл имало повеќе. Речиси сите работеле во леарните фабрики на градот и биле доста добри во материјален однос.

**Квинсленд, Бризбејн** - Тука Македонците се занимавале главно со обработување на памук и шеќерна трска. Тоа се главните места каде што живееле Македонците во Австралија. Општо земено нашата емиграција која го носела на грб тероророт на новото ропство во Македонија било со будна национална свест. Во огромното мнозинство нашата емиграција живо се интересирала за македонското ослободително движење. Весникот „ Македонска Трибуна " се добивал на многу места и оние кои не го добивале го читале со жив интерес од другите кои го добивале, бидејќи таму гледаат достојна заштита на Македонија. Во борбата се следела политиката на МПО и со гордост се читале пројавите на МПО во Северна Америка[64].

Од претходно наведеното ги разгледавме локалните организации на МПО, кои биле формирани во САД, Канада и Австралија. Повеќето од нив го носеле името кое било во најтесна врска со поимот Македонија. Важно беше да се анализираат овие локални организации, бидејќи и биле потребни на организацијата за да може да ја формира пред се својата организациона мрежа и начин на дејствување. Исто така дознавме дека при овие организации биле создадени женски и младински секции, кои дале свој придонес со својата активност. Во продолжение ќе ја анализираме активноста на организацијата.

---

64. Ibid.

# ГЛАВА ТРЕТА

## АКТИВНОСТА НА МПО ( 1923-1945 )

### 3.1. Конгреси на МПО ( 1923-1945 )

Познато е дека годишните конгреси на МПО се одржувале еднаш во текот на годината, додека пак вонредните како налагале околностите. Во врска со Основачкиот Конгрес на Организацијата, веќе говоревме. Сега ќе пристапиме кон разгледувањето на останатите побитни конгреси. Вториот конгрес на МПО, бил одржан на 1 септември, 1923 год., во Индијанаполис, Индијана. Домаќините организирале вечеринка во салата на православната црква „ Св. Стефан ". На 2 септември се прочитал извештајот на ЦК. Прикажани биле два политички референта од Михаил Николов и Павел Ангелов. За прв пат присуствувал и претставник од Канада. Така Организацијата се претвара во сојуз, опфаќајќи ги САД и Канада[65].

Централниот комитет на МПО го имал следниот состав: Васил Ишков ( претседател ), Атанас Лебамов ( потпретседател ), Михаил Николов ( секретар ), Мајк Козма ( благајник ), сите од Форт Вејн и советникот П. Ангелов од Чикаго. Во резолуцијата што била примена два дена подоцна било истакнато дека Македонското прашање продолжило да биде еден од главните извори за притисок во Европа и по Првата светска војна. Прашањето можело да се реши преку формирање на Балканска федерација, составена од Македонија, Бугарија, Албанија, Хрватска и Црна Гора, зачувувајќи ја автономија, на основа - еднаквост и братство.

---

65. Д-р *Иван Гаджев,Иван Михайлов – Отвъд легендите, ТОМ 2 , част първа, София 2009., 45стр.*

За понатамошното организационо зацврстување, конгресот завземал три важни решенија: прво - да се одберел нов ЦК на МПО; второ - секој член да ја внел во благајната на ЦК дневницата; трето - било препорачано издавање на сопствен редовен весник на бугарски книжевен јазик именуван „ ПОЛИТИЧКИ БИЛТЕН ". Првиот број бил испечатен на 21 август 1924год., во предвечерието на Третиот конгрес во Чикаго. Се објавувал нередовно, и бил испраќан во почеток на локалните МПО одбори. Од наредната година станал достапен за секој, кој што ќе внел претплата по 5цента по број. Во четвртиот број од декември 1924год., биле изнесени информации околу убиството на Тодор Александров, а подоцна се појавиле и првите трговски реклами[66].

На 2 август 1924год., во САД пристигнал Јордан Чкатров со препорачани писма од Тодор Александров. Уште на 12 август се вклучил во работата на МПО „ Костур " во градот Форт Вејн, се поврзал со ЦК на МПО и учествувал во подготовките на Третиот конгрес, закажан за 31 август - 4 септември 1924год. На него се дискутирало за неговата кандидатурата, како најсоодветна за должноста секретар на ЦК, кој што требал да се зафати со реализација на идните амбициозни планови на Организацијата - масовност, формирање на печатен орган, печатен во сопствена печатница, финансиско стабилизирање. Конгресот го прифатил официјално Уставот на Организацијата. Се изјаснил одосот меѓу МПО и бугарските православни свештеници. Во почетокот членовите на МПО можеле да бидат само свештеници, родени во Македонија. Била донесена одлука седиштето на ЦК да се премести од градот Форт Вејн во Индијанаполис - поголем град, каде што функционирале американските служби, седиштата и редакциите на окружниот печат. Тоа давало можност за подобра комуникација. Во крајот на конгресот се искажале огнени говори од Јордан Чкатров, Лазар Киселинчев и свештеникот Давид Наков. Во својот говор Киселинчев предлагал МПО да има задача за изградба на свој народен дом во некој град на САД, кој ќе ја засолни редакцијата на организациониот весник, канцелариите на ЦК, да има сала за конгреси, простории за одмор и поконгресни забави.

---

66. Иван Михайлов, " Тодор Александров ", публикувано във в-к " Македонска Трибуна ", САЩ, 20 август, 1987 година, 3 стр.

Третиот конгрес на МПО бил одржан во Форт Вејн, Индијана на 31 август, 1,2,3 и 4 септември 1924 год., бил даден нов мотив на народното дело. На таа историска конфенција присуствувал ( како претставник на македонскиот национален комитет од Бугарија) Јордан Чкатров. Последниов на предлог на Фидан Димитров, делегат на МПО „ Независност “, од градот Дукејн едногласно бил избран за секретар на ЦК на македонските политички организации. На третиот редовен конгрес бил избран следниот состав на ЦК : Пандил Г. Шанев[67] ( претседател ), Геле Србинов ( потпретседател ), Јордан Чкатров ( секретар ), Таше Попчев ( благајник ), и Ламбо Киселничев ( советник ). За членови на Контролната Комисија биле избрани г-ин Тодор Василев, Вангел Шишков и Ст. Георгиев.

Третиот конгрес завршил на 5 септември 1924 година. За три години новоформираниот сојуз го совладал својот Рубикон и обезбедил активна политичка дејност. Седиштето останало до 1983год., во Индијанаполис. Тогаш на Шеесет и вториот конгрес во Детроит било препорачано седиштето да се врати во градот Форт Вејн, Индијана. Во јануари 1925год., издавачот на „ Политички Билтен ” Жеко Банев го напуштил Чикаго и ја префрлил печатницата во Детроит. И од тука весникот продолжил да стигнува до членовите на организацијата, а Лазар Киселинчев имал обврска да ги преведува најактуелните материјали на англиски јазик[68].

Истовремено со стабилизирањето на печатениот орган, раководството на МПО правело се што е неопходно за опремување на сопствена печатница. Првата сума од 20 долари за таа цел била направена од МПО „ Правда ” од Торонто. Во летото 1925год., ЦК го легализирал статутот пред судските органи во Индијана и тоа го забрзало собирањето на помош за печатницата. Локалните организаци се изјасниле со мислење, дека издавањето на сојузниот весник треба да биде доверен на популарен и искусен публицист од Бугарија, кој што бил член на тамошните патриотски групи.

---

67. Бил родум од с. Екши - Су, Леринско долгогодишен претседател на ЦК, избран од Третиот конгрес на МПО и реизбиран постојано во наредните 14 години. Пандил Шанев починал на 26 Јануари 1939 год во Индијанаполис. Тој бил многу почитуван во редовите на македонската емиграција.
68. Д-р *Иван Гаджев,Иван Михайлов – Отвъд легендите, ТОМ 2 , част първа, София 2009., 46стр.*

На 6 јуни 1925год., се завршувало со формалностите околу официјалното регистрирање. МПО добило официјален докумет, потпишан од државниот секретар на државата Индијана, со кој организацијата се признала за законска, со право на секаков вид легални иницијативи, во согласност со Уставот и американските закони.

На Четвртиот конгрес на заседанието од 6 септември 1925год., меѓу многуте прашања и проблеми, ставени на разгледување се истакнува, дека излезените четири броеви на Билтенот помогнале за популаризирањето на Сојузот. Сепак недостатокот на издавачката база сметала за неговото редовно бирање. За создавањето и до моментот во касата на ЦК пристапиле околу 5 760 долари.

На 9 октомври 1925год весникот „ Политички Билтен " ја поместува Резолуцијата на Четвртиот конгрес на МПО за олеснување на собирањето на основниот капитал за печатницата. На 23 август 1926год., Лазар Киселинчев испратил примерок во ЦК на сојузна (значка) за членовите на МПО. Проектот бил одобрен и било одлучено тоа да се подели за време на Петиот конгрес на МПО во Харисберг, Пенсилванија закажан за 6 септември 1926 год.

Главната тема на дебатите било престојното излегување на пилотниот број на весникот „ Македонска Трибуна " Крсто Белјанов од Софија кон кого бил упатен предлогот за редакторски пост, откажал да замине за Америка. Тој сепак го препорачал како достоен свој заменик Борис Зографов, кој што ја прифатил поканата. На Петиот конгрес бил распространет и Уставот на МПО излезен во посебна брошура, на бугарски и англиски јазик. На 5 јануари 1927год., ЦК обезбедил во Индијанаполис соодветна просторија за печатницата. Додека да ја инсталират пристигнатата технологија, Борис Зографов го подготвувал првиот број на весникот „ Македонска Трибуна " кој што излегол на 17 февруари. Истата година МПО „ Костур " во Форт Вејн станува иницијатор за изградба на бугарско народно училиште при Организацијата. Дотогаш такви веќе имало во Гранит Сити и Медисон, Илиноис, Стилтон - Пенсилванија и Торонто, Канада[69].

---

69. Ibidem, 46.

Целта на училиштето била да ги воспоставува децата на емигрантите во патриотски односи и да ја зачува жива врската со татковината на нивните дедовци. На 10 март 1927 год., во весникот „ Македонска Трибуна ” излегла статијата „ Прашањето на бугарските училишта во Америка “. Во неа се истакнувало дека според законите на САД и Канада македонските деца требало да ги посетуваат задолжително американските училишта. Така пред нив се отварале по големи можности за личен просперитет.

Во крајот на април 1927год., ЦК на МПО изгласало решение во Њујорк да се отворело и првото „ Македонско пресбиро ”. Работата во него била превземена од Лазар Киселинчев и Христо Низамов. На 1 мај 1927 год., тие биле ополномоштени официјално да преговараат и печатат материјали од името на МПО. Нивната задача била да ги следат излезените публикации на англиски јазик, поврзани со Македонија и да реагираат компетентно и навремено на невистини или тенденциозно превртување на вистината за „ Македонското прашање ”. Бирото требало да утврдува врски со лица и организации во Америка и Европа, кои што појавувале интерес кон политичките настани на Балканот, снабдувајки ги со автентични информации за историјата и актуелните вести таму. Преку пропагандите и патриотските материјали во свој печатен орган и превземените иницијативи МПО наскоро се наметнала како најавторитетна патриотска организација на Македонците и браќата од Стариот крај, прифатени на американскиот континент. Тоа и дозволува на организацијата да преживее и да остане значајна во време на светската економска криза и по братоубиствените раздори, настанати во редовите на ВМРО по вина на Иван Михајлов[70].

---

70. Ibid, 47.

### 3.2. Декларации

Во врска со донесените декларации од страна на конгресите ќе пристапиме кон анализирање на истоимените, почнувајќи од Декларацијата донесена на Седмиот редовен годишен конгрес.

Врз основа на информациите со кои располагаме, најпрвин дознаваме дека Седмиот редовен годишен когрес на МПО во САД и Канада, бил свикан во Детроит, Мичиген на 9/10/11 и 12 септември 1928 год. Земајќи ја во предвид политичката ситуација во Европа и особено таа на Балканот, двете поврзани со решението за македонскиот проблем, и во интерес на Балкански и Европски мир, изјаснил дека наместо подобрување на животот на Балканскиот Полуостров, дошло до влошување на состојбата. Условите во Македонија под српска и грчка власт се влошувале секој ден. Имало пресметки за политичко - правни судења на невини македонци свикани по наредба на српската и грчката управа, бројни смртни пресуди, доживотни затворања, и стотици убиства на македонски мирни граѓани извршени од српската и грчката полиција биле само одраз на големото безвластие во нашата татковина. Друштвото на Народите, однесувајќи се несовесно кон многуте протести против овие неправди, ја избегнувало примената на клаузулите за малцинствата наведени во мировните договори. Во оваа декларација се истакнува дека тоа бил единствениот овластен меѓународен институт надлежен да води сметка за редовната примена и исполнување на овие договори. Седмиот Конгрес, прописно анализирајќи ги постојаните затегнати односи помеѓу Белградската централистичка влада и целата Хрватска нација, едногласно објавувала дека Белградската политика била злонамерна кон Јужнословените, дека таа политика целела кон целосно воведување на превласт на Белград над не-српските народи на Југославија. Организираното Македонско иселеништво во Америка било целосно убедено дека со заеднички напори на Хрватите и Македонците, борбата против угнетувањето и денационализацијата од страна на Белград ќе била поуспешна и дека на тој начин ќе било полесно да се воведе самовладеење и слобода за поединечните Јужнословенски народи[71].

---

71. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.14/113, Деларација на Седмиот Редовен Годишен Конгрес на Сојузот на македонските политички организации во САД и Канада, 1стр.

Конгресот едногласно нагласил дека единствено целосно внатрешно самовладеење на сите балкански земји, вклучувајќи ја Македонија која требала да го ужива правото на еднаквост меѓу еднаквите, можела да го поплочи патот за обединувањето на овие земји, кое само по себе ќе поминело без какви било поводи за несреќи и нови војни и малите балкански земји ќе се ослободеле од влијанието и заштитата на заинтересираните големи европски сили.

Осмата годишна конвенција на МПО во САД и Канада , била свикана во Торонто, Канада, од 1-4 септември 1929 год., темелно прегледувајќи ја политичката ситуација на Европа во врска со Македонското прашање, земјаќи ги во предвид особено условите во диктаторската земја на СХС сметала дека е неопходно да изјасни во прв ред дека некои политички партии, многу јавни тела сватиле дека договорите од Париз од 1919 год., се неправедни и имале потреба од ревизија врз основа на правдата и вистината. Прашањето за заштита на малцинствата како услов за траен мир во Европа, морало сигурно и праведно да се реши поради милионите обесправени народи кои ја негувале страста за народни револуции и нови меѓународни конфликти. Конвенцијата изјаснила особена надеж во Лабуристичката влада на Велика Британија, чиј став како што бил изјаснет во категоричната објава на нејзиниот премиер Рамсеј Мекдоналд било навестување дека идејата за воспоставување на меѓународниот живот по принципот на самоопределување се оплодува дури и во свесноста на одговорни политички фактори од победничките земји на Европа. Друштвото на Народите кое неодамна покажало интерес за прашањето за заштита на малцинствата, требало да го чува прашањето на дневен ред се додека не најде решение во однос на интересите на самите малцинства. Тоа требало да ја напушти политиката на одложување и да навлезе подлабоко во толкувањето на нивните барања и протести. Конвенцијата особено ја земала во предвид критичната ситуација во тој дел од Македонија кој е во границите на Кралството СХС, каде оваа политика на србинизација, применета на угнетувачки начин непознат за историјата ја претворил државата во „ вистински пекол “[72].

---

72. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.14/121, Деларација на Осмиот Редовен Годишен Конгрес на Сојузот на македонските политички организации во САД и Канада, 1стр.

Против ситуацијата во оној дел на Македонија кој е под грчка власт, конвенцијата кренала силен глас на протест зошто тамошното македонско население, било лишено од неговите училишта, цркви итн. Било изложено на организирано економско гонење со цел присилно да се истераат од своите домови. Подготвеноста да соработуваат со Хрватската Национална Организација на Америка- Хрватско Коло на САД и Канада- е најдобар доказ за нивната почит кон хрватското свето право да располагаат и управуваат со своите сопствени судбини. Желбата на конвенцијата била меѓусебна активност на двете братски организации во САД и Канада - Македонската Политичка Организација и Хрватско Коло да се интензивира за да постигнат поголеми резултати. Организираното македонско иселениште во САД и Канада го нагласила фактот дека единствено воспоставување на Балканска Федерација во која Македонија со својот интегритет би требало да ги ужива правата на еднаквост, ќе го пацифицира Балканот и ќе ги гарантира условите за нормален развој на сите балкнаски народи во полето на културен и економски развој[73].

Деветата годишна конвенција на МПО на САД и Канада, била одржана во Јангстаун. Охајо, од 31 август до 4 септември 1930 год. Била земена во предвид ситуацијата во Македонија и идејата за Балканска Федерација со цел да им се дало одговор на заинтересираните страни кои подоцна ја широле веста дека Македонците биле против мир на Балканот и објавиле војна на секој Балкански соживот. Понатаму било истакнато дека единствениот начин да се достигнело разбирање за федерацијата на Балканските земји било да се отстранат плановите за асимилација на придушените луѓе таму. Враќањето на слободата од Грција и Југославија на обесправениот македонски народ и остварувањето на паролата „ Македонија на Македонците “, која била дадена како решение на македонското прашање и воспоставување мир на Балканот од страна на англискиот политички лидер Вилјам Гледстоун, ќе ги овозможело единствените корисни услови за Балканска Федерација[73]. Секој друг начин особено за време на моменталната состојба на Македонија немало правилно да го реши балканскиот проблем, а Македонија ќе го сметала за нејзино право продолжувањето на битката за слобода со повеќе сигурност и упорност.

---

73. Иван Михайлов, "Македония - Швейцария на Балканите", Индианаполис, САЩ, 108 стр.

Според политичкиот извештај на Централниот Комитет во врска со политичката ситуација во Европа, особено на Балканот, со особено внимание кон мирот и редот во Македонија, Десеттата годишна конвенција на Македонската Политичка Организација во САД и Канада, која била одржана во Гери, Индијана, 6/7/8 септември 1931 год., во прв ред изјавила дека Париските мировни договори се угнетувачки и содржат елементи на голема неправда, кои не можеле повеќе да се толерираат. Победените етникуми, лишени од своите права поделени од страна на клаузулите за малцинствата на истите договори, претставувале елемент на опасност и револт и закана за предизвикување на меѓународни компликации и конфликти, кои воделе до војна. Малцинствата во земјите биле изложени на присилна денационализација. Клаузулите од мировните договори, направени за заштита на малцинствата биле брутално игнорирани, а Друштвото на Народите, чија задача била да ги одбрани , не обрнало никакво внимание на бројните желби на сите национални малцинства. Во Југославија, која го вклучувала најголемиот дел од Македонија, победниците Срби по неуспехот да ги асимилираат Македонците и другите националности во земјата, воспоставиле диктаторство кое три години ја носело „ Големата српска идеја “, за присилна денационализација со пиштол и нож во границите на Македонија, Хрватска, Црна Гора, Словенија, Банат итн. Тоа го засилило отпорот на угнетените малцинства да се борат за своите права. Поголем терор бил вршен во Македонија, која ја именувале како „ Долна Србија “. Им забраниле на Македонците, Турците, Власите, Ереите во Македонија да зборуваат на својот мајчин јазик. Ги уништиле нивните културни споменици и ги затвориле училиштата, црквите, манастирите и други културни институции. Биле затворани и убивани Македонци, чие единствено злосторство било што не се родиле како Срби. Судбината на Македоците под грчко владеење не била нешто подобра, односно и покрај изјавите на Г. Венизелос дека бил поготвен да им подели национални права на малцинствата во Македонија, тие сеуште биле лишени од своите училишта, цркви и други национални права. Македонското население поробено од грчката влада било во состојба да се бори и во текот на последните години ја продолжиле истата борба за слобода и мир[74].

---

74. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.21/156, Деларација од Десетиот Редовен Годишен Конгрес на Сојузот на македонските политички организации во САД и Канада, 2стр.

Според оваа Конвенција сите конфликти на Балканот биле резултат на нерешени национални прашања, кои биле центрирани во Македонија. Поради тоа со цел да се промовирало искрено и мировно разбирање меѓу балканските народи, правата на македонскиот народ, кој се борел за обединување на трите дела од Македонија и создавање на независна држава, морале да се задоволат. Па кога сите народи на Балканот ќе биле целосно слободни и кога ќе се воспоставела еднаквост меѓу нив, тешкотиите ќе се надминеле и ќе се формирала трајна федерација слична на онаа на Швајцарија или САД. Организираните македонски емигранти во Америка сметале дека според условите во кои живеат обесправените националности во Југославија и Грција, морале да ја продолжат битката за македонска слобода. Во тоа движење за слобода Македонците го гледале почетокот на нов поредок и мир на Балканскиот Полуостров. Силата на ова движење им давало надеж на Македонците дека грешките ќе се поправеле, Македонија ќе била слободна земја на која наскоро ќе и се врателе 600.000 македонски иселеници.

Дванаесеттиот редовен конгрес на МПО во САД и Канада, кој бил свикан во Детроит, Мичиген на 3/4/ и 5 септември 1933 год., сметал дека е негова задача да ја обелодени вистината пред светското мислење за суровото и неподносливо маченииштво на кое била изложена Македонија под српска и грчка власт. Македонската емиграција утврдила дека во текот на четиринаесет години, населението на Македонија под српска и грчка власт продолжила да живее под страшен и суров терор. И на овој Конгрес било истакнато дека треба да се стави крај на тиранијата која владеела во Македонија преку воспоставување на мир на Балканот, преку создавање на слободна и независна македонска држава, која ќе служела како врска за основање на посакуваната Балканска Федерација[75].

Тринаесетиот конгрес на МПО бил одржан на 2/3 и 4 септември во Форт Вејн, Индијана, сметал дека треба да ги обелодени необјаснивите страдања на угнетениот македонски народ. Веднаш по окупацијата на родната земја грчките и српските власти ги превземале бугарските цркви и биле затворени бугарските училишта. Бугарските книги, вклучувајќи ја и Библијата биле строго забранети во Македонија.

---

75. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.26/198, Деларација од Дванаесетиот Редовен Годишен Конгрес на Сојузот на македонските политички организации во САД и Канада, 1стр.

Многу Македонци биле убиени, додека пак други за да се поштедат од застрашувачките искуства биле принудени да избегаат, ризикувајќи ги сопствените животи додека бараат спас во странство.

На овој конгрес било истакнато дека диктаторската влада во Бугарија, со желба да ја потисне македонската кауза, започнала без никакви законски основи неоправдано да ги прогонува Македонците во таа област, како и на пола милион Македонци доселеници во самата Бугарија. Стотина Македонци биле притворени, многумина затворени, а македонскиот печат бил изложен на строга и незаконска цензура. Тринаесетиот конгрес сметал дека негова најголема должност била многу сериозно да ја нагласи моменталната вознемирувачка состојба на Балканскиот Полуостров. И покрај најдобрите желби на македонскиот народ за постигнување на праведен и траен мир, таа состојба можела да стане причина за нови компликации и крвопролевања. Разбирање и зближување на балканските народи било можно само преку праведно исполнување на законските македонски барања, односно обединување на трите отцепени делови од Македонија во слободна и независна држава[76].

Четиринаесетата годишна конвенција на МПО во САД и Канада, била одржана во Ејкрон, Охајо на 1/2 и 3 септември 1935 год. И овој конгрес го истакнал дејствувањето на српската и грчката пропаганда. По окупирањето на дел од Македонија, Белградската влада започнала да ја применува нејзината одвратна асимилаторска политика, која резултирала со невиден физички и духовен терор. Затворите биле преполни, со невини Македонци кои одбивале да се откажат од бугарскиот јазик за да го присвојат српскиот. Владата во Атина пак започнала насилно отстранување на десет илјади Македонци, и на тој начин насилно им ги одземала имотите. Во делот на Македонија под бугарско владеење, за време на режимот на Кимон Георгиев, народот бил изложен на најболни страдања и несреќи. Присилени да живеат во таквите услови и целосно отстранети од најмала шанса за правна борба, македонскиот народ бил присилен, спротивно на неговите желби и со големо двоумење да прибегне кон одмазнички акции против своите угнетувачи.

---

76. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.33/232, Деларација од Тринаесетиот Редовен Годишен Конгрес на Сојузот на македонските политички организации во САД и Канада, 3стр.

Конвенцијата сметала дека е нејзина задолжителна задача да ја нагласи потребата да се најде одговор на македонското прашање според желбите на македонскиот народ, не само во име на хармонија на Балканот туку и во интерес на општ европски мир. Повторно бил потврден принципот за независност на Македонија, каде сите раси и националности кои живеат во Македонија ќе можеле да ги уживаат благодетите на слободата и еднаквите права. Конвенцијата истакнала дека за да се реши македонското прашање на мирен начин ќе било потребно да се отворел глас за јавното мислење во трите дела на Македонија, со кои луѓето ќе можеле да ги изразат своите желби и приоритети. Исто така ја изразиле својата благодарност и почит кон сите подржувачи во Америка, Канада и Европа, кои водени од хуманитарни принципи секогаш ја ширеле македонската кауза, со достоинство и чесност, преку информирање на искусниот свет за страдањата и копнежите на македонскиот народ за слобода, правда и независност.

Петнаесетата годишна конвенција на МПО во САД и Канада била одржана на 6/7/8 и 9 септември 1936 год., во Торонто, Канада заклучила дека Друштвото на Народите не направило апсолутно ништо во врска со исполнувањето на одредбите од договорот за малцинствата. На тој начин Друштвото на Народите отворено ја охрабрило суровата асимилаторска политика на Белград и Атина. Внатрешната Македонска Револуционерна организација, која ја управувала револуционерната битка на потчинетиот македонски народ, често пати изјавила дека е подготвена да ја прекине револуционерната активност доколку Србија и Грција ги исполнат одредбите од Договорот за Малцинства и доколку му дозволат на македонкиот народ законски да се бори за обединвање на поделена Македонија во слободна и независна држава. Во името на човештвото, Конвенцијата упатила барање до Друштвото на Народите, под чија заштита било ставено македонското население да назначат постојан комитет кој ќе ја надгледувал примената на одредбите за малцинствата, повторно да биле отворени затворените цркви и училишта и да им се дозволело на големиот број протерани Македонци во Бугарија да се вратат во својата родна земја[77].

---

77. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.41/303, Деларација од Петнаесетиот Редовен Годишен Конгрес на Сојузот на македонските политички организации во САД и Канада, 1стр.

Шеснаесетиот Конгрес на МПО во САД и Канада бил одржан на 5/6/7/ и 8 септември 1937 год., во Индијанаполис, Индијана. Овој конгрес сметал дека голема должност му била да го насочи вниманието кон насилните методи на принуда кон кои се свртела Грчката влада, за да го сокрие националниот карактер на бугарското население во оној дел од Македонија кој потпаднал под грчко ропство. Уште од Светската војна, прогонетите Македонци биле нарекувани „ бугарофони “, од страна на грчките власти, односно Грци кои зборуваат бугарски јазик. Генерал Метаксас во своите напори да ја потисне разбиената национална свест на Македонците се свртел кон одвратни методи на злобно угнетување. Грчките власти им забраниле на Македонците да го употребуваат нивниот мајчин јазик дури и во засолништата на сопствените домови. Оние кои го прекршувале овој декрет и не можеле да ја исполнат таа наредба биле строго казнувани од полициските офицери со сурово камшикување, тешки парични казни, затворање, малтретирање.

Македонските доселеници во Северна Америка и Австралија објавиле дека се подготвени да ги платат сите трошоци за извршување на непристрасна меѓународна истрага, со чија помош праведно и совесно ќе се одредела вистинската состојба на условите во поробена Македонија. Конгресот нагласил дека доколку навремено не се превземеле потребни мерки за прекин на југословенските и грчките политики на присилна денационализација, македонското население во неговата борба за зачувување на националноста ќе го употребел преостанатиот начин, односно вооружена борба. Таквиот судир можел да предизвика нови и поужасни немири не само на Балканот, туку и во цела Европа. Патриотските македонски доселеници во Северна Америка и Австралија гордо ја изјавиле својата непроменлива одлука за цврста подршка на големата битка која ја води македонското население и македонските доселеници во Бугарија заради остварувањето на светото мото „ Македонија на Македонците “[78].

---

78. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.46/360, Деларација од Шестнаесетиот Редовен Годишен Конгрес на Сојузот на македонските политички организации во САД и Канада, 4стр.

Седумнаесетиот Конгрес на МПО, свикан во Бафало , Њујорк на 4/5 и 6 септември 1938 год., решително протестирал против бесмисленото и срамно запоставување од страна на Друштвото на Народите, на легитимното и совршено барање на Македонците за непристрасно засилување на договорот за заштита на малцинствата во границите на нашата сопствена земја. Македонското иселеништво на Америка, Канада и Австралија, организирано во МПО, повторно ја нагласило својата цврста подршка на принципот на слободна и независна Македонија. Во оваа декларација исто така биле истакнати условите во Македонија под грчка и српска власт[79].

Осумнаесетиот Редовен Конгрес на МПО во САД и Канада, одржан во Јангстаун, Охајо, САД на 3/4/5 и 6 септември 1939 год, со длабока радост ја истакнало искрената и длабока почит на македонските иселеници во Новиот свет кон нивните ново - присвоени, драги земји - САД, Канада и Австралија. Конгресот не би ја исполнил својата должност доколку не ја нагласи пред светското јавно мислење со голема жал и вознемиреност неспоредливата сурова неправда нанесена на Македонија со одредбите на Нејскиот мировен договор. Според член еден од Договорот за малцинствата, Кралството СХС, Југославија - била обврзана да ги признае како основни принципи одредени одредби на тој важен меѓународен договор, во прв ред Југославија морала да обезбеди целосна заштита на животот и слободите на сите жители во рамките на своите граници, без оглед на националното потекло, место на раѓање, поранешно државјанство или вера на тие жители според член два и според член седум Југославија во никој случај не смеела да ја забрани на своите нови граѓани употребата на нивниот мајчин јазик, без оглед дали ќе се употребувал во приватни разговори или јавни средби. Како резултат на неверојатните страдања на македонскиот народ, Конгресот пуштил барање за непристрасна меѓународна истрага во Македонија.

---

79. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.48/375, Деларација од Седумнаесетиот Редовен Годишен Конгрес на Сојузот на македонските политички организации во САД и Канада, 2стр.

Должноста на тој истражен Комитет би била да ја одреди вистината во однос на српските и грчките сурови активности. Полноправните претставници на организираното македонско иселеништво, здружени во МПО изјавиле дека македонскиот народ никогаш нема да се оградел од принципот на слободна и независна Македонија[80].

Дваесет и четвртата годишна конвенција на МПО во САД и Канада, одржана на 3 и 4 септември 1945 год., во Детроит, Мичиген со радост ја дочекала објавата на претседателот Труман за капитулација на Јапонија и доаѓањето на мирот. Собраните делегати на оваа Конвенција сметале дека нивна главна должност била да го фокусираат нивното внимание на Балканот, особено Македонија, каде конфликтите и крвопролевањата биле се почести. Сите власти запознаени со ситуацијата на Балканот се согласиле дека заради мир и балкански соживот, македонското прашање морало праведно да се одговори. Македонското прашање неколку пати и било поставено на Европската дипломатија. Поради неусогласените интереси на Големите сили, Македонија не добила правда, слобода, независност и демократија. На 2 август 1944 год., во Југословенска Македонија била формирана Македонска Влада и Народно Собрание со седиште во Скопје. Маршал Тито ги признал правата на Југословенска Македонија и ја прогласил Македонија за една од шестте федерални единици на повторно составената Југославија. На овој конгрес било истакнато дека целта да се обезбеди траен балкански мир, трите дела на Македонија морале да се обединат во географска и политичка државна единица. Доколку конфликтните интереси на Големите сили не можеле да смислат функционална формула за соодветно решение на македонското прашање, тогаш логичен предлог би бил да се ставела Македонија под протекторат на САД, Советска Русија и Англија, со цел Македонија да станела врската на Балканското единство, а не јаболкото на раздорот. Формирањето на Македонија како Швајцарија на Балканот и отстранувањето на конфликтните аспирации на балканските држави, би било најсреќно решение на македонскиот проблем[81].

---

80. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.51/400, Деларација од Осумнаесетиот Редовен Годишен Конгрес на Сојузот на македонските политички организации во САД и Канада, 2стр.
81. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.65/548, Изјава за македонското прашање, 4стр.

### 3.3. Отчети за дејноста на ЦК на МПО ( 1925-1943 )

Во врска со дејствувањето на ЦК, најмногу дознаваме од неговите извештаи. Во Отчетот за дејноста на ЦК претставен пред четвртиот редовен годишен Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 6 август 1926 год., најпрвин е претставено дека во согласност со одредбите на сојузниот Устав, годишниот Конгрес се свикувал во првата половина на месец септември, но со оглед на околностите, односно рокот за престојувањето на сојузниот секретар истекувал на 15 август., па поради тоа се наложила потребата да биде свикан порано на 2 август. Во согласност со Уставот, задачата на годишниот Конгрес била да го ислуша извештајот за дејноста во изминатата година, да го прифател нивниот мандат, да одберел ново централно тело во наредната година. Раководството било многу изненадено од трагичната вест за убиството на Тодор Александров. Во врска со таа вест Централниот Комитет ги превземал потребните мерки за да се оддадела почит кон големата жртва. Како резултат на конвенцијата потпишана од Венизелос и Стамболиски за „ доброволно иселување на населението “, настапиле насилни прогони на илјада Македонци. За ЦК прашањето за подршка на бегалците било прашање на хуманост. На повикот за собирање на суми и предмети за бегалците, емиграцијата се отповикала со целосни симпатии. ЦК се трудел да биде во постојани врски со организациите преку окружни писма. Според карактерот и смислата на постоењето организациите имале за задача да вршат една широка пропаганда во корист на македонското прашање, да го осветлуваат јавното мислење за фактичката состојба во Македонија, да стекнат симпатии и соработка со разни лица и институции за спроведување на задачите и да ги демаскирале сите обиди на непријателите на Македонија да ја изпочале вистината и да го заблуделе јавното мислење. Во тоа се состоела политичката дејност на сојузот. Една од задачите на Комитетот била да упати протест пред Друштвото на Народите во врска со страшната положба на бегалците и општата состојба во Македонија. Понатаму известуваат дека во организационата и политичката дејност постоела една голема празнина, односно немањето на организационен весник[82].

---

82. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.8/48, Извештај за дејноста на ЦК на МПО претставен пред Четвртиот Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 6-ти август 1925год., во гр. Индијанаполис, Индијана., 11 стр.

Секој ја чувствувал потребата од организационен весник и многу добро разбирал дека не постои организирано тело без свој печатен орган, кој бил најмоќното средство на борба за изнесувањето на принципите на неговата борба. Минатогодишниот Конгрес во врска со дополнувањето на таа празнина се служел со издавањето на Билтен. Од него излегле само четири броја, од кои неколку статии биле на англиски јазик. Било забележано дека тој неможел да ги задоволи барањата на борбата, поради тоа што излегувал многу ретко, а тоа било пред се поради немањето на средства, како и поради немањето на печатна машина, често пати доцнел. Во нивната работа тие се залагале за да се заштитат интересите на емиграцијата, за да не била ограбувана од арамии, или да не отишле нејзините средства за туѓи цели. Имало пример за некој нечесник кој заминал во Торонто и барал помош за изградба на дом за деца без родители. Имено тој земал од Македонците 1000 долари, кои подоцна ги злоупотребил. Во врска со односите кон останатите во САД и Канада и другите емигрантски организации, тие се определувале од нивното однесување кон нив и од интересите на македонското дело. Тука ја одбележале формулата која ја определил минатогодишниот конгрес, имено дека се со сите и против сите. Во смисла барале подршка од секоја општествена група и сакале пријателство на кое и да е општествено движење[83].

Во Отчетот за дејноста на ЦК, претставен на Шестиот Годишен Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 11 септември 1927 год., во градот Акрон, Охајо, најпрвин дознаваме дека дотогашниот ЦК во состав: претседател - Пандил Шанев, потпретседатели - Геле Србинов и Ламбо Киселинчев, секретар - Јордан Чкатров, благајник - Ташо Попчев, советници - Кирил Чалев и Никола Митров, имале среќа да бидат реизбрани по трет пат во истиот состав. Тие истакнале дека од 1893 год., македонското прашање и македонското движење поминувало исклучително под знакот на самосотојна и изразена волја на македонското население коај се издигнала во создадената Револуционерна Организација, еден лозунг за автономија на Македонија и за братски соживот на сите националности[84].

---

83. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.8/51, Извештај за дејноста на ЦК на МПО претставен пред Четвртиот Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 6-ти август 1925год., во гр. Индијанаполис, Индијана., 14 стр.
84. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.12/100, Извештај за дејноста на ЦК на МПО претставен пред Шестиот Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 11-ти септември 1927год., во гр. Акрон, Охајо., 2стр.

Во Извештајот на ЦК за неговата дејност во 1934-1935 год., претставен на 14-от редовен годишен конгрес на МПО, свикан во Акрон, Охајо, истакнале дека Македонија е нивна татковина и они се нејзини деца. Таа била осудена од предавниците и угнетувачите на уништување, а они биле должни да ја спасат. Македонците биле отстранети од најелементарните човекови права и слободи како резултат од асимилацијата и денационализацијата, вршена од страна на српската и грчката власт. Црквите биле одземени, училиштата затворени, а мајчиниот јазик забранет. Извршуваниот терор бил неопишлив. Населението од Петричкиот крај дало најсјајни докази за нескршливоста на македонскиот дух. Обединета во името на сенародните идеали: слободна и независна Македонија, македонската емиграција во САД и Канада, достојно го изнела во изминатата година оној дел од борбата кој бил наложен од интересите на татковината. Тринаесетиот Конгрес кој бил одржан во Форт Вејн добил едногласна подршка: да раководи со судбината на македонското дело, ЦК кој ја имал честа да го претстави извештајот го имал следниот состав: претседател- П. Г. Шанев, потретседатели- Цветко Атанасов и Коста Попов, благајник- Таше Попчев, советници- Кирил Чалев и Љубен Димитров и секретар - Петар Ацев. Со сите свои средства ЦК се трудел да биде корисен за делото и законите на општата македонска борба и вложил многу напори за да го зацврсти уште повеќе единството меѓу македонската емиграција во САД и Канада. Во овој извештај е истакнато дека српската и грчката власт вовеле жесток режим, правеле се за да ја уништат националната свест на македонскиот народ. Во тој контекст тие изјавиле „ Белградската влада цинично изјави по 1919 год., упорно тврдејќи дека ние сме чисти Срби. Грчката влада пак измисли бесрамна теорија со која ги прокламира Македонците за бугарофили. Погазувајќи ги договорите Србија и Грција се мачат да го уништат националниот облик на Македонија “. Убиството на српскиот крал Александар Караѓорѓевиќ, од страна на македонскиот революционер Владимир Черноземски, јасно ја истакнала тешката положба на македонскиот народ. Акцијата на Черноземски била оценета од општествената јавност како неминовна последица на Белградската тиранија[85].

---

85. Иван Михайлов, „ Превратътъ въ България отъ 19 май 1934 година и Македонското освободително дело “, публикувано в „ Спомени IV - Освободителната борба 1924-1934 г. (продължение) “, Indianapolis, USA, 1973 година., 527 стр.

И покрај апелите кои ги упатиле, Друштвото на Народите не превземало ништо за разрешувањето на спорните проблеми. Благодарение на достојните Македонци, организирани под светото знаме на моќниот сојуз на нивното јасно сознание за обврските кон големото и свето дело, во името на кое се обединиле, обединетата македонска емиграција во САД и Канада и во истечената отчетна година достојно ги заштитувала праведните барања пред општественото мислење. Дејноста на организацијата била следена од сите средини, кои се интересирале за состојбата на Балканот. Обидите на македонските непријатели да ја сокријат вистината за Македонија биле жестоко расформирани од систематска и разновидна дејност, развивана во годината од организираните македонски сили. Македонското иселеништво во САД и Канада докажало дека нема да отстапи од македонските позиции. Тие ќе работеле само на македонскиот идеал, за чија победа се борела цела Македонија. Македонската емиграција во северна Америка со дотогашната дејност докажала дека достојно ќе ја исполни во иднина својата одговорна задача пред делото. Познато е дека секое општествено движење за да има успех треба пред се организациите да имаат смислена и јасна програма. Главната задача кон која се стремел ЦК била да се создаделе од македонските политички организации борбени кадри, кои требале да знаат не само да раководат со внатрешниот живот, туку и да станеле предводници на проагитирање на праведната кауза пред американскиот свет. Работејќи на внатрешно - организационен однос целната точка на организациите била: да обединува повеќе здрави елементи околу идеалите на МПО, да ги испита околностите за создавање на нови организации таму каде што имало повеќе иселеници, да развиваат уште поголема дисциплина внатре во организациите, да ги објаснувале на правилен начин политичките околности на Балканот, во согласност со македонските интереси. Со општи зборови да создаделе од македонските борци елементи кои ќе можеле да извршуваат најширока дејност во корист на движењето. Одделните организации имале се помалку недоразбирања, кои во минатото потекнувале од недоволната подготвеност. Во изминатата година членството било зголемено со 28 луѓе, со што се покажало зголемувањето во броен однос во сојузот[86].

---

86. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.38/287, Извештај за дејноста на ЦК на МПО претставен наЧетиринаесетиот Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 1,2 и 3 септември 1935год., во гр. Акрон, Охајо., 17стр.

Како помошници во борбата при организацијата постоеле женски и младински секции при МПО. Уште со превземањето на раководството, ЦК на МПО смислил свој план за дејство меѓу организираното членство и симпатизерите. На организациите им биле поставени посебни задачи за реализирање. Една од нив била засилување на борбениот весник „ Македонска Трибуна “. Месец мај дал многу резултати, односно организациите заживеале уште повеќе, моќта на МПО се зголемила. Во отчетниот период организациите не ја пропуштиле таа година да го отпразнуваат на еден величенствен начин два битни датуми за Македонците: Св. Кирил и Методиј и големото Илинденско востание.

На многу места таа година организациите оддале почит со посебни панихиди кон македонскиот јунак Владо Черноземски. Панихиди во чест на големиот јунак биле направени во Детроит, Мичиген, Торонто, Канада, Индијанаполис, Стилтон, Пенсилванија, Кливленд. Дејноста која требала да ја вршат организациите пред американското општествено мислење била следната: да стапуваат во контакт со претставниците на околните американски весници, како и да одржуваат блиски врски со нив, да стапуваат во контакт со околни американски интелектуалци и професори или влијателни лица, на кои требало да им се објасни положбата во која се наоѓала Македонија, да се следел печатот, за се што се вршело од сличен карактер требало да се достави до ЦК. Претставена во бројки организационата дејност во истечениот мандатен период била следната: основани биле четири нови организации, една младинска секција, биле запишани 228 нови членови, биле одржани јавни и организациони собранија, биле изнесени 195 вечеринки и веселби, 65 пикници итн. Изложените податоци даваат целосна слика за силата која ја имале македонските организации во тој континент. Односите на сојузните организации кон околните црковни организации биле најбратски и добри. Организираните Македонци гледале отсекогаш на црквите како здрави национални институции. Црквите во Македонија биле оние кои ја создале македонската политичка борба. Поради тоа македонската емиграција насекаде го подржувала црковното дело кое било дел од општата борба за слобода и правдина на Македонија[87].

---

87. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.38/291, Извештај за дејноста на ЦК на МПО претставен наЧетиринаесетиот Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 1,2 и 3 септември 1935год., во гр. Акрон, Охајо., 25стр.

Во тој однос таа година членството на МПО „ Татковина " во Детроит дало моќен поттик на црковното дело, заедно со општата подршка на емиграцијата да го запазеле црковниот имот на црквата „ Св. Климент Охридски ". Биле собрани над три илјада долари во рок од само неколку месеци. Само читателите на „ Македонска Трибуна ", знаеле многу добро дека весникот во изминатата година создал постојани врски со сите делови на Македонија како и со македонската емиграција во Бугарија. Во последните неколку месеци „ Македонска Трибуна ", започнала да отпечатува снимки од носии, цркви, дејци од Македонија. Со тоа редакцијата сакала да се приближи уште повеќе кон Македонија и нејзината борба. Понатаму истакнале дека ќе била купена модерна машина за печатење.

Во извештајот на ЦК за неговата дејност од 1936-1937 год., претставен на 16- от редовен годишен конгрес во Индијанаполис, Индијана, важна задача за исполнување била следната: да го портретираат пред јавното мислење во светот ужасот на македонската трагедија, а воедно со тоа да побарале дека македонскиот народ и покрај сите препреки немал за ништо да се откаже од законските барања, јасно изразени во праведен лозунг, кој бил издигнат од Вилијам Гледстоун, кој изјавил дека **„ Македонија треба да им припаѓа на Македонците ".** Во името на тој свет лозунг пред 15 години македонската емиграција во САД и Канада ги поставила темелите на моќниот сојуз на македонските политички организации. По превратот на звенарите, организиран со помош на шовинистите од Белград, започнале жестоко да го омаловажуваат делото за ослободување на Македонија. Владите на Кимон Георгиев, Петар Златев, Андреј Тошев и Георги Кљосеиванов, им забраниле на Македонците во Бугарија да работат за спасувањето на татковината. Во таквата ситуација организацијата требала да го рашири полето на својата активност и да се завземе за исполнување на оние задачи кои биле наложени поради исклучителната положба во која биле ставени Македонците во Бугарија и нивните организации[88].

---

88. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.45/339, Извештај за дејноста на ЦК на МПО претставен на Шеснаесетиот Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 5,6 и 7 септември 1937год., во гр. Индијанаполис, Индијана., 2стр.

Како последица на предавничката и противнародната надворешна и внатрешна политика, прокламирна од Кимон Георгиев и Дамјан Велчев, чија политика за срам била следена од сите влади кои управувале во Бугарија по насилен пат по 19 мај 1934 год., верна на таа политика останала и владата на Георги.

Сепак сојузниците од Белград и Софија не можеле да посегнат врз македонскиот фронт во САД, Канада и Австралија, обединети во МПО, каде Македонците имале целосни политички, граѓански и национални права. Тие не ја постигнале посакуваната цел, зошто не можеле да ја уништат Внатрешната Македонска Револуционерна Организација. По едногласноста од одбирањето од 15-от годишен конгрес на МПО, одржан во Торонто, Канада, ЦК бил конституиран во следниот состав: претседател - Пандил Шанев, потпретседатели - Цветко Анастасов и Коста Попов, советници - Кирил Чалев и Љубен Димитров, благајник - Петар Ацев. ЦК внимавал на трошењето на народните средства. Нивната одговорност била зголемена, односно им била дадена одговорната задача да работат на македонското ослободително движење во Америка во една меѓународна атмосфера. Политичката дејност била во целосна хармонија со интересите на Македонија. Тие се повикувале на двата лозунга: **„ Македонија на Македонците “** и **„ Слобода или смрт “**. Антимакедонската политика која била објавена од Кимон Георгиев и Дамјан Велчев, продолжила да се спроведува со скриена злоба и од Георги Ќосеиванов. Ете зошто во извештајната година требале неколку пати енергично да протестираат против софиската влада и да ја изобличат неговата предавничка внатрешна и надворешна политика. Со специјален повик ја повикувале македонската емиграција во САД, Канада и Австралија да го изразела својот протест против предавничката политика на недостојниот премиер на Бугарија. Во повикот кој бил објавен во печатениот орган на МПО весникот „ Македонска Трибуна “, ЦК јасно истакнал дека македонските политички организации во Северна Америка и Австралија и сите легални сојузи, а исто така и ВМРО никогаш не ја негирале идејата за братски соживот[89].

---

89. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.45/343, Извештај за дејноста на ЦК на МПО претставен наШеснаесетиот Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 5,6 и 7 септември 1937год., во гр. Индијанаполис, Индијана., 10стр.

Главната цел на Георгиев и Ќосеиванов била уништување на македонското ослободително движење во Бугарија. Во брошурата „ На каде одиш Бугаријо “, јасно било изразено мислењето на сите македонски организации во врска со подлиот обид на приврзаниците на Кимон и Георги да го срушат гордиот дух на македонската емиграција во Бугарија и населението од Петричката област. Идеологијата и принципите на македонската борба биле јасно формулирани од поробениот народ и здружените македонски сили во Бугарија и Америка, именно создавање на една слободна и независна Македонија која ќе гарантирала целосни граѓански и народни права и слободи на нејзините жители без оглед на нивната национална припадност. Владата на Кимон декларирала дека била спремна да стави крај на антимакедонските прогонувања под следните услови: органзираните македонски сили и нивните водачи во Бугарија да симнеле капа пред непријателската политика на звенарите. Населението од Петричкиот крај гордо изјавиле дека никогаш немале да се откажат од заклетвата кон народното дело. Водачите на народнните сили во Бугарија гордо изјавиле дека ќе и останат верни на македонската кауза. Подлите звенари останале збунети од тоа храбро однесување на Македонците во Бугарија, и за да ги задоволат своите интереси започанле да ги затвараат Македонците едни со незаконски пресуди, други без било какво решение на властите[90]. Како во минатото така и во тој период македонската емиграција пројавиле трагична загриженост кон оние кои биле фрлени во грчките, српските и бугарските темници. Една од првите и најважните задачи на ЦК во организационен однос биле следните: искористување на сите можности за организирањето на сонародниците кои од една или друга причина не завзеле учество во народното движење и држење на дисциплина пред сојузното членство. Од 15 април ЦК наредил за точно исполување на следните задачи: да се вложеле сите напори за запишувањето на нови членови, посебни комисии да ги посетеле искрените Македонци кои стоеле на страна од народната борба и да ги замолеле да се присоединат кон здружените македонски сили во Америка обединети под знамето на МПО, да свикале општочленски собранија на кои требало да се разгледаат сите можности за организирање на агитационата дејност во месец мај.

---

90. Иван Михайлов, "Quo vadis, Bulgaria", I изд., Индианаполис, САЩ, Печатница "Македонска трибуна", 1937 година, 1стр.

Привврзаниците на Георги Димитров, огорчени од напредувањето на организацијата некое време се служеле со една нова тактика. Тие вложувале напори да стапат во контакт со членството на МПО, пред кое се мачеле да ја проповедат новата идеја „ обединување на емиграцијата за една борба против глад, фашизам “. Сепак дисциплинираната македонска емиграција во Америка, не обрнала внимание на тие луѓе. Некои од побитните достигнувања кои биле регистрирани во отчетниот период од организираната македонска емиграција во Америка биле следните: МПО „ Тодор Александров “, веќе поседувал свој сопствен дом. ЦК ги поздравил Македонците во Јангстаун, Охајо во врска со нивниот успех и им посакал уште поплодна активност за напредувањето на МПО „ Тодор Александров “, благодарение на создадените од македонските политички организациинародни училишта кои со материјалната подршка на сојузното членство и симпатизери на МПО, успеале да ги запазат огромниот дел од поколенијата. Потоа била формирана нова младинска секција при МПО „ Јордан Ѓорков “. Напорите кои биле вложени за зголемувањето на сојузното членство резултирале со тоа што се запишале 120 нови членови на сојузот во Америка. Речиси насекаде биле одржани вечеринки и веселби за подршката на фондот на „ Македонска Трибуна “, запишани биле доста претплатници. Женските секции работеле непрекинато за напредувањето на народното дело. Тие одржале успешни вечеринки, веселби и пикници. Понатаму во отчетната година биле свикани 280 општочленски собранија, одржани 58 пикници, 132 вечеринки и 30 веселби, одржани биле 102 јавни собранија, осум организации имале добро уредени библиотеки кои располагале со 600 книги. За фондот „ Македонска Трибуна “ биле собрани 2264 долари. Понатаму ЦК решил да издаде еден голем македонски алманах. Таа иницијатива била превземена пред 7 месеци. Алманахот кој требал да биде издаден од ЦК на МПО ќе бил писмен спомен на сите успеси постиганти од македонската емиграција во Америка. Редакцијата на весникот непрекинато вложувала неопходни мерки за подобрување во секој однос. Печатениот орган на МПО бил сакан весник не само од емиграцијата туку и од сите Македонци во светот[91].

---

91. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.45/354, Извештај за дејноста на ЦК на МПО претставен наШеснаесетиот Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 5,6 и 7 септември 1937год., во гр. Индијанаполис, Индијана., 32стр.

Во поробената татковина под грчка и српска власт Македонецот бил отстранет од правото да зборува и пишува на својот народен јазик. Звенарите го уништиле слободниот македонски печат во Бугарија. Белградските слуги во Софија кои дозволиле српските шовинистички весници слободно да се шират низ цела страна го забраниле распространувањето на „ Македонска Трибуна “. Сепак весникот стигал редовно во Белград . Они направиле се што зависело од нив за да ја оправдаат довербата на 15- от редовен конгрес кој со целосна едногласност им го доверил раководството на МПО во отчетната година.

Во отчетот на МПО за неговата дејност во 1938-1939 год., претставен на 18-от редовен годишен конгрес, свикан на 3,4, и 5 септември 1939 год., во Јангстаун, Охајо го започнуваат извештајот со фактот дека според член 10 од Уставот на МПО, годишниот конгрес правел проценување за дејноста на ЦК во исполнување на дадените задачи, го определува местото за следниот конгрес и одбира ЦК и Контролна Комисија. Како делегати биле должни правилно да ја проценат дејноста која ја развивале во изминатата отчетна година. Македонската емиграција во Америка обединета во МПО, и покрај препреките кои ги имала во изминатата година успеала да преживее, да ги исполни со чест дадените задачи. Биле познати и распространувањата на таинствен начин клевети против ЦК. Последниот со спокојство го очекувал следниот конгрес. Биле подготвени да дадат одговор и објаснување во врска со секоја клевета направена против нив. Македонската емиграција навлегла длабоко во срцата на светиот лозунг на борбена Македонија. За постоењето на тој идеал народот дал незаборавни жртви. Според Нејскиот мировен договор, Македонија била разделена на три дела, а нејзиното население било осудено да живее на еден варварски начин на насилство и денационализација.

Кореспондентот на швајцарскиот весник г-ин Хефте, по една продлжена посета на балканските простори го истакнал следното „ Македонските Бугари знаеа многу добро каква опасност претставува географската положба и затоа бараа да ја одбегнат по секоја цена поделбата на Македонија[92].

---

92. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.50/384, Извештај за дејноста на ЦК на МПО претставен на Осумнаесетиот Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 3,4 и 5 септември 1939год., во гр. Јангстаун, Охајо, 5стр.

Од таа причина во тие кругови уште пред светската војна проникнаа предлозите за создвањето на една независна и слободна Македонија, сродна со Бугарија, политички достапна за сите “. Понатаму англискиот премиер Лојд Џорџ во неговата книга „ Мемоари од Мировната конференција “, го истакнал следното: „ Најтрагичниот пример за потиснување на малцинствата и нарушување на договорот од 1919 год., се смета фактот дека 600.000 Македонци сега живеат во границите на Југославија. Еден голем дел од нив по говор се Бугари, или со други зборови бугаро - македонци. Трет пак, г-ин Луи Вила, професор по современа историја на Тулскиот уноверзитет го изјавил следното: „ Напразно е да се пленува, опседнувањето на Македонија од една од соседните држави под каква и да е форма. Треба да има една Македонија засекогаш независна “. Врз основа на нивните гледишта треба да кажеме дека секој различно гледал на македонското прашање, и воопшто на македонскиот народ.

Во врска со политичката активност, ЦК ги вложил сите свои напори за правилното осветлување на македонското прашање пред светската јавност. Односно најпрвин се залагал за широко распространување на конгресната декларација. Потоа упатиле до владите на Големите сили телеграми, односно до германските, британските, италијанските за праведното разрешување на македонското прашање. Повторно го издигнале лозунгот за слободна и независна Македонија. Со една опширна политичка декларација која ја направил ЦК во месец јули меѓу другото го истакнал и следното: дека се бореле за оставрување на целосна политичка независност на Македонија, дека со реализирањето на формулата **„ Македонија на Македонците “**, дадена од Вилијам Гледстоун, ќе се ставеле здрави основи за создавањето на вистинска и трајна федерација меѓу балканските народи, дека македонската емиграција организирана во МПО, го поздравувала на секој начин мирното разрешување на постоечките спорови меѓу народите[93]. Сојузот на МПО бил единствниот легален македонски сојуз во светот. Токму поради тоа улогата која ја одиграла МПО била од огромно значење.

---

93. Македонска патриотична организация в САЩ, Канада, Австралия, Нова Зеландия и Южна Америка - "Македонецъ, Българинъ и Македонска Борба", публикувано във в. "Македонска Трибуна", брой 113, Indianapolis, USA, 1929 година.

Во претходната година тие успеале да го информираат навреме општественото мислење во Америка, Европа, во врска со трагичноста на македонскиот народ. ЦК направил се што било потребно не само за подржувањето, туку и за засилувањето на пријателските врски со организираната хрватска емиграција во Северна Америка. Напорите кои биле вложени од сојузните организации за спроведувањето на агитациониот месец мај, биле крунисани со резултати. ЦК ги издал потребните наредби до организационите раководства за идната работа во агитациониот месец. Односно да се одржеле посебни вечеринки, веселби или пикници, да се превземеле посебни мерки за навременото собирање на членарината итн. Понатаму ЦК дал наредба да се исполнело следното: да се вложеле напори за широкото распространување на весникот „ Македонска Трибуна ", посебно одбраните комисии да ги посетеле оние кои не го добивале весникот за да им го објасенеле неговото значење, да се одржеле успешни вечеринки во корист на фондот на весникот.

Во врска со организационата активност на организацијата биле одржани 290 организациони собранија, 75 јавни собранија, 52 пикници, вечеринки и веселби, народни училишта -9. Во отчетната година се запишале 202 нови членови. Веднаш по едногласното реизбирање од страна на 17- от редовен конгрес, одржан во Буфало, Њујорк, ЦК бил конституиран во следниот состав: претседател - Пандил. Г. Шанев, потпретседатели - Коста Попов и д-р Цветко Анасатсов, благајник - Таше Попчев, советници Кирил Чалев и Љубен Димитров и секретар П. Ацев. Во тој состав они раководеле до 26 јануари, на кој датум починал долгогодишиот претседател Пандил Шанев. По таа голема несреќа, ЦК бил реконструиран со следниот состав: претседател - Коста Попов, потпретседатели - Кирил Чалев и д-р Цветко Анастасов, благајник - Таше Попчев, советник - Љубен Димитров и секретар - Петар Ацев. На 20 февруари потпрестедателот на ЦК д-р Цветко Анастасов писмено си дал оставка не само како потпретседател на ЦК, туку и како негов член. ЦК ја усвоил неговата оставка поради неоснован мотив, со кој тој сакал да го оправда повлекувањето од ЦК[94].

---

94. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.50/390, Извештај за дејноста на ЦК на МПО претставен наОсумнаесетиот Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 3,4 и 5 септември 1939год., во гр. Јангстаун, Охајо, 18стр.

Органот на МПО, весникот „ Македонска Трибуна “, создаден и подржуван од македонската емиграција во САД, Канада и Австралија, и во таа година стоел не само како водач во борбата, туку и како верен чувар на Македонија, одбивајќи ги со сериозност, спокојство и достоинство нападите кои доаѓале од непријателите. Редакторот на весникот г-ин Љубен Димитров ги вложил сите напори за да го издигне уште повеќе влијанието на весникот. За да ги достигнела поставените задачи редакцијата била во непрекинат контакт не само со околната емиграција туку и со многубројните луѓе кои се наоѓале надвор од Америка. Заштитувајќи ја македонската идеологија, весникот продолжил и во иднина да го заштитува светиот лозунг на Македонците: **Слободна и независна Македонија.**

Собирањето и подредувањето на материјалите за алманахот значително доцнеле. Д-р Анастасов ги предал материјалите во месец јануари. За отпечатувањето на алманахот биле потребни најмалку три месеци. Во крајот на овој извештај тие повторно изјавуваат дека Македонија се борела за една права и света кауза, и дека неминовно ќе ја извојувала својата слобода.

Во извештајот на ЦК на МПО за неговата дејност во 1940-1941 год., претставен на 20- от редовен конгрес, свикан на 31 август, 1, и 2 септември, 1941 година во градот Акрон, Охајо, веднаш по едногласното реизбирање од минатогодишниот конгрес на МПО ЦК бил конструиран во следниот состав: претседатели - Коста Попов, потпретседатели - Христо Атанасов и Кирил Чалев, советници - Анасатс Илиев и Љубен Димитров, благајник - Таше Попчев и секретар - Петар Ацев. Во него раководството истакнува дека европските дипломати не обрнале сериозно внимание кон праведните македонски барања. Односно на Париската мировна конференција не било ништо превземено во врска со тоа. Повторно го истакнуваат дејствувањето на српската и грчката пропаганда. Друштвото на Народите не само што не се тргнало од трагедијата на Македонците, туку и во некои случаеви се обидела да ја подржува асимилаторската политика на Белград и Атина[95].

---

95. http://www.strumski.com/books

Нивните политички позиции и во изминатата година биле јасно определени од одредбите на Сојузниот Устав (член 2) и од декларацијата која била изгласана од 19- от редовен конгрес.

Со таа декларација организираната македонска емиграција во Северна Америка и Австралија ја истакнала приврзаноста кон вторите татковини и инсистирала пред раководителите на светските судбини за едно праведно разрешување на македонското прашање. Во врска со организационата дејност на организацијата треба да се забележи дека по повод 38- мата годишнина од Илинденското востание, македонската емигарција во САД, членовите и симпатизерите на МПО масовно се упатиле на посебни илинденски пикници, одржани од раководствата на сојузните организации. Тие сведочеле за моќта на македонските политички организации и за високата совест на нивното членство. Со гордост бил празнуван и празникот Св. Кирил и Методиј. Биле одржани 285 организациони и јавни собранија, 45 пикници, 105- вечеринки и веселби. Бројот на членовите бил зголемен со 50. Организационите библиотеки располагале со околу 1000 тома книги. Весникот „ Македонска Трибуна " продолжил да ги заштитува македонските интереси, дејствувал воспитувачки меѓу своите членови да бидат лојални граѓани на САД и Канада, без никој да не ја испушти од предвид љубовта кон вистинската татковина Македонија. Ветувањата кои биле дадени од минатогодишниот конгрес, дека МПО ќе ги вложела сите напори за да се соберела претплатата за весникот како и да се запишеле нови членови не биле исполнети. На многу места претплатите доцнеле, сите сакале да се раздолжат, но немало кој да ја собере претплатата. Во врска со тиранијата на белградската и атинската влада, кои долги години го изложувале населението на страдање веќе не постоела. Тие изјавуваат дека три четвртини од Македонија била присоединета кон Бугарија, а останатиот дел се наоѓал под Албанија и под окупирана Грција од страна на германски и италијански војски. Сите тие факти биле објавувани во весникот, за да биле информирани читателите што се случувало со Македонија. Но тоа не значело дека било решено и македонското прашање. Односно разрешувањето на македонското прашање ќе настанело само тогаш кога цела Македонија ќе била слободна[96].

---

96. http://www.strumski.com/books

Големиот македонски аламанах, чие издавање било замислено пред неколку години било испечатено во месец мај. Аламанахот бил отпечатен во печатницата на „ Македонска Трибуна “. Тие го завршуваат овој извештај со изјавувањето дека кога идниот историчар ќе ги опишел борбите на Македонија за нејзиното ослободување, една од најубавите страни ќе била одделена за дејноста на македонската емиграција во Америка и нејзината верност кон првостепената татковина[97].

Во извештајот на ЦК на МПО за неговата дејност во 1942-1943 год., претставен на 22- от редовен конгрес, свикан на 5 и 6 септември, 1943 година во градот Синсинати, Охајо, веднаш по едногласното реизбирање од минатогодишниот конгрес на МПО ЦК бил конструиран во следниот состав: претседател - Коста Попов, потпретседатели - Христо Анастасов и Кирил Чалев, благајник - Таше Попчев, советници - Анастас Илиев и Методи Чанев и секретар - Љубен Димитров. Еден од првите напори на ЦК уште на првото поконгресно заседание било да смисли свој план на работата за себе како и да им даде на организациите со посебно писмо советодавни инструкции за идната дејност. Во изминатата година премногу често се упатувале писма од различни универзитети и угледни лица, кои сакале да ја добијат издадената од ЦК книга со зборовите на сите конгресни говорители. Таа книга добила извонредно голема важност и некои професори дури се изразиле дека таа претставувала најсериозниот досега труд претставен на општествената јавност за разјаснувањето на македонскиот проблем. Многу библиотеки ја купиле книгата, бидејќи таа била презентирана во каталозите на некои угледни компании. Таа книга била порачана дури и со посебно писмо и од Лениновиот научен институт во Москва. Преку тековната мандатна година ЦК на МПО ги вложил сите напори за да одржува врски со локалните организации на МПО. Секретарската должност била исполнувана од редакторот на весникот „ Македонска Трибуна “ г-ин Љ. Димитров. Се правело се што е возможно за да биле навреме осветлувани организациите како и да се одржувала и зајакнувала врската со нив[98].

---

97. http://www.strumski.com/books
98. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.63/522, Извештај за дејноста на ЦК на МПО претставен на 22-от Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 5 и 6 септември 1943год., во гр. Синсинати, Охајо, 7стр.

По повод 40- та годишнина од Илинденското востание, ЦК издал навремено окружно писмо до организациите во врска со тој случај, за да се отпразнувал тој ден, како што доликувало. Многу организации одржале посебни пикници.

Агитациониот месец мај, таа година главно бил посветен на организационите собранија, како и засилување на фондот на сојузниот весник „ Македонска Трибуна “. Во согласност со дадените од ЦК прописи, организациите и таа година го отпразнувале во согласност со условите споменот на светите браќа Кирил и Методиј, создавачите на словенската писменост. Во врска со тоа претседателот на ЦК на МПО г-ин Коста Попов заминал да говори во Стилтон, Пенсилванија. Во изминатата мандатна година организациониот живот на МПО се одвивал непрекинато при братската разбраност меѓу оделните организации. Таа година не постоеле причини од внатрешна или надворешна природа, кои го вознемирувале развојот на народното дело. Во текот на Втората светска војна МПО ги подржувала САД и Канада во борбата против Оската. Исто така го потпомагала и Црвениот Крст. Весникот „ Македонска Трибуна “ и во изминатата година бил целосно посветен на двете главни свои задачи: да и служи искрено и верно на Америка и Македонија. За положбата во Македонија во изминатата година се изнеле многу малку информации во „ Македонска Трибуна “, бидејќи цензурата на германските воени власти не дозволувала новини надвор од Европа, кои протелеграфирале од неутралните страни и од таму да дојдат и во Америка. Според утврдените обичаи и таа година весникот „ Македонска Трибуна “ излегол на Божиќ со посебен број. Рекордот бил достигнат кога весникот за прв пат од своето постоење излегол во 12 страни. Тоа било возможно благодарение на подршката која ја докажале многу македонски емигранти со дадените честитки. Пред да настапела новата 1943 година пуштен бил во продажба и календарот „ Македонија “. Тој бил изработен одлично и на луксузна хартија, кој навремено бил испратен меѓу сите организации. Никој неможел да ги обвинува поради тоа што имале голема доверба во САД. Сите биле запознаени со праведните принципи, со кои се раководела американската политика[99].

---

99. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1.63/530, Извештај за дејноста на ЦК на МПО претставен на 22-от Конгрес на МПО во САД и Канада, свикан на 5 и 6 септември 1943год., во гр. Синсинати, Охајо, 15стр.

### 3.4. Циркуларни писма на ЦК на МПО упатени до раководствата на МПО во САД и Канада

Во врска со активноста на оваа емигрантска организација, дознаваме доста и од одредени циркуларни писма кои ЦК на МПО ги упатувал до раководствата на МПО во САД и Канада во периодот од 1933 - 1943 год. Во писмото од 12 јануари 1933 год., ЦК ги запознал раководствата со одлуките на 11- от редовен Конгрес, во поглед на сојузниот орган. Деновите од 10 Февруари до крајот на истиот месец да биле објавени како агитациони. Организациите да вложеле максимум напори за најшироко проагитирање на сојузниот орган меѓу членството и македонската емиграција. Понатаму доверителите на организациите да се погрижеле за запишувањето на колку што е можно повеќе претплатници, а исто така и за пребришувањето и на старите, да им се објаснело на сите големото значење на сојузниот орган и да се собереле повеќе донации и пари за фондот на „ Македонска Трибуна "[100]. Во писмото од 29 јули 1934 год., во врска со одржувањето на 13- от редовен годишен Конгрес ЦК на МПО сметал дека е потребно да се направи следното: да се погрижат за пополнувањето на приложените формулари. Неопходните формулари требале да бидат внесени внимателно со мастило и јасен ракопис. Така пополнет едниот примерок од нив, прописно потпишан од претседателот и секретарот и со организационен печат требало да се испрати до Централниот комитет не подоцна од 15 август. Да превземеле грижа за раздолжување кон сојузната каса. Да ги вложеле сите напори за најмасовна посетеност на Конгресот. Да се погрижеле за организирање на превозни средства за оние, кои неможеле да патуваат со сопствени автомобили, исто така да изнајмиле за оние кои сакале да го посетат конгресот билети со намалени цени или пак да издејствувале железнички билети, издадени со доста намалани цени при слични случаи. Да свикале организациони собранија на кои сложно ќе се дискутирале сите мерки во однос на масовното посетување од страна на жителите во нивната околина Македонци на престојниот конгрес[101].

---

100. ДАРМ, фонд МПО, кут.3, 1.1371.3.91/313, Писмо на ЦК на МПО.

101. ДАРМ, фонд МПО, кут.3, 1.1371.3.117/345, Писмо на ЦК на МПО.

Поради одбегнување на недоразбирања при изборот на делегати им укажале на чл.9 од сојузниот устав, во кој се зборува следното: организацијата, која имала од 7 до 30 члена можела да испрати на конгресот само еден делегат. Организацијата, која броела од 30 до 60 члена можела да се претстави на конгресот со двајца делегати и организацијата која имала повеќе од 60 члена се претставувала на конгресот со тројца делегати.

Во писмото од 6 декември 1935 год., во врска со престојната дејност, Централниот комитет сметал дека е потребно да даде одредени инструкции и упатства. Бидејќи периодот бил еден од најблагопријатните за активна и плодна дејност во многу погледи, поради тоа требале да ги вложат сите напори за најкорисно искористување на зимските месеци, односно требале да одржуваат колку што е можно повеќе вечеринки[102].

Отчитувањето на организациите одело бавно. Од конгресот во сојузната каса не биле приложени никакви суми. Сумите од вечеринките и веселбите, требале да ги испратат веднаш. Требале да обрнат повеќе внимание за собирањето на членарината. И покрај многуте предупредувања во врска со тоа прашање изгледало дека речиси ништо не било направено за изработувањето на систематски план во врска со собирањето на членарината. Почесто да го посетувале членството и да го потсетувале да се раздолжи на време. Понатаму од нив се побарало да состават список на нередовни членови и да ги собереле долговите. Истото важело и за задолженијата кон весникот „ Македонска Трибуна “ од претплатници, реклами и разни порачки во печатницата. Им упатуваат дека организацијата ќе можела успешно да напредува и да ги реализира задачите кои стојат пред неа, само тогаш кога ќе ги имала потребните материјални средства. Набргу редакцијата на весникот „ Македонска Трибуна “ требала да го издаде новиот македонски календар за 1936 година. Календарот ќе бил испратен. Да им соопштеле на македонските трговци дека оние од нив кои сакале да ги поздрават потрошувачите за претстојните Божиќни празници и Новата година, ќе можеле да го направат тоа преку весникот „ Македонска Трибуна “, преку еден минимален внес од еден долар за оделна објава.

---

102. ДАРМ, фонд МПО, кут.3, 1.1371.3.132/364, Писмо на ЦК на МПО.

ЦК бил длабоко убеден дека ќе извлечеле заклучок од горенаведеното и ревносно ќе се завземеле за спроведувањето на инструкциите[103].

Во писмото од 7 август 1936 год., ги известиле раководствата во врска со одржувањето на 15- от редовен конгрес на МПО, и неговиот дневен ред: за успехот на ослободителното дело, дека конгресот ќе бил отворен од страна на претседателот на ЦК г-ин Пандил Шанев. Понатаму дека ќе бил спроведен избор на привремено биро и комисија, проверка на полномоштвата и решение по нејзиниот извештај, избор на постојано биро и комисија по правилникот за решенијата пред и решенијата по него, избор на комисии, Отчет на Централниот комитет и Контролната комисија, дебати за отчетот и донесување решение по него, извештаи на организациите, извештаи на комисиите, гласање на резолуциите[136], избор на нов ЦК и Контролна комисија и разно: определувањето на местото за идниот конгрес, разгледувањето на прашањето за взаемно осигурување, мислењата и предлози во врска со идната активност на сојузот и организациите и др.

Веднаш по добивањето на општинското писмо организациите требале да свикаат општи собранија за избор на делегати и давање на инструкции на делегатите. При пребројувањето на членовите, да се исчистел бројот на делегатите, кои организацијата имала право да ги одбира, се земал општиот број на членовите и членките на организацијата, кои наполниле 21 година и кои биле целосно коректни кон сојузната каса. Најдоцна до 20 август требале да се отчитаат за сите задолженија кон сојузната каса. Во согласност со чл. 9 од Сојузниот устав, неотчетаните организации го губеле правото на делегатство.

Во писмото од 7 октомври 1937 год., ги известуваат раководствата во врска со одлуката на ЦК на МПО за издавањето на **ГОЛЕМ ИСТОРИСКИ АМЛАНАХ.** Тоа решение било едногласно одобрено на 16- от редовен конгрес[104].

---

103. ДАРМ, фонд МПО, кут.3, 1.1371.3.144/384, Писмо на ЦК на МПО.

104. ДАРМ, фонд МПО, кут.3, 1.1371.3.155/421, Писмо на ЦК на МПО.

Алманахот во кој ќе биле изложени поважните настани од политички, културен и стопански живот на македонската емиграција во Северна Америка, ќе ги содржел и следните оддели: 1) Борба за црковна слобода, 2) Создавање и развој на борбата за политичка праведност, 3) Внатрешна Македонска Револуционерна Организација, 4) Илинденското востание, 5) Реформите и хуриетот, 6) Балканските војни и поделбата на Македонија, 7) Револуционерна и легална борба по светската војна, 8) Делото на ВМРО, 9) Емиграцијата во Бугарија, 10) Македонската емиграција во Америка, 11) Македонските политички организации во САД, Канада и Австралија, 12) Македонскиот печат, 13) пријатели на Македонија итн.

Освен горните оддели во Алманахот ќе биле дадени и кратки сведенија за историјата и географијата на САД. Алманахот ќе бил илустриран со убави цртежи од Македонија, со слики на видни македонски револуционерни и народни апостоли, фотографии од конгреси, слики од културниот и политичкиот живот на македонската емигарција итн.

ГОЛЕМИОТ ИЛУСТРИРАН АЛМАНАХ, кој ќе бил издаден од ЦК требало да ја краси секоја македонска куќа, бидејќи таа книга претставувала еден споменик за високата свест на достојната македонска емиграција. Ете зошто секој член и секоја членка на сојузните организации, а исто така и симпатизерите навреме требало да се видат со потпретседателот на ЦК д-р Цветко Анастасов, кој бил ангажиран со подготовката на прелиминарната работа во врска со успешното реализирање на таа голема работа[105].

Кон печатењето на Алманахот ќе се пристапело веднаш по собирањето на рекламите и останатите материјали од сите емиграциони центри, кои ќе биле посетени од ополномоштените претставници.

Во писмото од 19 август 1938 год., ЦК на МПО ги советувал раководствата да се раздолжеле кон сојузната каса. На престојниот конгрес да донеле организациони знамиња и по едно американско доколку имале такво. Да ги превземеле потребните мерки за масовна посетеност на конгресот.

---

105. ДАРМ, фонд МПО, кут.3, 1.1371.3.155/421, Писмо на ЦК на МПО.

Полномоштвата на делегатите да биле потпишани од претседателот и секретарот и потпечатени со организационен печат. Да им соопштеле на делегатите, доколку дневниот ред не биде утврден во определено време, конгресот ќе заседавал и на 7 септември. Оние од раководствата, кои не испратиле сведенија за состојбата и дејноста на организацијата во истечената година, да го направеле тоа. Главното седиште на конгресот ќе било Хотел Лафајет, Буфало, Њујорк[106].

Со писмото од 3 февруари 1939 година, раководставата биле запознаени со трагичната смрт на претседателот на сојузот Пандил Г. Шанев, кој оставил пред целата македонска емиграција неизмерни спомени за една верна и искрена служба пред светата и сенародната кауза[107]. Им се заблагодариле на сите сојузни организации кои испратиле делегации за погребувањето, на сите организации и сонародници, кои испратиле венци и телеграми и на сите искрени членови и симпатизери на МПО, кои завземале учество во погребувањето на незаборавниот покоен претседател. ЦК на МПО ја сметал за своја обврска да им го нагласи следното пред сојузното членство: македонската емиграција во САД, Канада и Австралија, обединета под светото знаме на моќниот сојуз требало да ја преживее со македонска сила тешката загуба, смртта на достојниот водач - покојниот Пандил Шанев. По неговата ненадена и трагична смрт македонските политички организации биле должни спокојно да ја продолжат својата активност. Централниот Комитет, на заседанието од 31 јануари, со целосна едногласност го одбрала за свој претседател тогашниот потпретседател г-ин Коста Попов од Микиспорт, Пенсилванија. Неговото место било пополнето од советникот г-ин Кирил Чалев, кој едногласно бил одбран за потпретседател. Така што по настанатата реконструкција на 31 јануари, наложена поради ненадејната смрт на Пандил Шанев, ЦК го имал следниот состав: Коста Попов - претсдател, д-р Цветко Анастасов и Кирил Чалев - потпретседатели, благајник - Таше Г. Попчев, советник Љубен Димитров и секретар - Петар Г. Ацев.

---

106. ДАРМ, фонд МПО, кут.3, 1.1371.3.160/447, Писмо на ЦК на МПО.

107. ДАРМ, фонд МПО, кут.3, 1.1371.3.166/479, Писмо на ЦК на МПО.

Во писмото од 3 јануари 1940 год., во врска со успешното спроведување на агитационата кампања за весникот „ Македонска Трибуна “, која како што им било познато на раководствата започнувала на 10 февруари и траела до крајот на истиот месец, Централниот Комитет сметал дека е потребно да ги потсети за точното исполнување на следното: раководствата со оглед на околностите, да направеле се што било возможно за постигнувањето на максимум резултатати во корист на печатениот орган - весникот „ Македонска Трибуна “, достојниот водач на македонската емиграција во Америка, да се одржеле посебни вечеринки или веселби во корист на фондот на „ Македонска Трибуна“. Раководствата требало да ги вложат потребните мерки за собирањето на нераздолжените суми за членарина, реклами и др., печатени порачки, благовремено да го известеле Централниот Комитет или пак редакцијата на весникот за постигнатите резултати во агитациониот период. Се надевале дека ќе го сторат потребното за успешното спроведување на агитационата кампања за весникот[108].

Во писмото од 22 јануари 1943 год., Централниот Комитет на МПО цврсто верувал дека раководството ќе превземело веднаш сериозни мерки за да ја истурка кампањата во корист на весникот „ Македонска Трибуна “ , со најдобри резултати. Најдобриот начин за водењето на кампањата била да се пуштеле претплатите помеѓу членството и симпатизерите на МПО. Имињата на донаторите заедно со сумата да се испрателе кон почетокот на март, кога кампањата ќе била приклучена. Покрај тоа да се потсетел секој еден на кој претплатата му била истечена, да ја исплател во месец февруари. За да стоела „ Македонска Трибуна “ на својата цел и за да ја исполнела важната задача, требало да биде засилен во материјален однос, а тоа зависело од начинот на кој секое раководство ќе ја исполнел агитационата дејност во месец февруари[109].

Од горенаведеното ги согледавме сите одлуки на ЦК на МПО упатени до раководствата на сојузните организации за позасилена активност на сојузот.

---

108. ДАРМ, фонд МПО, кут.3, 1.1371.3.166/479, Писмо на ЦК на МПО.
109. ДАРМ, фонд МПО, кут.3, 1.1371.3.172/491, Писмо на ЦК на МПО.

## 3.5. Контакти на МПО со другите организации

Во врска со контактите на организацијата со одделни организации и лица намјногу дознаваме од писмата кои биле испраќани од страна на МПО и адресирани до истоимената. Во прв ред ќе ги истакнеме контактите кои биле одржувани помеѓу ВМРО на Тодор Александров и МПО. Во писмото испратено од ЦК на ВМРО до ЦК на МПО од 3 ноември 1924 год., бил испратен одговор на сочуствителното писмо на МПО во врска со убиството на Тодор Александров. Според ЦК на ВМРО, тоа сочуствилтелно писмо сведочело дека македонската емиграција не само што тагувала по големиот македонски револуционерен водач, туку и дека ќе ја продолжи дејноста по патот исцртан од ВМРО. Загубата која ВМРО и воопшто македонското ослободително дело ја трпело била огромна. Понатаму истакнале дека емиграцијата во Бугарија разбрала правилно што се целело со тоа подло убиство и извршила преуредување на своите редови, за да ги зацврсти против непријателите. Во ова писмо пишуваат дека Тодор Александров се надевал дека македонската емиграција ќе помогне во македонското ослободително движење, преку влијанието во американската јавност, или како поттикнување на делото преку здраво организирање и морална подршка, или преку материјална подршка. Во овој период член на ЦК бил Александар Протогеров, а секретар Иван Михајлов[110].

Иван Михајлов по убиството на Тодор Александров бил определен за негов заменик, односно самоинцијативно се ставил за секретар на ЦК на ВМРО. Во врска со вмешаноста на Иван Михајлов со убиството на Александров, во неговите спомени Иван Михајлов пишува дека кога Тодор Александров се подготвувал да замине за Серскиот окружен конгрес, тој пречуствувал дека нешто ќе се случело. Кога заминал од Софија за Серскиот конрес, Михајлов кажува дека заминал кај негов „ универзитетски другар “. Два дена по убиството на Алексанров го барале по телефон од с. Врач, но не можеле да го најдат[111].

---

110. Вид.: Д-р *Иван Гаджев, Иван Михайлов – Отвъд легендите, ТОМ 2 , част първа, София* 2009., 337стр.

111. Иван Михайлов, "Спомени III - Освободителна Борба 1924 - 1934", Льовен, Белгия, 1967 година, 69стр.

По убиството на Т. Александров раководството во ВМРО го превзел Иван Михајлов, опкружен со неговите соработници - Кирил Дрангов, Јордан Ѓурков, Страхил Развигоров, Јордан Чкатров, Иван Карџов, Владимир Куртев, Георги Настев и др. Противречностите со Александар Протогеров, во врска со превземањето на раководната улога во Организацијата траеле до јули 1928 год., кога Протогеров бил убиен од страна на приврзаниците на Михајлов, обвинет како главен виновник за убиството на Тодор Александров. Иван Михајлов при неговата средба со Џон Битов во Рим 1960 год., му признал дека тој го организирал убиството на Тодор Алексанров. Ангел Узунов во врска со убиството на Александров, во своите спомени го истакнал следното: „ Откако дознав за убиството на Александров, јас претпоставувам дека тоа беше дело на Михајлов. Зашто, веројатно, тој се здружил со Владата, која плашејќи се од преговорите со болшевиците, бараше сојузници кои ќе ја елиминираат и ќе ја отстрнат ВМРО од тој пат. Можеби Михајлов им се видел како најсоодветен, како помлад, а и беше учествувал во прогонот на земјоделците. Многу е веројатно дека Цанков знаеше оти Александров нема многу добро мислење за Михајлов и го нарекуваше често „ заборавенко “, го обвинуваше за трошење пари на Организацијата итн. Сето тоа претпоставувам веројатно беше го озлобило Михајлов против него и затоа....[112]“.

Во 1928 год., била објавена статија во весникот „ Македонија “, во врска со убиството на Александар Протогеров и загриженоста на емиграцијата, прикажана на Седмиот годишен конгрес на МПО, спроведен на 9-12 септември 1928 год., во Детроит. Декларацијата на Сојузот на МПО во САД и Канада, одржан во Детроит, Мичиген на 9,10,11, и 12 септември 1928 год., ставајќи го своето внимание на тажните настани за целото македонско ослободително движење, настанати со убиството на членот на ЦК на ВМРО Александар Протогеров и со последователните други крвави расправии помеѓу неговите приврзаници и приврзаниците на другиот член на ЦК на ВМРО - Иван Михајлов, било изјавени дека Сојузот на МПО во САД и Канада не можело да завзима страна во разгорената борба, додека не се разјаснело настанатото затемнување.

---

112. Зоран Тодоровски, „ Тодор Александров “, Државен архив на Република Македонија, Македоника Литера, Скопје 2014, 292 стр.

Ќе се исполнел голем долг кон татковината доколку изјавела решително дека ги осудува убиствата како соодветно средство за расчистување на некои внатрешни препреки. Во пораката од ЦК на ВМРО во врска со убиството на Александар Протогеров со датум 16 јули 1928 год., дознаваме дека на 7- ми ноќта бил убиен привремениот задграничен член на ЦК на ВМРО Александар Протогеров. Убиството било извршено по наредба на членот на ЦК Иван Михајлов. Според Статутот на организацијата, Протогеров веднаш бил заменет од прв резервен член, а тоа бил Петар Шандов. Така реконструиран ЦК пријавил дека тој заедно со задграничното претставништво бил во целосна согласност со него и ќе продолжел да работи за ослободувањето на Македонија. Понатаму ЦК молел јавноста да не го суди според делата на Иван Михајлов. ВМРО во неговото 35 годишно постоење докажало дека не е анархистична група, а се управува од свои закони еднакво задолжителни за сите нејзини членови. Во врска со постапката на Иван Михајлов изјавиле дека тој се поставил надвор од законите на организацијата и дека ЦК како целина и секој член одделно одговара пред Конгресот. ЦК се надевал дека цивилизираниот свет како и до сега така и понатаму ќе го подржува со симпатии ослободителното дело[113].

На 25 октомври 1929 год., Ламбо Киселничев испратил писмо до ЦК на МПО, во кое ги разгледувал поделбите во ВМРО и го критикувал мислењето на Асен Аврамов во однос на неутралитетот кој бил почитуван од МПО. Во врска со прашањето за декларацијата го подржувал напишаното во последното писмо, кое може било во спротивност со решението на ЦК, донесено на основачкото собрание за кое решение и самиот тој гласал. Откако разменил размислувања со Асен Аврамов, за да не го оставел сојузот без секретар решил да не настојува за потпишувањето на декларацијата. Тој немал да му допушти на Аврамов дека тој ќе проработел пред емиграцијата со цел да ја дели или убедува, да завзима страна на едни или други од ВМРО. Според него Аврамов требал да даде една писмена декларација дека со примањето на должноста тој ќе стапел во служба на сојузот и дека ќе се потчинувал на конгресите и прописите на Уставот[114].

---

113. Вид.: Д-р *Иван Гаджев, Иван Михайлов, Отвъд - легендите, ТОМ 2 , част първа, София* 2009., 346 стр.
114. Ibidm, 367 стр.

Киселинчев понатаму истакнува дека секогаш кажувале дека Влахов не е странец, но развивал 5 години дејност која им штетела. Дискутирале дека нема две организации, а вистина било дека и едни и други испраќале одделни терористи за да извршат одредена акција која потоа водела до нестабилност. Според него Аврамов можел да не признава дека имало разделувања, но тој пред една недела се видел со некој американец, на кој претставници од Задграничното Претставништво му напишале дека Михајлов никогаш не бил во Македонија и како таков тој не и служел на македонската кауза и да не го заштитувал во американскиот печат. Во врска со неутралноста решено било да бидат неутрални за да се сочувало единството. Според него не можеле да суделе кој е прав и кој е крив. Тоа не било можно зошто не знаеле се. Лично тој бил убеден во вината на луѓето на Поп Христов, зошто познато му било нивното минато. Но тоа не значело дека ги ослободувал од одговорност Иван Михајлов и неговите пријатели заедно со целиот Национален Комитет. Имал основи да се сомнева во чистата „ независност " на движењето. Да се зборувале дека нема ништо помеѓу Михајлов и бугарската влада, како што се обидувал да ги убедува Чкатров било исто како да фрлат прашина во нивните очи. Сојузот на МПО барал да се стави крај на братоубиствените акции. Поради тоа ја изгласале декларацијата. Самата резолуција јасно и категорично ги осудувала политичките средства за разрешување на политичките спорови. Таа била еднакво важна како за убиството на Александров, така и за Протогеров, Ѓорче Петров, Јуруков, Низамов, Чаулев и др. Се нарушило следното - единството меѓу одделните независни организации исчезнувало. Аврамов одел да работи за сојузот, а не за ВМРО т.е. не иде како нејзин пратеник. Доколку тој се обидел да ги вовлече организациите во водите на кои и да било-нивен долг било да не му дозволат. Но бидејќи тој немал ништо против неутралноста нема зошто да се вознемирува во врска со тоа прашање. Доколку Аврамов сметал дека требало да се сочува неутралноста како таа на Националниот комитет во Софија, прашањето ќе се ставело во сосема друга форма. За Киселинчев таму немало една независна македонска емигрантска организација[115].

---

115. Ibid, 374 стр.

Таму имало доверливи луѓе кои секогаш го извршувале она кое им било диктирано од ЦК на ВМРО, кога од Задграничното Претставништво, а речиси секогаш ако не од бугарската официјална политика, тогаш барем од некоја политичка партија. Во својата заслепеност Националниот комитет отишол до таму што им припишувал на нив дека контактирале со комунистите. На крајот од писмото Киселинчев истакнува дека тој мислел дека ќе се нашло компромисно решение во врска со прашањето за декларацијата, посакувана од Аврамов тој да станел секретар на сојузот, откако ќе се согласел да се потчинел на решенијата и Уставот. Доколу тој дошол со искрена желба да им служи на тамошните организации, водени од интересите на делото тој ќе го дал тоа кое еден добар син на Македонија можел да го даде. Сепак идната работа ќе била базирана главно на едно целосно разбирање да биле отворени уште од самиот почеток за да не било доцна понатаму.

Борис Зографов во едно писмо од 7 септември 1930 год., дава коментар во врска со превземањето на МПО од страна на михајловистите. Најпрвин конгресот во Јангстаун, Охајо решил да се отстранел т.н. неутралитет. Нивниот секретар уште на самиот почеток на идењето во Америка бил противник на Детроитската декларација, во текот на целата година, иако бил задолжен да ги почитува конгресните решенија и дури повеќе - да биде нивен заштитник и проповедник. Тој пронашол неколку свои помошници надвор од ЦК. Главниот од нив бил Христо Низамов, кој бил соодеветен да се кандидира за претседател на бирото на Конгресот. Настанало подетално гласање дали да се продолжело немешањето во расправиите меѓу македонските революционери и за неосудувањето на едни или други да се дискутирале убиствата како средства за разрешување на споровите меѓу македонските дејци или не - и се изгласало да се престанело со тоа движење. Вмешувањето и неосудувањето на тие крвави средства се изгласало како нешто срамно и самоубиствено за делото на Македонија. Зографов сватил дека бил ставен крај на секоја можност тој да работел како редактор и воопшто како раководител во тој сојуз. По земањето на тоа решение тој писмено дал оставка од редакторството во „ Македонска Трибуна " [116].

---

116. Ibid, 382 стр.

Деветиот Конгрес на МПО бил одржан на 31 август 1930 год., во Јангстаун, Охајо. Незаборавен бил овој конгрес, бидејќи на него се гледал трудот на претходниците кој дал богати организациони плодови, верност кон идејата која ги обединувала, поврзаност кон организациите и сојузот. Побитните решенија за време на Конгресот биле најпрвин дека со целосно мнозинство конгресот го одобрил минатогодишниот ЦК и го ослободил од одговорност. Настанале опширни дебати во врска со прашањето за неутралноста. Сите делегати се изјасниле и како резултат на тие изјаснувања неможело да станува збор дека постоеле две организации и поради тоа да се запазел неутралитетот, дека тој не придонесувал ништо добро за сојузните редови, напротив можел да допринесе за слабеење и поради тоа требал да се поништи. Тие распрашувања нашле место во една посебна резолуција, која конгресот ја изгласал со апсолутно мнозинство. Резолуцијата била објавена во сојузниот весник. Новоизбраниот ЦК го имал следниот состав: претседател - Шанев, потретседатели - Киселинчев и Анастасов, благајник - Попчев, советници - Попов и Чалев и секретар - Аврамов.

Во писмото со датум од 25 март 1930год., Асен Аврамов му објаснува на Иван Михајлов како течеле работите во МПО и какви биле можностите за совладувањето на организацијата. Во врска со гореспоменатата декларација познато му било неговото размислување. Тој му пишува на Михајлов дека само Зографов останал упорен и се протоколирало мислењето дека треба да се потпише познатата декларација. Во врска со неутралноста застанал строго на конгресното решение. Тука Зографов вложил напори да ги убедува дека неутралитетот е таков како тој го разбирал. Понатаму изјавил дека доколку превземат за него решенија ќе дал оставка. ЦК решил да ја запази неутралноста до конгресот. Во врска со врховното тело настанале големи дискусии. Тој не се противел да работи на неговото реализирање, сепак изјавил дека неможеле веднаш да му наложуваат на Националниот комитет да ја прими идејата. Таа со текот на времето сама ќе се наметнела. Секакви гласини се распространувале за односите помеѓу него и Зографов. Во секој број бил нарекуван крвавите раце на Михајлов. Понатаму му објаснува дека имале добар помошник, Христо Низамов со кој се разбирал одлично за се[117].

---

117. Ibid, 389стр.

Во врска со Деветиот Конгрес на МПО, Задграничното претставништво на ВМРО дало критични белешки за Иван Михајлов во едно нивно изложување. Додека на конгресот во Детроит од септември 1928 год., било изјавено дека решително се осудуваат убиствата како соодветно средство за расчистување на некои внатрешни препреки во една македонска организација, а во 1929 год., конгресот во Торонто ги потврдил решенијата за немешање и неучество во крвавото дело на Михајлов, во 1930 год., веќе бил предмет на проценка од страна на пријатели и непријатели на Македонија. Тие истакнуваат дека Иван Михајлов, човек без апсолутно никаков капитал во градењето на македонското ослободително движење имал целосно личен интерес да стигне до некаква рехабилитација пред внатрешниот свет по толкава нанесена штетност. Резолуцијата во Јангстаун била првиот обид со цел да се воспоставело едно пропаднато име и да се воскреснел еден општествен и политички убиен живот. Требало да се знае дека Михајлов не можел да биде корисен за Македонија, за него не постоела Македонија. Тој не ја гледал никогаш како революционер. Според Задграничното Претставништво на ВМРО претставниците на американската организирана емиграција станале жртви на вметнувањето на Михајловиот пратеник и агент. Тие изјавиле дека „ бил примен црв во организмот на сојузот “, а за да се сопрело тоа средствата биле во нивни раце[118]. Борис Зографов упатил писмо до Георги Кулшев со датум 22 октомври 1930 год., во кое му ја објаснил карактеристиката на работата извршена од Деветиот Конгрес на МПО. Тој му објаснува дека дал оставка од редакторството на „ Македонска Трибуна “. Сојузот сам се објавил за неспособен или најмалку не сакал да расудува со сопствени мисли и конечно со напуштањето на т.н. неутралитет сојузот ја отфрла Детроитската деларација т.е. не сакал повеќе да ги одрекнува убиствата. Асен Аврамов и Христо Низамов го внеле отровот станале агенти на лични каузи[119].

118. Ibid, 392 стр.

119. Ibid, 394 стр.

По Конгрерсот немало никаква едногласност. Детроит. Толедо, Гери и Форт Вејн и одделни делегати од други организации имале инструкции да гласаат за запазување на неутралноста. Делегати и јавни привзаници на идејата за признавање на Иван Михајлов, и заедно со нив и Асен Аврамов на неколку пати изјавиле дека не станувало и не треба да станува збор за признавање на некаков шеф на ВМРО, не станувало збор за личности туку за признавање на признатата од Националниот Комитет ВМРО. Гласањето во врска со тоа прашање станало потешко се објаснувало дека немало добро да се направи со отстранувањето на неутралноста.

Асен Аврамов упатил писмо до Петар Ацев и Љубен Димитров во мај 1934 год, во кое ги известил во врска со некои новости за превратот во Бугарија. Тој им кажува дека најголемото злосторство на зевнарите било дека тие ја разделиле војската. Војската почнала да се меша во политичкиот живот и да разрешува политички задачи. Многумина од офицерите не завзеле учество во превратот. Неоспорно било дека за Бугарија настапувале тешки денови[120]. Во една статија во весникот „ Нови денови “ од Софија со датум 7 септември 1934 год., десетина души биле обвинети за убиства и други терористички акции., меѓу овие лица стои и името на Иван Михајлов каде се опишува целата негова физиономија[121].

Врз основа на горенаведеното најпривин треба да се истакне дека во текот на 1929 година се појавил проблемот со нов секретар на организацијата. Како кандидат се појавил Асен Аврамов, родум од с. Скрижево, Драмско, Егејска Македонија, кој бил близок пријател со Иван Михајлов. Раководството на МПО, особено потпретседателот Лазар Киселинчев за да ја заштити организацијата од немакедонско влијание барале доколку дојде и биде одбран Асен Аврамов, да потпишел декларација дека ќе се раководел само според Уставот и Конгресните Решенија на Организацијата. Во писмото од 10 мај Киселинчев особено истакнал дека МПО имала неопходна потреба од писмена декларација од Аврамов, за да можела да се заштитела независноста на раководењето со организацијата.

---

120. Ibid, 426 стр.

121. Ibid, 374 стр.

На 25 септември од Европа пристигнал Асен Аврамов, кој бил пречекан на пристаништето во Њујорк од Лазар Киселинчев. Четири дена се водела дискусија помеѓу нив двајца, па на крајот Аврамов не ја потпишал Декларацијата, со која требал да се потчине на Уставот и заминал за Питсбург[122].

Киселинчев го известил ЦК за разговорите со Аврамов. На 3 октомври Аврамов пристигнал во Индијанаполис. За да не дошло до раздор во организацијата, членовите на комитетот спорот го решаваат по пат на компромис, односно се проценило дека била доволна официјална усна декларација која ја дал Асен Аврамов. Со самото доаѓање на Аврамов на секретарската позиција, организацијата ќе се втурне во прегратките на „ Михајловистичка ВМРО “. Понатаму Аврамов дал оставка од секретарското место на ЦК на МПО и се вратил во Европа на 8 јуни 1932 година.

Од 14 јули секретарската должност ја вршел Љубен Димитров, кој исто така бил повикан од ЦК на МПО да биде редактор на весникот „ Македонска Трибуна “, должност која ја извршувал се до неговата смрт во 1964 година. На 14 декември во Индијанаполис пристигнал Петар Ацев и веднаш се активирал на секретарското место. По барање на МПО „ Прилеп “, од градот Стилтон, Пенсилванија се поставило повторно прашањето за секретарско место, а месното братство сметало дека Лазар Киселинчев бил најпогодното лице за извршувањето на секретарската должност и се подготвувал тоа братство да се отцепи од сојузот на МПО.

Домаќин на Дванаесетиот Конгрес било братството МПО „ Татковина “, во Детроит, Мичиген во почетокот на 1933 година. На официјалната трибина биле наредени слики од Гоце Делчев, Даме Груев, Тодор Александров и за прв пат бил поставен портрет од Ванчо Михајлов. И покрај тоа што се уште била неутрална кон внатрешните крила на ВМРО со ваквиот чин на Конгресот започнал постепено да се приближува МПО кон крилото на Иван Михајлов.

---

122. Вид.: Ставре Џиков, Четврта емигрантска Македонија, Аз-Буки 2007год., 45стр.

Иван Михајлов ја проценил опасноста од растечкото влијание на напредната македонска емиграција, следбениците на Гоце Делчев во Америка, па поради тоа преку активноста на Петар Ацев ќе се трасира патот на неговите големобугарски идеи, за опстанок според него на „ македонските бугари “, како што ги нарекува Македонците. На 19 мај 1934 година, михајловистите ќе доживеат политички и организационен пораз во самата Бугарија, со доаѓањето на владата на чело со К. Георгиев[123].

Тој со посебен декрет ќе ја растури „ михајловистичка ВМРО “, ќе го затвори нејзиниот ЦК, како и некои поистакнати личности на оваа организација.

Во писмото со датум од 20 мај 1939 год., Цветко Анастасов му изложил коментари на Наум Василев за кризите во емиграцијата и членството на МПО. Тој му објаснува дека од 1934 год., злото дошло во нивните редови и тоа не само од Кимон Георгиев. Злото се зголемувало и постојано и најпосле Ацев го државел кормилото во свои раце и тој бил одговорен за несреќата во МПО. Тој кореспондирал со владици, кои му пишувале „ мили “ писма, тој ја бакнувал раката на Андреј Велички. Тој му служел на министерот Наумов во Вашингтон, кој барал по библиотеките по негова наредба книги, спротивни на Бугарија и тој бил иницијатор за да се започнело во весникот Трибуна една нова политика, пријателски кон Бугарија зошто не биле „ бугарини “, дека они требале да се пазат од Светиот Синод, да и се заблагодарат на весникот „ Македонска Трибуна “, кој го знаел нивниот идеал. За Македонија не се пишувало, а за желбите на Бугарија Љубен јавно му имал кажано дека МПО за 10 години ќе исчезнела. Љубен освен како редактор, но и како член на ЦК го одел истиот пат како Ацев. Повеќе пати тој ги обвинувал и двајцата дека не обрнувале внимание на оние кои им пишувале дека не давале одговори и објаснувања дека Трибуна ги вмешала донациите на конгресите, дека грешки правеле дури и во објавувањата, кои се плашеле од луѓето дека не им се давало на членовите да пишуваат во весникот. Сето тоа одело со една молчалива согласност меѓу Ацев и Љубен едниот да диктира како секретар, а другиот како редактор[124].

---

123. Ibid, 46стр.

124. Вид.: Д-р *Иван Гаджев, Иван Михайлов, Отвъд - легендите, ТОМ 2 , част първа, София* 2009., 542стр.

Тој сојуз не можел да се растури. Анастасов повеќе пати се обидувал да направи разни предлози од 1934 год., меѓутоа биле отфрлени. Неколку пати било земено решение Трибуна да се издава два пати неделно. Решенијата биле отфрлени од нив кои се извиниле дека не можеле да ги исполнат. Завршувајќи го писмото тој изјавува дека неговите колеги станале своеволни и неодговорни, го измениле македонскиот идеал, се покажале нечовечни кон него и Шанев, го ослабнале Сојузот.

Иван Михајлов во емиграција живеел шеесетина години. По бегството во 1934 година, во Турција останал четири години, а оттаму заминал во Полска, каде што останал се до нападот на Германија во 1939 година кога се префрлил во Загреб. Цели три години за време на војната бил гостин на Анте Павелиќ. Во Скопје го донеле Германците при крајот на 1944 година за да формира македонска држава под нивен протекторат. Кога видел дека нема никаква поддршка меѓу народот со авион бил префрлен во Австрија, каде што долго време се криел заедно со својата сопруга, потоа заминал во Италија и таму останал до крајот на својот живот. Починал во Рим во 1990 година на 94-годишна возраст. Додека престојувал во Рим, Михајлов најголема поддршка, пред се, финансиска, имал од Македонската патриотска организација (МПО) и од некои македонски и бугарски емигранти од кои создал разгранета агентура за да ги следи состојбите во Македонија. Еден период бил финансиран и од тајните служби на Тодор Живков. Тоа било откриено од страна на Костадин Чакаров. Тој вели дека тие го финансирале Михајлов, зашто бил рожба на бугарската кауза. Георги Младенов, еден од лидерите на оваа пробугарска организација, изјавил дека Михајлов цело време додека бил во Рим добивал определена плата[125].

---

125. http://www.utrinski.mk/

Во продолжение ги приложувам писмата кои биле упатени до г-ѓа Ев.Т. Александрова испратено на 15 септември 1939 год., и писмото испратено од страна на Раководното Тело на Илинденската Организација во 1936 год.

„ Почитувана Госпоѓо,

На 3,4,5,6 и 7 септември во градот Јангстаун, Охајо заседаваше 18- от редовен Конгрес на Македонските политички организации во САД, Канада и Австралија. Во тие трагични денови, кога стои покрај другото и разрешувањето на македонското прашање, Конгресот го наоѓа за свој доверителен долг да ви ја искаже на Вам својата почит. Бидејќи македонските политички организации во градот Јангстаун го носи со чест и достоинство името на незаборавниот Ваш сопруг Тодор Александров, тоа Конгресот искажувајќи ја својата благодарност кон таа организација за одличната подготовка на Конгресот, реши да ве поздрави со тоа писмо и да ви ги искаже своите длабоки уверувања, дека како споменот на нашиот водач е драгоцен за нас, така и делото за кое тој умре е наше дело[126].“

Од горното писмо, кое било упатено до сопругата на Тодор Александров може да се согледа дека МПО „ Тодор Алексадров “, особено го почитувала Александров.

„ Господине Претседателе ,

Раководното тело на Илинденската Организација од свое име и од името на сите илинденци, во врска со XV редовен конгрес, со радост ви упатува од се срце поздрави на Вам и на сите најдалеку протерани наши браќа, конгресистите и гостите на конгрсот. Ви посакуваме здравје, храбар дух и разумно размислување за најплодна работа[127].Запомнете дека „ Илинден “ не беше крајот, а големото начело на светата борба. Таа борба продолжува и ќе продолжи до благосостојба и крај. Таа бара жртви и такви од кои најлесната е да го пожртвуваме животот. Да разберат непријателите дека ако има потреба со крвта ќе се удавиме и сепак ќе се ослободиме!“ Со ова писмо се докажува соработката на Илинденската Организација со МПО, која ја поздравила работата на споменатиот конгрес.

---

126. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1,92/401, Писмо на ЦК на МПО.
127. ДАРМ, фонд МПО, кут.1, 1.1371.1,92/307, Писмо на ЦК на МПО.

### 3.6. Положбата на македонската емиграција во 1941-1945

По окупацијата на Белград и Атина од страна на Германија на 15 и 25 април 1941 год., дипломатската мисија на САД во Софија превземала заштита на југословенските и грчките интереси во Бугарија. Тие настани ја определиле неопходноста од корекции во политичка линија на Македонската патриотска организација (МПО). Ситуацијата им сугерирала на македонските патриоти, дека Големите сили не само што не сакаат да извршат мирна ревизија на Нејскиот договор и да создадат слободна и независна Македонија, но тие покажале решителна спротивност и против жртвуваниот чекор, превзема повторно од Бугарија за окупација на Вардарска и Егејска Македонија.

Дури и силно резервирани кон настаните на Балканот од март до декември 1941 год, за разлика од Велика Британија и Франција, САД внимавале на дипломатските односи со Бугарија. На 12 декември 1941 год., сепак повторно под двојно посилен притисок на Берлин и Рим, Б. Филов и објавил војна на Англија и САД. Па на тој начин настаните од март - декември 1941 год., претставуваат една самостојна етапа во политиката на патриотски организации во Америка во врска со македонското прашање за време на Втората светска војна. Дури е принудена да се согласи со сложноста за создавањето на меѓународното опкружување поради фактот дека членовите на организацијата се граѓани на САД и Канада, МПО демонстрира солидарност со „ослободеното население„ во Вардарска Македонија.

Знаци на корекции во тактиката на МПО се забележуваат пред 1 март 1941 год., ЦК на МПО проценува дека и покрај се официјална Софија единствена појавува грижа за судбината на населението во Вардарска Македонија, и сменетата позиција кон бугарската влада. Прекинати се директни критики на негова адреса. За промената во тонот значење имаат замената на Ќосеивановиот кабинет со тој на Б. Филов, како и отказот во почетокот на 40- те год., од „ зближувањето “ меѓу Софија и Белград. Филов и др. Шпекулациите во печатот биле составени од неточното претставување на бугарските напори да се ангажираат и САД со македонското прашање[128].

---

128. Вид.: Петър Петров, *Македония История и политическа съдба, ТОМ III*, Знание ООД, 1998., 160стр.

Во 1940 - 1941 год., органот на МПО водел остра полемика и со српските емигрантски организации во Америка, настојувајќи Бугарија да „ вложи “ во Југославија за да се ставело крај на македонското прашање. Веста дека Бугарија била принудена да го потпише Тројниот пакт, дало причина органот на МПО да излезе на 6 март 1941 год., со реакциона статија „ Бугарија веќе не е неутрална “. Во статијата недостасуваат напади или обвинувања на адреса на Бугарија за превземениот чекор. МПО вложила напори да ја објасни логиката на настаните на Балканот.

Нов момент во политиката на МПО околу 1 март 1941 год., бил прекинувањето и на спорот со епископот Андреј Велички. На 6 март во всникот „ Македонска Трибуна “ се појавила „ белешка на редакцијата “. Таа била објавена по повод на една дописка поврзана со последните изјави на епископот. Во неа било истакнато дека „ поради важните настани, кои се случуваат “ на Балканот материјалот немало да се отпечати. „ Епископот не претставува повеќе интерес“ декларирала редакцијата. Без да се побара смирување со Андреј, критиката против главата на бугарската православна епархија во Америка просто била прекината. Од март 1941 год., до решението на епископ Андреј да го напушти САД во 1942 год., во врска со објавената војна од Филов, по адреса на Андреј не била објавена ниту една статија или критична забелешка. Таа кривина на црковното прашање исто била израз на формираното разбирање во МПО, дека била потребна полемика со епископот во момент кога бугарската влада ја примила најризичната, но се докажала како единствена формула за ослободувањето на македонското население поради несакањето на сите Големи сили да создадат слободна и независна македонска држава.

По навлегувањето на германските војски во Југославија и Грција на 6 април 1941 год., МПО започнала да го следи внимателено текот на воените дејствија. Еднодневно информативните агенции на САД ја изразувале детално секоја промена настаната во Југославија или Грција. Весникот „ Македонска Трибуна “ го реземирал најважното од информациите и го изложувал на читателите со сите свои коментари и заклучоци[129].

---

129. Ibid, 161стр.

Во бројот од 10 април 1941 биле објавени реакционите статии „ Дванаесетиот час удари “ и “ Кога има лоша политика “. Во првата биле резимирани новостите околу навлегувањето на германските војски во Југославија на 6 април, а со втората биле објаснети причините за крајот на версајска Југославија со кратковидна национална политика на српските шовинисти. На 17 април 1941 год во материјалот „ Југославија ќе се подели “ МПО ги изнела заклучоците исцрпени од американски дипломатски извор во Вашингтон според кој германските војски се подготвуваат да ја расчленат кралска Југославија. Во пунктот 5 на наводниот проект за разделувањето се предвидувало „ создавање на македонска држава како една автономна единица од оние нејзини делови кои биле дотогаш под Југославија и Грција “. Таа автономна единица веројатно требала да се наоѓа под протекторат на Германија и Италија, возможно и на Бугарија.

Врз основа пак на телеграмите испратени од американските коресподенти на Балканот на 13 април 1941 год., органот на МПО информирал слично за стоилјадната манифестација одржана во Софија од емигрантски организации. „ Американските весници соопштуваат уште дека резимирал весникот „ Македонска Трибуна “, дека во Бугарија се обединиле двете „ револуционерни крила “ кои се разликувале помеѓу себе си, поради тоа што едното се залагало за независна Македонија, а другото за присоединување на Македонија кон Бугарија. И двете крила се обединиле околу мислењето дека „ Македонија треба да биде присоединета кон Бугарија“. Во тоа време ЦК на МПО не располагал повеќе со информација за позицијата на братствата во Бугарија кон изведените настани. Затоа ЦК се задоволувал со декларацијата дека во таа балканска држава никогаш немало две „ револуционерни организации на Македонците, туку само една ВМРО. По прашањето за разликите во барањата, комитетот не завзел отворена позиција. Тие докази сепак покажуваат забележува Македонска Трибуна дека дури и вознемирени по 19 мај 1934 год., емигрантските организации во Бугарија и дејците на ВМРО се активизирале[130].

---

130. Ibid, 162 стр.

За разјаснување на нивната позиција ЦК на МПО испратил телеграма до Софија со молба за повеќе информации, поврзани со Македонија. Во втората половина на април 1941 год., весникот „ Македонска Трибуна “, информирал за сите настани. До 24 април населението во Америка било информирано за сите битни настани, поврзани со распаѓањето на Версајскиот систем од договорот на Балканот.

При анализите на воените дејствија на Балканот од 6-19 април, МПО непрекинато истакнувала дека од исходот на борбите во Македонија ќе зависел крајот на војната во тој дел на светот. Посакуваните настани во Вардарска и Егејска Македонија да биле краткотрајни, за да не се донеле големи разрушувања и човечки жртви пред населението. Уште во почетокот на воената кампања сепак МПО истакнувала дека независно од жртвите кои ќе се дале можело да се прифати дека „ дванаесетиот час “ за ослободувањето на Македонија настапил - „ Настаните во Македонија се развиваат пред очекуваните велигденски празници, оние празници кои поробувачите на Македонија ги забранија во продолжение на 20 години да се празнуваат на мајчин јазик. Христос кој беше распнат на крстот на страдањето на правдата и вистината воскреснува. Да веруваме длабоко дека и македонската погазена правда ќе воскресне и тоа во недалечно време “.

Поочигледно, објективноста на МПО при оценувањето на настаните на Балканот во април 1941 год., се забележуваат на начинт по кој организацијата го коментира навлегувањето на бугарските војски во Македонија и нивното пречекување од околното население. МПО го објавила првиот материјал на таа тема на 24 април 1941 год. Во него биле сумирани сите податоци, предадени по тој повод од светски информативни агенци- како на 19 април 1941 год., бугарската војска навлегува во Вардарска Македонија, како на истиот ден војничките делови се пречекани во Скопје. „ Веднаш таму ( во Скопје), бил формиран бугарски комитет за управувањето на градот и околината“, соопштува в. „ Македонска Трибуна “. Слични локални комитети биле формирани во Куманово и мн. други македонски градови. Населението изјавило желба исто Македонија да биде присоединета кон Бугарија “ , пишува „ Македонска Трибуна “[131].

---

131. Ibid, 163 стр.

Официјална Софија не се противела, констатирала МПО уште во крај на април 1941 год., судбината на Македонија да се реши, конечно на евентуална мирна конференција по завршувањето на светската војна. На таа база на 24 април 1941 год., ЦК на МПО објавува декларација со име „ Македонија дише слободно “. Во неа нај јасно и категорично била изразена радоста на македонската емиграција во Америка од отстранување на версајските граници и во Македонија.

Во крајот на декларацијата ЦК на МПО соопштил дека околу 1 мај 1941 год., кај Виена претстоело спроведување на дипломатска конференција која требала да решава специјално со територијалните проблеми во Југоисточна Европа. Дипломатските извори во Вашингтон известувале за три возможни варијанти околу идното уредување на судбината на Македонија. Првиот - создавање од Македонија една слободна и независна држава, вториот - присоединувањето на Македонија кон Бугарија и третиот - постоење на возможност на Бугарија и Албанија „ да си ја поделат Македонија “. ЦК на МПО декларира дека од „ тие начини за разрешување на македонското прашање најдобар е првиот, а најлош последниот “. Вториот не се коментира - околноста во контекстот сепак звучел како посакуван.

Меѓувремено во последната недела на април 1941 год., ЦК на МПО ги добил првите официјални телеграми испратени од македонските братства во Софија. Од нив емиграцијата во Америка ги дознала деталите за зоните, кои биле контролирани од бугарската војска за првите слободни средби меѓу повратените емигранти и нивните блиски во Македонија, за величенственоста, со која биле празнувани велигденските празници во слободна Македонија во 1941 год.

Позицијата на МПО при одразувањето и коментирањето на настаните во Македонија во април 1941 год., одиграла решавачката волја на стоилјадната емигарција во Америка да ги процени правилно настанатите промени на Балканот[132].

---

132. Ibid, 164стр.

Главната улога за вистинската позиција на МПО игра пред се фактот дека организацијата дознава уште пред 1 март 1941 год., дека сите големи сили не сакаат да го разгледуваат македонското прашање и невозможноста тогаш да се создаде слободна и независна држава. Многу суштинско влијание против вистинската позиција на МПО во април 1941 покажува дека и едногласната проценка на сите американски кореsподенти на Балканот дека населението во Вардарска Македонија ги пречекала настаните развивани по 6 април 1941 год., како ослободување.

Вистинска позиција завземена од страна на ЦК на МПО по македонското прашање во април 1941 год., не означува дека организацијата немала никакви тешкотии при новосоздаденото опкружување. За да се одбегнат евентуални санкции или ограничувања, дел од емиграцијата во Торонто превземаат чекор кој цели да засведочи лојалност кон втората татковина, односно собраната сума од 302 долари. Делегацијата на чело со Никола Битов се јавила кај градоначалникот на Торонто Фред Канбој, за да му ги предадела парите како донација на англискиот воено - помошен фонд. Направената снимка за време на средбата била објавена во основните торонтски весници. Ја отпечатил и органот на МПО во в. „ Македонска Трибуна “. Фактот дека тој настан бил, по 1 март 1941 год., покажува дека тоа не било само исполнување на елементарните граѓански задолженија од страна на дел од емигарцијата во Канада.

Втората причина која поставувала некои потешкотии пред МПО во пролетта 1941год., потекнувала од официјалната и неофицијалната информација добиена од Вардарска Македонија според која по 6 април дејците на ВМРО и братствата во Софија ја прегрнале идејата за „ обединувањето “ на Македонија со Бугарија. Ви изминатите 20 години од создавањето на МПО, а и уставната положба на организацијата е идејата за создавање на слободна и независна Македонија како неизменета стратегија на борбата. Македонија се разгледува од МПО како втора држава на Бугарите на Баканот. Следствено се појавила потребата од консултација со македонската емиграција во Софија за изјаснување и на тој важен проблем[133].

133. Ibid, 165 стр.

Телеграмите кои МПО ги добивала во крајот на април 1941 год., како одговор на барањето, испратено во почетокот на месецот не ги давало очекуваните разјаснувања. Под напорот на бликнатата радост дека македонското население е слободно и емиграцијата во Бугарија можела да патува до родните места, во споменатите телеграми се соопштувало пред се за народното ликување на Велигден во Вардарска Македонија и за братската средба востановена на бугарската војска. Во телеграма добиена од Асен Аврамов на пр., исто така се настојувало за обединувањето на Македонија со Бугарија да се примело како единствен реален пат, кој можел да доведе до одбегнување на „ претходната ропска положба “.

Ете зошто во првата половина на мај 1941 год., тоа било телеграмирано до Јордан Чкатров во Софија. Со него ЦК на МПО настојува да го информира следното - Дали сите угледни дејци на ВМРО и Националниот Комитет на братствата биле согласни со идејата на Аврамов - т.е. дали емиграцијата која целосно го прифатила обединувањето, се барале информации точно во кои делови во Македонија биле контролирани од бугарската и германската војска, ЦК споменал особено, дека во Америка немало податоци за режимот воспоставен во Костурско, Леринско и Воденско. Комитетот молел да го информираат исто така за судбината на македонските војници во југословенската војска, земени во плен од германските војски по 6 април 1941 год. Раководството на МПО сакало да му се испратат нови снимки од ослободените делови на Македонија. На крајот ЦК на МПО споменал дека стратегијата на борбата, кон која се придржува емиграцијата на македонската емиграција во Америка можела да се промени само од конгресот на организацијата како и околноста дека МПО била принудена да работи во една многу сложена меѓународна положба - „ Нашата цел е јасно определена и само на конгрес може да се измени. Треба да имаме во предвид и следното - ние сме американски граѓани и како такви сме должни да и служиме со искреност на втората татковина“ се кажува во телеграмата на ЦК на МПО упатена до Чкатров од 19 мај 1941 год[134].

---

134. Ibid, 166 стр.

Второто барање од страна на МПО било добиено во Софија. Со одговор бил натоварен Димитар Чкатров. Под формата на опширно добредојде до Дваесетиот конгрес на МПО, Чкатров многу тактично завземал однос кон поставените прашања. Во почетокот на писмото биле reземирани тешките борби водени од македонското население за слобода и човекови права. На МПО и бил признат ревносен допринес, еднаков на тој даден од Сојузот на македонските братства за „ спроведувањето на општото дело“- ослободувањето на Македонија.

Д. Чкатров споменал дека се чувствува среќен од можноста за прв пат да пишува лично до МПО, неограничуван од никого во Софија. Тешките денови на страдањата веќе поминале. Сите Македонци имале такво мислење. Ете зошто и по поранешните дејци на ВМРО преовладувало убедувањето каде и да има Бугари во светот да се обединат околу идејата за „ целокупна Бугарија “. Чкатров истакнал дека борбата за ослободување на Македонија имала смисла само ако се осигурало исполнувањето на крајната и највисоката цел - единството на бугарскиот народ - „ Нашата борба речиси е крунисана со успех, пишува тој до ЦК на МПО. Поминаа многу тешки времиња, а можеби ќе настапат поподли сепак нашиот идеал за ослободување и обединување на бугарскиот народ треба да остане свет, за да се покажеме достојни синови на славните дедовци.. За сите од нас.. продолжува Чкатров, најважното е тоа дека жестоките потиснички држави се разбиени и провалени и ние стоиме денес пред една светла иднина за која ќе биде потребна целокупна енергија на бугарскиот народ. Како што посакуваме единство и успех на вашиот сегашен конгрес се сметам за среќен дека сум ваш брат и ви ја изразувам својата благодарност за целокупната помош која вие ми ја испраќате и убеден сум дека ке бидете едногласни и обединети за големината на целиот бугарски народ и обединувањето на сите наши браќа“. Во крај на писмото се искажува надежта дека Дваесетиот Конгрес на МПО ќе ја даде моралната подршка на идејата за обединувањето на Бугарите како најрадикално средство за разрешувањето на македонското прашање. Со ова се истакнува пробугарската ориентација, како последица од дејствувањето на Чкатров, за кој знаеме дека бил под силно влијание на Иван Михајлов[135].

---

135. Ibid.

Одговорот на второто прашање до Софија се добило во САД дури во крајот на август 1941 год., непосредно пред свикувањето на Дваесетиот Конгрес на организацијата. Тоа значи дека пред летото на 1941 год., основниот проблем, кој станал повод за преписката - дали е постигната целта на борбата, а оттука дали и МПО исто така требала да го подржи безусловно извршеното фактичко обединување меѓу слободна Бугарија и Вардарска Македонија или пак да ја запази својата сотогашна стратегија, не била усогласена конечно со лидерите на братствата во Софија. Во статијата „ неколку збора " објавена во в. „ Македонска Трибуна " на 15 мај 1941 год., на пр., таа позиција била објаснета на следниот начин „ по турскиот режим дојде режимот на Белград и Атина кој го одзема и она кое го имаше македонското население под турско.

Анализирана подетално, позицијата на МПО можела да се објасни така - сите податоци од Скопје говорат дека населението во Македонија ги пречекало настаните по 6 април 1941, како ослободување. Доколку проблемот на главната цел на борбата запишана во Уставот, можела да се дискутира сериозно само на конгрес, тоа ЦК на МПО го перцепирал во летото на 1941 единствено вистински потфат, од мај до конгресот во септември совесно да се одбегнувала секоја дискусија и воопшто допир до прашањето за стратегијата, запишана во документите. ( т.е. никој не поставувал прашања дали вистински е решено македонското прашање со обединувањето или не). До дискусиите на конгресот МПО просто продолжила широко да ги одразува настаните во Македонија без каква и да било цензура. На тој начин ЦК на МПО собирал огромна информација, против која се базирала работата и решенијата на Дваесетиот конгрес. Во исто време патриотската организација извршила огромна корисна работа за популаризирањето пред американското општество на она, кое доскорешното поробено население само смета за вистинско, прогресивно и праведно за себе си. Така до летото 1941 год., всушност било времето на најактивна кампања за распространување и толкување на суштината на процесите и настаните кои се случувале во Вардарска Македонија по промените, во април 1941 год[136].

---

136. Ibid, 167 стр.

Централно место во информацијата за Македонија, распространувана од МПО во Америка во летото 1941 год., завземале податоците за изградувањето на акционите комитети во ослободените области на Вардарска Македонија и воспоставувањето на бугарската администрација таму. Главна задача и целта на сите комитети според толкувањата на МПО, биле да се гарантира општествениот ред до пристигнувањето на бугарската војска и нормализирањето на ситуацијата. Главен говорник бил активен учесник во ослободителната борба Страхил Развигоров - син на легендарниот македонски војвода Мише Развигоров. Во Велес според в. „ Македонска Трибуна " на чело на граѓанскиот комитет застанал инжињерот Коста Ванев, храбар Македонец, кој бил почитуван од целиот град. И покрај големите препреки создавани од Србите во 1938 год., Ванев бил одбран за бугарски пратеник во белградското собрание. Органот на МПО соопштува, дека за претседател на акциониот комитет во Скопје е одбран пратриотот Ст. Стефанов.

Емиграцијата во Америка била информирана од МПО, дека деловите од Вардарска Македонија, преминале по 6 април 1941 год., во границите на бугарската окупационна зона, се обединиле административно во две нови области - Скопска и Битолска. За директор на Скопската област бил назначен А. Козаров, а за директор на Битолската - Т. Павлов. И двајцата биле активни учесници во националноослободителното движење.

Особено изведуваните се преобразувани во Македонија, ги опишал К. Црнушанов во „ Во слободна Македонија ", испратена во јуни 1941 год., за в. Македонска Трибуна. Како целина со таа информација, распространета во Америка, МПО ја заштитува убедувачки таа теза дека македонската емигарција го пречекала ентузијастички распаѓањето на версајка Југославија. На нејзино место поробеното до тогаш население само го изградува системот за самоуправување, која се комбинира хармонично со неизбежната военовременска администрација до крајот на војната. МПО докажува дека населението во Македонија ја изградило само новата власт и дека владата во Софија ја признала и ја почитува таа администрација[137].

---

137. Ibid., 166 стр.

Во летото на 1941 год., МПО имала голема заслуга за безпристрасното распространување во Америка и на вистината, поврзана со огромна урбанизирана дејност, распространета од новата бугарска администрација и за богатиот културен живот, во ослободените делови на Вардарска Македонија. Една од првите задачи на администрацијата според в. „ Македонска Трибуна “ била да се воспостави примерен ред во населените места.

МПО распространувала во САД и Канада драгоцени докази за напорите кои биле вложувани од новата бугарска администрација во Македонија, за ослободувањето на интернираните Македонци до 6 април 1941 год., како и военоплениците паднати во германски раце. Многу информации распространувала емиграцијата во Америка за обновувањето на насилно разрушените по 1919 год., бугарски културно - просветни институции и друштва во Македонија и Бело Море. Уште во мај 1941 год., во Солун бил изграден „ Бугарски клуб “.

Седиштето му било на „ Комнином “ зад хотелот „ Медитеран “. Негов претседател бил Неделко Чаушев. На иницијатива на клубот повторно било отворено основно училиште „ Св. Кирил и Методиј “ во градот. На 18 септември 1942 год., в. „ Македонска Трибуна“ објавил слична информација за започнатото обновување на бугарскиот културен живот во градот Скопје.

МПО распространувала материјали во Америка за големите прослави одржани во Македонија во врска со празникот на словенската писменост и култура во мај 1941 год., и при првото слободно одбележување на 38- та годишнина од Илинденското востание во август. На 12 јули редакцијата на в. „ Македонска Трибуна “ апелирала до сите околни организаци на МПО да ја зголемат финансиската помош за весникот, за да се зголеми тиражот. Од мај 1941 год., в. Македонска Трибуна веќе се добивал во Бугарија и Вардарска Македонија[138].

---

138. Ibid., 171 стр.

По добивањето на второто барање од ЦК на МПО до Националниот комитет на македонските братства во Софија на 22 мај 1941 во редакцијата на в. „ Македонска Трибуна " била испратена кратка телеграма особено за тоа прашање. Таа гласела „ италијанските војски ги окупирале следните македонски градови - Дебар, Кичево и Гостивар, западно од Скопје. Германските војски ги окупирале Костурско, Леринско, Воденско Солунско и Кукушко. Сите останати македонски области кои беа под српска и грчка власт, се окупирани од бугарската војска ". На 17 јули в. „ Македонска Трибуна " објавувила редакциона статија „ неправда кон Македонија ". Тоа всушност била декларација на ЦК на МПО поврзана со политиката на италијанците, која има за цел присоединување на делови од Јужна Македонија кон територии на повоената албанска држава. „ Таа новост не се пречекува добро во стариот крај пишува органот на МПО. Таа направи непријатно тежок впечаток и меѓу нашата емигарција во тој континент (Америка). Во дадената на Албанија македонска земја влегуваат околиите: Дебарска, Кичевска, Тетовска, Гостиварска и Струмичка. Огорчувањето од таа неправедна постапка се засилува - далеку на Македонија. Македонија не треба да биде повторно делена! Таа треба да живее целокупен културен, економски и политички живот! Само така може да се стави крај на оганот ".

Дваесетиот конгрес на МПО бил спроведен од 31 август - 3 септември 1941 год., во градот Акрон, Охајо. Отчетниот извештај на ЦК на МПО дал најцелосна оценка за суштината и промените, настанати во Македонија во 1941, исто така и за позицијата на МПО кон настаните. Изложувањето во извештајот започнал со возникнувањето и суштината на македонското прашање. Се истакнало дека Париската мировна конференција во 1919 год., си „ поиграла " со светото право за самоопределување на народите, прокламирано од Вудро Вилсон во крајот на Првата светска војна. Со фрагментацијата на Македонија бил извршен „ еден ужасен престап ". Тоа е основната претпоставка за новата драма, изживеана меѓу 6 и 19 април 1941 год. На таа основа конгресот го определил распаѓањето на версајските граници на Балканот во април 1941 год, како неизбежна последица[139].

---

139. Ibid, 174стр.

Дваесетиот конгрес на МПО ја потврдил официјално позицијата на организацијата, дека по 6 април 1941 год., населението во Вардарска Македонија добило национално ослободување и изградиле бугарска народна администрација во областа. Тиранијата на Белград и Атина била отстранета. Бугарските училишта во Македонија, кои биле затворени од српските и грчките управници, по неколку денови ќе бидат отворени. Во црквите во Македонија повторно се одржувале молитви на бугарски јазик. Во извештајот бил упатен жесток укор за оние, кои им нарачале непријатели и за оние кои биле подготвени да го погубат Иван Михајов - „ достојниот и сакан водач на македонските бугари ". Обидите за ослободување на окупационни зони во Македонија од страна на Германија и Италија биле осудени категорично од Дваесетиот конгрес на МПО. Тие се класифицирани како нова појава на старата политика протукркана од Големите сили во Југоисточна Европа - независно од раководствата. И во отчетниот извештај и во резолуциите на конгресот патриотска емиграција во Америка протестирала против окупационите зони кои можеле да доведат по војната до присоединување на соодветните делови кон Албанија и Грција.

Без да биде споменато името Бугарија, во извештајот и документите, изгласани од Дваесетиот конгрес, се заштитувала веќе познатата бугарска позиција - конечно уредување на македонското прашање од меѓународна гледна точка ќе биде на идната светска конференција за мир при задолжително запазување на целоста на македонската земја и на населението. Конгресот го определил како една од најважните задачи на ЦК на МПО во 1942 год., да работи во таа насока. Со таа позиција МПО демонстрирала висока политичка зрелост. Дваесетиот конгрес на организацијата не го ставала под никакво сомневање она кое штотуку ослободеното население во Вардарска Македонија сами го примаат како праведно решение на националниот проблем со оглед на нивната идна судбина. МПО дала пример како ослободителното дело не требало да се оценува единтвено само од една однапред одбрана позиција. Борбата за национална слобода била сложен и тежок историски процес[140].

---

140. Ibid, 175 стр.

Резолуциите изгласани од Дваесетиот Конгрес на МПО на 3 септември 1941 год., ја потврдуваат основната позиција на конгресот. Дваесетиот Конгрес на МПО дал да се разбере дека не Бугарија, туку повторно доминантните сили на Балканот во 1941 год., се стремеле да го наметнат далежничкиот принцип.

Политичката линија утврдена официјално од Дваесетиот конгрес на МПО се реализирала и во есента 1941 год. Тогаш МПО демонстрирала најочигледна подговеност да се спроведе борба против секое општествено движење или организација од небугарско потекло, кои си поставиле за цел поставувањето на националноослободителната борба во Македонија. Основниот противник во таа насока организацијата го гледа во октомври и ноември 1941 год., во т.н. „ Движење за словенско единство “, кое се појавило пред граѓаните на САД и Канада од словенско потекло. На таа база МПО била соочена пред еден нов и исклучително сложен проблем , кој ќе ја придружува нејзината дејност во целиот период на Втората светска војна.

Кон почетокот на 1941 год., само во САД живееле над 10 милиони граѓани, родени во словенските страни на Европа. Земени како компактна маса, тоа е еден значаен фактор во внатрешно-политичкиот живот на големата северoамериканска република - особено ако тој успее да се обедини, да создаде свои структури и раководни органи. Објективните претпоставки за процесот биле на лице, целиот словенски свет со исклучок на Бугарија, во еден или друг степен бил завалдеан и доминиран од Германците. Точно на таа база сепак интересите на целата 10- милионска словенска емиграција во Америка се вршат дијаметрално спротивни на чувствата и копнежите на населението во тој дел на светот. И Полјаците и Чесите и Србите и Русите биле заинтересирани од поразот на Германија и нејзините сојузници. Слична разврска на светскиот конфликт за нив означувало воспоставување на версајското статус кво ново ропство за Македонија, разединување и денационализација. Ете зошто МПО не ја примала идејата за изградба на општословенски комитет во Америка и не станала нивен член[141].

141. Ibid, 177стр.

Заштитувајќи ја националната кауза, МПО не се колебала да влезе во отворен спор со едно движење чии идеи не гарантирале рамноправно третирање на македонското прашање при повоеното уредување на светот. Само по себе сепак тоа опкружување на праксата ги ограничувало можностите на МПО да најде влијателни сојузници пред емигрантските заедници и организации во Северна Америка. Од 1941 год., до крајот на Втората светска војна МПО дејствувала самостојно. Патриотската организација продолжила да ги заштитува позициите, формулирани во резултат на анализа на изменетите насатани во Македонија по 6 април 1941 год. Бугарската патриотска емиграција во Америка била елиминирана како фактор, кој работи во корист на праведната национална кауза. На испитување биле ставени задолженијата на емиграцијата кон „ втората татковина " и долгот кон „ фактичката татковина ". До мај 1945 год. однесувањето на МПО ќе влијае непроменливо од хамлетовската дилема, која од двата долга да се исполни со предност. Од јули - август 1943 год., САД ја намалила заинтересираноста кон печатените изданија на МПО. Органите за безбедност во државата прекинале да се интересираат што се печати и каде се проширува ЦК на МПО. Од оваа состојба имало корист информативното биро на МПО во Сент Луис. Во јуни 1943год., раководителот на информационото биро Христо Атанасов ја намалил цената на книгата „ Трагичниот полуостров ". На 10 јуни тој објавил во **весникот „ Мекедонска Трибуна**" апел до сите македонски иселеници во САД и Канада да го искористат случајот и да го распространат материјалот на американското и канадското општесво. Емиграцијата го прифтила апелот. Христо Бозуков од град Сент Луис купил 60 бр. од книгата „ Трагичниот полуостров " и ги доставил во библиотеките во Њујорк, Бруклин , Сент Луис, Флорида и Ајова. Преку писма раководтвата на многу американски културни институции се заблагодариле за донациите. Напоменале дека добиената книга од Информационото биро на МПО им помагало на читателите подобро да ја сватат состојбата на настаните што се одвивале на Балканот во Втората светска војна. Од јули 1943 год., во весникот „ **Македонска Трибуна** " се појавиле статии, во кои се изјавувало „ Да ја браниме Америка, добитничката на правдата, но да не ја заборавам и Македонија "[142]!

---

142. Ibid, 180стр.

Или: , За мене Македонија е сè. Ќе дојде денот кога и ние ке си го кажеме зборот ''. Една од дополнителните причини за зголемениот оптимизам меѓу емиграција во Америка од средината на 1943год., се корени во полн расцеп, кој настапил помеѓу одделните српски политички фактори кои што претендирале да играат улога во повоеното уредување на Југославија. Воедно да диктираат политика и за македонското прашање. МПО внимателно го набљудувала и овој процес. Уште во април 1943год. **в.** „ **Македонска Трибуна** " го препечатила отвореното писмо, испратено од Филип Марковиќ - секретар на главната српска емиграциска организација во Америка (СНСОА), до ополномоштениот министер Сава Косановиќ акредитиран во Вашингтон од емиграциската влада на крал Петар со седиште во Лондон. Со груби и непромислени зборови Марковиќ му се заканил на Косановиќ со физичка расправа, ако претставникот на кралот си дозволува да се заканува СНСОА и неговата почитувана претседателка Рут Мичел[143].

Во горенаведеното ја разгледавме активноста на МПО како се развивала почнувајќи од 1922-1945 год. Најпрвин беа анализирани конгресите, а потоа и декларациите донесени на истоимените. Во врска со организациониот, политичкиот па и финансискиот дел најмногу информации добиваме од Извештаите на организацијата, со кои ЦК го оправдувал својот мандат во годината пред Конгресот. Во поглед на контактите на организацијата, потребно беше да се разгледаат писмата за да дознаеме со кого контактирала. Сојузот на МПО имал контакти со ВМРО на Тодор Александров. Особено бил почитуван од нивна страна. Исто така одржувала контакти и со Илинденската Организација. Потоа започнува да контактира со протогеровистичката и михајловистичката струја. Самиот Иван Михајлов ќе се ангажира преку одредени лица како Асен Аврамов, да ја стави организацијата под негово влијание.

143. Ibid.

## Заклучок

За мене истражувањето на оваа организација претставуваше вистински предизвик, најмногу поради тоа што од некои автори е забележано дека оваа организација во почетокот имала македонска ориентација, се стремела за остварувањето на илинденските идеали, а по доаѓањето на Јордан Чкатров во Канада се вели дека тој успеал да ја стави оваа организација под влијанието на Иван Михајлов, а за таквата организација не постоела македонска нација. Македонија е географски поим, а Македонците се Бугари[144]. Односно ова е тврдењето на д-р Иван Катарџиев.

Според мене најпрвин треба да се тргне од фактот дека станува збор за македонско население, иселено од својата татковина - Македонија, од најразлични политички и воени причини. Понатаму треба да се забележи моментот дека македонската емиграција успеала да се обедини во една моќна организација, МПО. Врз основа на циркуларните писма на ЦК на МПО со кои располагаме како изворен податок, на секое едно писмо стои Ваши за слободна и независна Македонија и по 1927 год., во нив се вели дека македонската емигарција ќе продолжи достојно да работи за народното дело, дека ќе и служи на македонската кауза, дека слободата, правдата и независноста за кои копнеела долги години Македонија неминовно ќе дојдат. Понатаму се истакнувало дека само преку создавањето на една независна Македонија, можело да се создаде траен мир на Балканот.

Моето тврдење во врска со ориентацијата на оваа организација е дека најпрвин станува збор за легална емигрантска македонска организација, која се стремела за остварувањето на илинденските идеали, и со тие определби и останала, не се променила платформата на организацијата. Треба да се земат во предвид и последиците од влијанието на бугарската пропаганда, која се стремеше да ги прикаже Македонците како Бугари, па македонски блгари, ова организација како бугарска, или како што се наведува во бугарските извори како македоно-бугарска.

144. Д-р Иван Катарџиев, Македонија и Македонците во светот, ММ Скопје 1996год., 89стр.

Станува збор за македонска организација, чие име е МПО, Македонска патриотска организација, или како што се наведува во бугарските извори Македонска патриотическа организација, пишува Сојуз на македонските политички организации во САД и Канада, во ниеден момент не се споменува бугарска. Самата организација била навистина моќна, живеела од донации, даренија, месечни претплати за весникот „ Македонска Трибуна “, кој одиграл значајна улога во животот на македонската емиграција. Вистина е фактот дека контактирале со Иван Михајлов, па овие луѓе во овој период не знаеа дека тој стои зад атентатот на Тодор Александров, зарем да знаеле ќе контактирале, а притоа ќе ја почитуваат и жената на Александров. Во писмото од 14 октомври 1937 година, Иван Михајлов во одговор му се обратил на ЦК на МПО, а ќе го споменам моментот дека дури тој самиот истакнал дека дејноста на МПО ќе била поголемо сведоштво за македонскиот патриотизам и духовното растење, па тој не споменува бугарски патриотизам или македоно - бугарски.

МПО цврсто верувала дека кога ќе се основала слободна и независна Македонија на сите етнички групи што живеат во неа, ќе им биле загарантирани еднакви права, вклучувајќи го и правото да го бранат своето национално потекло. Тогаш Македонија ќе била спремна да и се придружи на Европската Заедница. Тогаш МПО ќе ја постигнела нејзината патриотска и хумана должност.

Во врска со членувањето во организацијата, член можел да биде само оној кој бил родум од Македонија. Интересно е интервјуто кое кое го дал Џорџ Лебамов, за Капитал од 2009 година., во кое во врска со ориентираноста на организацијата тој изјавил:

„ Убиството на Тодор Александров се случува на 31 август 1924 година. Тогаш е конгресот на МПО. Американците тоа го дознаваат една недела подоцна поради доцнењето на вестите во тој момент. Во тој период МПО беше на крстопат. Кон кого ќе се присоедини кон левите или кон десните сили на ВМРО. Јордан Чкатров под влијание на Иван Ванчо Михајлов и на другите, но и под силно влијание на официјалната бугарска политика се присоединува кон десните сили, значи кон Михајлов [145]“.

---

145. Вид.: http://forum.all.bg/showthreaded.php/Cat/0/Number/2541194/page/2

Не можеме да му судиме на никого, врз основа на околностите и времето во кое живееле. Михајлов во тој период бил доста влијателна личност во бугарската јавност, а тоа го знеме преку самото тоа што целта му била да го превземе раководството во ВМРО на Тодор Александров, бидејќи тоа и одговарало на бугарската влада. Сега се поставува прашањето зошто МПО се поврзува со Иван Михајлов? Поради фактот дека Чкатров бил под негово влијание?

Според мене пробугарската ориентација, односно потпаѓањето под бугарското влијание започнува подоцна од 1927 год. Тоа бил сепак еден процес за кој бил потребен еден одреден период. Како што кажав не можеме да му судиме на никого, бидејќи доколку ги земеме во предвид околностите најпрвин под кои биле формирана самата организација, сепак станува збор за меѓувоен и воен период, во кој добро познатите српска, грчка и бугарска пропаганда дејствувале активно. По убиството на Тодор Александров, делбите во самата ВМРО на протогеровистичка и михајловистичка дале придонес и за судбината на оваа емигрантска организација. Потребно е да се изнесе фактот дека МПО била неутрална, не сакала да завизма нечија страна. Меѓутоа Асен Аврамов потпаданл под михајловистичко влијание заедно со Христо Низамов. Од 1930 година веќе започнало да се чувствува пробугарското влијание., во поглед на разрешувањето на македонското прашање. Од разните документи согледавме дека најпрвин се залагале да се формира независна македонска држава во нејзините природни граници, но сега веќе како предлог ќе биде дадено и припојувањето на Македонија кон Бугарија. Секако најлогично би било да се создадела независна држава, меѓутоа и овој предлог не бил отфрлен стоел како опција. Всушност тоа било желбата на Иван Михајлов, која не му се исполнила.

Во врска со запазувањето на илинденските идеали и отпразнувањето на празникот Илинден, во весникот „ Македонска Трибуна “, на 1 август 2013 година, била објавена статија по повод 110 годишнината од Илинденското востание[146].

---

146. Вид.: Македонска Трибуна, 1 август 2013 год., 3 стр.

На 5 август 2010 год., во истоимениот весник се изразува почит кон Тодор Александров. А додека пак во истоимениот број од весникот му се оддава и почит на Иван Михајлов, по повод 20 годишнината од неговата смрт[147].

Интересна за анализирање е статијата напишана од д-р Питер Џорџ, именувана „ Дали сум јас Македонец? “, објавена на 9 јануари 2014 година. Во оваа статија тој објаснува дека уште на млади години се интересирал за неговата национална припадност. Тој изјавува: „ Незнаев што да заклучам - Американец, Македонец, Бугарин, Турчин, Србин, Југословен или Грк? Сите мои убедувања водат кон тоа дека јас сум бил роден во близина каде што е денешна Битола, Македонија. Па може да се каже „ очигледно е ти си Македонец “. Но моите родители отсекогаш тврдеа дека ние сме Бугари “. Од ова се гледа колку било силно влијанието на бугарската пропаганда. Во тој контекст тој кажува дека неговиот татко кога пристигнал во САД од Битола, во неговиот пасош, стоело дека е Турчин според национална припадност[148].

Како резултат на влијанието на пропагандите Лебамов го изјавува следното:

„ Во турската администација од времето на Отоманската Империја, македедонското население етнички се изјаснувало како бугарско. Кога оделе во Америка, во времето за кое ви зборував, се изјаснувале како Бугари. Но, знаете оние кои оделе од Вратница, на пример, во Америка се изјаснувале како Срби. Не сите од Вратница се изјаснувале како Срби. Од Теарце, на пример сите се изјаснувале како Бугари [149]“.

Според мене, познато е дека влијанието на пропагандите беше навистина силно, кои сакаа да го прикажат македонското население како бугарско, грчко или пак српско.

---

147. Ibid, 5август 2010 год. , 2 стр.

148. Ibid, 9 јануари 2014год. , 1стр.

149. Вид.: http://forum.all.bg/showthreaded.php/Cat/0/Number/2541194/page/2

Во извештајот на ЦК на МПО, за неговата дејност од 1936- 1937 год., претставен на Шеснаесетиот редовен конгрес на МПО, во градот Индијанаполис, Индијана, пишува дека во името на лозунгот **МАКЕДОНИЈА ТРЕБА ДА ИМ ПРИПАЃА НА МАКЕДОНЦИТЕ**, пред 15 години македонската емиграција ги ставила основите на моќниот сојуз на македонските политички организации[150]. Во повеќето извештаи издадени од ЦК, согледавме дека македонската емиграција се повикувала на тој лозунг. Од декларациите согледавме дека се залагале за правилно разрешување на македонското прашање, за кое Големите Сили и Друштвото на Народите не превземало ништо преодредено, според договорот за заштита на малцинствата, а српската и грчката пропаганда продолжиле со нивната политика на асимилација и денационализација.

Сојузот на македонските политички организации, била најмоќната македонска емигрантска организација, чие членство било по потекло од Македонија. Како резултат од последиците на бугарската пропаганда, нејзиното членство подоцна ќе се изјаснува со бугарска националност[151]. Во врска со контактите со Иван Михајлов, веќе наведовме дека тие ќе започнат со доаѓањето на Јордан Чкатров на секретарското место во организацијата. МПО нема да претставува закана за Иван Михајлов, па поради тоа ќе продолжи да егзистира.

---

150. Вид.: http://forum.all.bg/showthreaded.php/Cat/0/Number/2541194/page/2

151. Вид.: http://strumski.com/

# ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## Нобјавени извори

### Државен Архив на Република Македонија (ДАРМ)

1. Фонд МПО 1371

### Објавени извори

1. Иван Михайлов и МПО, Част първа, Документи 1918-1970, Иван Гаджев , Софија 2009

### Весници

1. Македонска Трибуна

### Превземени видеа од интернет

1. http://forum.all.bg/showthreaded.php/Cat/0/Number/2541194/page/2
2. http://strumski.com/
3. http://www.utrinski.mk/

## Литература


1. Иван Катарџиев, *Македонија и Македонците во светот*, ММ Скопје 1996.
2. Иван Катарџиев, *Македонската Полоитичка емиграција по Втората светска војна*, Архив на Македонија, Скопје 1994.
3. Ставре Џиков, *Четвртата емигрантска Македонија, Аз- Буки 2007.*
4. Танас Вражиновски, *Организацијата обедниети Македонци, Матица Македонска, Скопје, Мелбурн 1998.*
5. *Иван Гаджев, Иван Михайлов - Отвъд легендите, ТОМ 2 , част първа, София 2009.*
6. Петър Петров, *Македония История и политическа съдба, ТОМ III*, Знание ООД, 1998.

7. *Македонски алманахъ*, Ц.К. на Македонските политически организации въ Съединените шати, Канада и Австралия, Индиана, 1940 год.
8. Драгомр Богданов, МРО (Macedonian Patriotic Organization) 1922-2012. 90 Years Struggle for Freedom, Chicago, Il, USA, 2012.
9. Златна Книга 100 години ВМРО, Д-р Александар Трајановски, Д-р Михајло Миновски, Д-р Александар Апостолов, Д-р Даринка Пачемска- Петреска, Љупчо Георгиевски, Глас на ВМРО - ДПМНЕ, Скопје 1993.
10. Зоран Тодоровски, „ Тодор Александров “, Државен архив на Република Македонија, Македоника Литера, Скопје 2014.
11. Д-р Никола Жежов, Македонското прашање во југословенско-бугарските дипломатски односи (1918- 1941 ), Скопје 2008.
12. Иван Михайлов, „ Превратътъ въ България отъ 19 май 1934 година и Македонското освободително дело “, публикувано в „ Спомени IV - Освободителната борба 1924-1934 г. (продължение) “, Indianapolis, USA, 1973 година.
13. Македонска патриотична организация в САЩ, Канада, Австралия, Нова Зеландия и Южна Америка - " Македонецъ, Българинъ и Македонска Борба ", публикувано във в. " Македонска Трибуна ", брой 113, Indianapolis, USA, 1929 година.
14. Иван Михайлов, " Тодор Александров ", публикувано във в-к " Македонска трибуна ", САЩ, 20 август, 1987 година.
15. Иван Михайлов, " Спомени IV - Освободителната борба 1924-1934 г. (продължение) ", Indianapolis, USA, 1973 година.
16. Иван Михайлов, " Македония - Швейцария на Балканите ", Индианаполис, САЩ.
17. Иван Михайлов, " Quo vadis, Bulgaria ", I изд., Индианаполис, САЩ, Печатница " Македонска трибуна ", 1937 година.
18. Иван Михайлов, " Спомени II - Освободителна борба 1919 - 1924 г. ", Льовен, Белгия, 1965 година.
19. Македонска патриотична организация в САЩ, Канада, Австралия, Нова Зеландия и Южна Америка - " The Macedonian Slavs. Their National Character and Struggles ", Indianapolis, Indiana, USA, 1927 година.

Иван Михайлов, " Спомени III - Освободителна Борба 1924-1934 ", Льовен, Белгия, 1967 година.